Ѓорге Иванов

Вовед

Нашиот регион во минатото најчесто се спомнувал како *буре барут*, простор кој поради нетрпеливоста и конфликтите ја загрозувал безбедноста на регионот, но и на континентот. Ваквата состојба најчесто произлегувала, меѓу другото, и од политиката *divede et impera,* која, прво, влегла во дипломатскиот речник, а потоа и во науката за меѓународните односи и како поим *балканизација.* Изворно, смислата на латинскиот поим *Divede et impera,cum radix et vertix imperii in oboedientium consens rata non sunt* означувала метод на староримските освојувачи во управувањето со Римската Империја која во превод би гласела: *Подели и владеј, доколку коренот и врвот на власта не израснуваат од согласноста на поданиците.* Истата политика ја применувала и Хабсбуршката Монархија во владеењето со народите под својата круна, а подоцна така се именувала и севкупната политика на големите сили кон другите народи.

На нашиов простор, вообичаено, имало премногу историја а премалку географија. Тука се случувале драматични пресврти кои суштествено влијаеле на положбата и односите на народите кои живееле тука но и на односите на надворешните актери на балканските збиднувања. Тие пресврти биле поврзани со промените во соседството, односно Медитеранот и средна Европа, но и со промените во односите на моќта на големите сили, особено доколку настанувале како последица на засилување или слабеење на онаа голема сила која ги поседувала територииите од овој регион, или била во негово соседство и како таква имала значајно влијание на состојбите и односите на народите од овој простор.

Токму на овој регион честопати се повлекувале граници на поделби кои биле резултат на конфликтите забележани како борби и делби меѓу Истокот и Западот. За мало потсетување, тука се случила поделбата на Римското Царство на источен и западен дел; тука се одвивале конфликтите меѓу византиските и германско-римските владетели во средниот век; тука е и расколот на христијанската црква на католичка и православна; конфликтите меѓу христијанството и исламот повторно се тука; исто се однесува и за сите оние борби и сплетки меѓу европските

сили и народите кои живееле во Отоманската Империја познати како *источно прашање*.

По Првата светска војна и исчезнувањето на главните актери на источното прашање (се распаднало Отоманското Царство, Австро-Унгарската Монархија и Царска Русија), се мислело дека на Балканот ќе престанат поделбите Исток-Запад. Подоцнежните историски околности, иако во поинаков меѓународен контекст, по Втората светска војна, придонесуваат повторно регионот да стане дел од новите поделби условени со промените на односот на сили. Имено по политиката на сојузниците од антихитлеровата коалиција од Јалта, на овој поширок простор почнува студената војна со прокламирањето на Трумановата доктрина за помош и поддршка на Турција и Грција, поради нивната загрозеност од Советскиот Сојуз. Со оваа политика САД ќе ја отпочне подготовката за преземањето на традиционалното британско присуство и влијание во Средоземјето и земјите кои имале најголемо стратешко значење од аспект на спречувањето на советското присуство и присуството во Медитеранот.

Покрај наведеново нашиот простор во минатото бил населуван со народи од различни етнички групи, така што надворешните и внатрешните преселби биле многу изразени. Конфликтите меѓу домашните и странските завојувачи доведувале до чести територијални и политички промени кои ја зголемувале измешаноста на народите на овој простор. Непостоењето на етнички граници со текот на времето станала вообичаена појава која била повод за меѓусебни конфликти меѓу балканските народи и фактор кој го користеле големите сили во политиката за поттикнување на разлики и конфликти меѓу нив, за да можат преку своето влијание да обезбедат присуство, или предоминантно влијание во однос на другите актери.

Интелектуалните елити на балканските народи развивале сопствени визии и аспирации при што ги создале проектите за свои големи држави. Притоа европските сили силно се инфилтрирале и ги користеле етно-националистичките идеи на локалните елити за да ги задоволат своите сопствени потреби. Од геополитички, религиозни и други мотиви Русија ја поддржувала идејата за Голема Бугарија, Франција, Голема Србија, Велика Британија, Голема Грција...

Мирот на Балканот бил можен, единствено, доколку некоја голема империјална сила ја вршела должноста на арбитар меѓу народите и религиите и воспоставувала некој интеркултурален поредок. Со векови тоа биле Отоманите преку нивниот модел на милетскиот систем. Подоцна Австро-Унгарија и големите европски сили преку своите балкански сојузници носеле одлуки за тоа која дефиниција за народ важи на која територија. По Втората светска војна Тито ги диктирал правата на игра, принудувајќи ги ривалските заедници на религии, јазици и народи на равнотежа. По распадот на Југославија оваа задача во 1995 година ќе ја преземат Американците, но поради пројавената пристрасност и заземањето на страна, балансот ќе изостане. До денешен ден на народите на овој простор,

едноставно, не им е дозволено да најдат сопствена внатрешна рамнотежа.

Согледано од денешен аспект, вистинската причина за конфликтите на Балканот, кои суштествено влијаат врз безбедноста на регионот, се состои во фактот што не успеа преминот од отоманскиот поредок на бестериторијалниот Милет со квазидржавната автономија во западниот систем на национални држави со цврсти територијални граници. Мултикултурното општество на Балканот се засновувало на нетериторијален систем, кој го поттикнувал мешањето на народите, религиите и јазиците. Европскиот модел на цврсто исцртани национални држави, со јасни граници и територии, поаѓа од целосно поинакво мислење. Тој модел на територијална национална држава од западен тип во XIX и XX век се покажа поспособен за живот и посилен во стопански и воен поглед. Мултикултурните царства со нивните комплицирани механизми се распаднале кога ќе дојде тенденцијата кон политичко-културна хомогенизација.

Ова хомогенизација на дел од регионот, наместо во XIX, ни се случува на почетокот на XXI век. Тоа е причината за нерешените статусни прашања во регионот и создавањето на слаби држави без волја и моќ да спроведат коренити реформи. Без резултати на реформите во сите сфери на секојдневниот живот се предизвикува перманентна политичка нестабилност. Ваквите држави немаат ни моќ (а можеби и не сакаат) да го спречат прекуграничниот организиран криминал (во нови услови само мафијата на Балканот остана мултиетничка). Тоа, од друга страна, резултира со многу бавен економски развој кој ги храни сите видови екстремизам, кои, пак, се поволна почва за присуство и на меѓународниот тероризам и религиозниот фанатизам.

Во такви околности регионот пројавува заеднички интереси. Тоа, пред сè, се изразува во силната определба за членство во ЕУ и НАТО. Меѓутоа, целиот регион (кој остана вон ЕУ и НАТО) е во недостаток на време. Отворено е прашањето дали одделни земји ќе го дочекаат полноправното членство во НАТО и ЕУ или ќе се распаднат по длабоките етнички линии, кои сè посилно ги продлабочуваат политичките актери кои упорно ја промовираат етнополитичката мобилизација во внатрешните односи. Засега, надворешните фактори и актери остануваат слепи на овој процес и наместо да го спречат, преку својот неутрален пристап, тие сè повеќе ги повторуваат грешките од минатото со нивната пристрасност и приклонување само кон една страна.

Abstract

The history of the dynamics and developments in the Balkans, in terms of security, is volatile. Major characteristic underlining this process are involvement of foreign actors and ethnic heterogeneity of the region. Combining both was the model for providing regional security, the examples are the Otoman and Hapsburg Empires. The brake up of these models brought the nation-state concept in the Balkans. However, building nation-states in the Balkans and having in mind the characteristics of the history of dynamics and development is more likely to raise tensions, than bring security. Learning from the past the region recognizes the new models for security within the frame of EU and NATO. And again this process is underlined by the combination of involvement of foreign actors and ethnic heterogeneity of the region.

СОДРЖИНА / CONTENTS

Вовед
Ѓорге Иванов
Introduction
Gjorge Ivanov

Регионална безбедност/
REGIONAL SECURITY

Гледано од Венера или од Марс -
Безбедносните проценки на ЕУ и САД
и местото на Балканот во нив _____ **11**
Кирил Нејков
Seen from Venus or Mars -
Security Assessments of EU and USA and the Balkans' place within their frameworks
Kiril Nejkov

Војна на резолуции
Парламентарни блокади во преговорите за Косово _____ **21**
Душан Релјиќ
War of Resolutions
Parliamentary Blocades in the Kosovo Negotiations
Dusan Reljic

Ставовите во Србија за Косово _____ **29**
Ана Плечаш
Attitudes in Serbia on Kosovo
Ana Plecas

Улогата на реформите на безбедносниот сектор во остварувањето на регионалната сигурност во Југоисточна Европа _____ **37**
Мишо Докмановиќ
The Role in the Security Sector's Reforms in Accomplishing the Regional Security in South-Eastern Europe
Miso Dokmanovic

Промените во пристапот кон воените злосторства во Србија, Црна Гора и во Република Српска _____ **45**
Александар Спасеновски
Changes in the Approach towards the War Crimes in Serbia, Montenegro and Republika Srpska
Aleksandar Spasenovski

Актуелно/CURRENT

Промени на Генералната рамка на мировниот договор за Босна и Херцеговина (Дејтонски договор) на анексот 4 од договорот-Уставот на БиХ како значителен фактор за зајакнување на безбедноста во регионот _____ **51**
Сашо Додевски
Changes in the General Framework of the Peace Agreement for Bosnia and Herzegovina (Deyton Agreement) of Annex 4 from the Agreement-Constitution of BiH as Significant Factor for Strengthening of the Security in the Region
Saso Dodevski

Приказна за едно уморно општество -
по повод неодамнешните нереди во Франција _____ **59**
Гордан Георгиев
A Story of a Tired Society
Concerning the Recent Conflicts in France
Gordan Georgiev

Меѓународни организации/
INTERNATIONAL ORGANIZATIONS

Системот за решавање на спорови на ООН: Совет за безбедност ___ 65
Елена Андреевска
The UN System of Conflict Resolution: Security Council
Elena Andreevska

Предизвици и перспективи/
CHALLENGES AND PERSPECTIVES

Актуелни аспекти на ризиците и заканите по безбедноста во земјите од регионот _____ 75
Благоја Марковски
Current Aspects of the Risks and Threats to the Security in the Countries of the Region
Blagoja Markovski

Теорија/THEORY

Етичките проблеми на современото општество и начинот на досегање на неговата безбедност _____ **85**
Дејан Донев
The Ethical Problems of Modern Society and the Method of Achieving its Security
Dejan Donev

Портрети/PORTRAITS

Хавиер Солана - Обединетиот глас на Европа _____ **91**
Марко Трошановски
Javier Solana – The United Voice of Europe
Marko Trosanovski

Рецензии/RECENSIONS

Геостратешка тријада
(Живеејќи со Кина, Европа и со Русија) _____ **95**
Ана Чупеска
Geostrategic Triad
(Living With China, Europe, and Russia)
Ana Cupeska

Документи/DOCUMENTS

„Соработка за безбедна иднина“
Регионална безбедносна стратегија за Западниот Балкан
- предлог на мрежата Млади лица на ДЦАФ, 2005 година _____ **99**
“Collaboration for a Secure Future”
Regional Security Strategy for the Western Balkans
- Proposal of the Young People’s Network of DCAF, 2005

За авторите/ ABOUT THE AUTHORS

_____ **105**

Година 3
Бр.12
декември
Скопје 2005
ISSN 1409-9853

Политичка мисла

Year 3
№ 12
December
Skopje 2005
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Magazine for political-societal subjects

Издавачи :
д-р Ѓорге Иванов
Улрих Клепман

Publishers:
Dr. Gjorge Ivanov
Ulrich Kleppmann

Уредници :
Дане Талески
м-р Сандра Кољачкова
м-р Ненад Марковиќ
м-р Иван Дамјановски
м-р Владимир Божиновски
Гоце Дртковски

Editors:
Dane Taleski
Sandra Koljackova M.A.
Nenad Markovic M.A.
Ivan Damjanovski M.A.
Vladimir Bozinovski M.A.
Goce Drtkovski

Адреса :
Фондација „Конрад Аденауер“
Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Address:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16/3
MK-1000 Skopje
Phone: 02 3231 122
Fax: 02 3135 290
Email: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 59 / 1 / 6 -13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс: 02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk
Интернет: www.idsco.org.mk

Institute for Democracy, Solidarity
and Civil Society
ul. Metropolit Teodosij Gologanov 59/1/6-13
MK-1000 Skopje
Phone/fax: 02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk
Internet: www.idsco.org.mk

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Организација:
Даниела Трајковиќ
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод:
Марија Мицевска - Кокаланова
Јана Никулјска
Лектура:
Павлина Нушева

Printing:
Vinsent grafika
Design:
Natali Nikolovska
Organization:
Daniela Trajkovic
Technical preparation:
Pepi Damjanovski
Translation:
Marija Micevska - Kokalanova
Jana Nikuljska
Proof reading:
Pavlina Nuseva

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот.

The viewpoints expressed in the magazine are not the viewpoints of the Foundation „Konrad Adenauer“ and the Institute for Democracy, Solidarity and Civil Society. They are personal views of the authors. The publishers are not liable for the translation errors.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

Гледано од Венера или од Марс - Безбедносните проценки на ЕУ и САД и местото на Балканот во нив

Кирил Нејков

„...Европа се оттргнува од моќта, во самодоволен простор на закони и правила и транснационални преговори и соработка. Таа влегува во постисторискиот рај на мир и релативен просперитет...

...Во меѓувреме, САД живеат заглавени во историјата, употребувајќи ја својата моќ во хобсијанскиот свет во кој меѓународното право и закони се несигурни, и во кој вистинската безбедност и промоција на либералниот поредок може да се одбранат само со воена сила..."[1]

Светот за Европа и за САД изгледа различен затоа што е погледнат од различни перспективи. Тие перспективи зависат од историските искуства и стратегиските цели. Тие перспективи се херменевтичка категорија затоа што истовремено го анализираат светот кој поради нив се менува.

За Балканот, овие погледи се важни, особено денес, во пресрет на 2006 година, како година во која неговата судбина ќе се определува, вклучително и преку активната улога на Европската унија и САД.

Овој напис ги анализира стратешките проценки на овие два глобални актера и позицијата на Балканот во нив. Тоа го прави преку осврт на стратегиите за национална безбедност, како долгорочни и повеќенасочни документи. Заклучокот е дека погледнато од Венера, Балканот се чини многу поважен, во споредба со погледот од Марс, од кој тој е само мал дел од глобалните проблеми и уште помал дел на нивните решенија.

Безбедна Европа во подобар свет

Европската безбедносна стратегија е насловена: „Безбедна Европа во подобар свет" и е донесена на 12 декември 2003 година.

Стратегијата има три клучни поглавја, и тоа: Безбедносната средина: глобални предизвици и клучни закани; Стратегиски цели; Импликации за европските политики. Тоа е краток и генерален документ базиран на најмал заеднички содржател, во кој со широки зафати се трасирани општите авении на проценките за заканите по европската безбедност и потребните одговори на нив.

Премисите на стратегијата се следните: Европа никогаш не била попросперитетна, побезбедна и послободна; формирањето на ЕУ е пресудно за ваквата сегашна состојба на континентот; улогата на САД

[1] "Of Paradise and Power", Robert Kagan, Alfred A. Knopf, 2003

во безбедноста на ЕУ не може да биде преценета; новото време носи нови закани, на кои ниту една држава не може самостојно да им се спротивстави; терористичките мрежи, како недржавни актери, стануваат сè поголема закана; безбедноста е основа за развој; и денешната ЕУ има и право и одговорност да преземе дел од товарот на осигурување на светската безбедност.

Глобалните предизвици за Европа денес се: отвореноста на границите, можните пандемии, сиромаштијата, натпреварот за природните ресурси (најмногу за водата) и европската енергетска зависност.

Како најголеми закани на новото време, стратегијата ги препознава: тероризмот, оружјата за масовно уништување, регионалните конфликти, слабите држави или нивното пропаѓање и организираниот криминал.

Разбирајќи ја сложеноста, испреплетноста и меѓузависноста на овие закани, Европа нуди одговори, кои почиваат на два столба: засилување на безбедноста во соседството и изградба на меѓународен поредок заснован на ефективен мултилатерализам.

Стратегијата тврди дека и во добата на глобализацијата, географијата сè уште има важност.[2] Во интерес на Унијата е државите околку неа да бидат управувани на демократски начин, и новите проширувања да не резулитираат со нови линии на поделба на континентот. Конкретните точки на интерес се: Балканот, Јужниот Кавказ, Блискиот Исток и Медитеранот и арапскиот свет.

За да биде оптимален, стратегијата определува дека, мултилатерализмот треба да биде ефективен, и го објаснува преку индикативна листа на негови карактеристики: посилно меѓународно општество - кое пред сè, се базира на силни и демократски држави; добро функционирање на меѓународните институции - пред сè, Обединетите нации, а потоа и СТО, ОБСЕ, Советот на Европа, АСЕАН, МЕРКОСУР и Африканската унија; и меѓународен поредок воспоставен врз меѓународното право - кое еволуира, за да може да даде одговор на новите трендови, особено во поглед на пролиферацијата, тероризмот и глобалното затоплување.

Во ефективниот мултилатерализам им се дава можност на државите кои одлучиле да бидат вон меѓународната заедница, да се вратат во неа, во што ЕУ ќе им помогне.[3]

Безбедноста во соседството и ефективниот мултилатерализам ќе бидат постигнати преку: поактивна, поспособна, покохерентна Европска унија која е подготвена да работи со своите партнери.

Во поглед на зголемување на активноста, ЕУ се фокусира на инструментите за превенција, а доколку е потребно и рана, брза и робусна интервенција. ЕУ ќе стане поспособна пред сè, во поглед на воената сила, но и во дипломатските активности и одговорите на цивилните потреби кои следат по воените интервенции.[4]

[2] Европска безбеднсна стратегија (ЕБС), стр. 7

[3] ЕБС, стр. 9-10.

[4] ЕБС, стр. 12

Конечно, Унијата ќе ги развива партнерствата со САД, сметајќи дека транс-атлантската врска е незаменлива, но и со Русија, Јапонија, Кина, Канада и Индија.

Стратегија за Национална безбедност на Соединетите Американски Држави

Стратегијата за национална безбедност на САД е донесена во септември 2002 година, и е документ во кој се содржани основите на повеќе потстратегии во различни области.[5]

Пред стратегијата стои концептуалниот и вредносен вовед во истата, потпишан од претседателот Буш. Бастионот на политиката промовирана во стратегијата е ширењето на слободата како основна мисија на САД.

Стратегијата теженее да постигне осум цели: заштита на човековото достоинство; победа врз глобалниот тероризам; решавање на регионалните конфликти; заштита на сојузниците и пријателите на САД; поттикнување на раст на глобалната економија; проширување на опсегот на развојот; соработка со другите центри на глобалната моќ и трансформација на институциите кои се грижат за националната безбедност во САД.

Слободата и правдата мора да бидат заштитени затоа што тие се правилен и вистински избор за секој поединец. Оттаму ќе тргне заштитата на човековото достоинство, зад кое силно ќе застане САД, како „голема мултиетничка демократија".[6]

Тероризмот е зло. Тоа ќе биде победено преку засилување на алијансите на волни држави. Борбата против концептот, како што е тероризмот, наместо против државата или група или режим, бара сосема нов приод, кој ќе биде на многу фронтови, против невидлив и измолклив непријател и ќе трае долго време.

Во Стратегијата, тероризмот се става на еднакво рамниште со ропството, пиратството и геноцидот. Ова е обид за дефинирање на борбата против тероризмот како

[5] Во Стратегијата за Национална безбедност на САД (СНБ) дадени се контурите на три сеопфатни потстратегии: против пролиферацијата на оружје за масовно уништување; за промовирање на слободната трговија; и за поддршка на најсиромашните економии на светот. *Стратегија против пролиферација на оружјето за масовно уништување*, вклучува поактивни мерки во државата и со пријателските земји, засилување на напорите за непролиферација заради оневозможување на терористите и државите-отпадници да дојдат до оружје за масовно уништување, и развивање план за менаџмент со последиците од евентуална употреба на таквото оружје против САД. *Стратегијата за промовирање на слободата на трговијата* опфаќа работа на две полиња: надворешно-политичко и внатрешно-политичко. Надворешно-политичкото поле на дејствување ги опфаќа продолжување на глобалните преговори од рундата во Доха и засилување на СТО; развивање на регионалните иницијативи, пред сè, во западната хемисфера; продолжување на билатералните договори за слободна трговија; борба против нечесните практики во имплементација на договорите, особено разрешувањето на недоразбирањата со ЕУ, Канада и Мексико. На внатрешно-политичко поле, администрацијата ќе гради односи со Конгресот, и ќе им дава помош на домашните индустрии и работници. На самото дно на потстратегијата е напоменато дека САД ќе работат на развивање на домашната енергетска безбедност и соработката со партнерите и сојузниците за проширување на изворите и видовите на енергенси, пред сè, во западната хемисфера, Африка, Централна Азија и каспискиот регион. Ова е важен сегмент на стратегијата, замаскиран во три-реченичен приказ. *Стратегија за поддршка за најсиромашните економии во светот*, САД ќе ја спроведуваат преку 8 испреплетени активности: поддршка на државите кои успешно одговараат на националните предизвици, зголемување на ефективноста на Светската банка и другите развојни банки, институирање на мерливи резултати кои сведочат за вистинско подобрување на животот на сиромашните, зголемување на процентот на грантови во однос на оној на заеми во помошта што ја даваат САД, поддршка на силно јавно здравство, особено во државите во кои има високи стапки на ширење на најопасните болести на векот, поддршка на образованието како основа на демократијата и на развојот и продолжување на поддршката на земјоделскиот сектор.

[6] Стратегија за Национална безбедност на САД (СНБ), стр. 3

обврска која е на ниво на „jus cogens“ правило.

Регионалните конфликти треба да бидат менаџирани локално, САД по правило, нема да учествува во решавање на истите секаде во светот. Три конфликти кои се релевантни за САД се оној на Блискиот Исток (израелско-палестинскиот), во Јужна Азија (индиско-пакистанскиот) и Индонезија. За западната хемисфера, САД се залага за флексибилни коалиции со цел за справување со наркотичките картели. За ситуацијата во Африка, САД се загрижени поради болестите, војните и поразувачката сиромаштија. Особено голем проблем гледаат во можноста „регионалните воени зони“[7] да бидат локација на ганглиите на терористичките мрежи.

За САД најголемата опасност во денешниот свет лежи на раскрсницата на современата технологија со радикализмот.[8] Најопасните гнезда на радикализмот се терористичките мрежи и „отпадничките држави“.[9] Против нив САД ќе се борат преку засилување на постојните алијанси, воспоставување на нови партнерства, дури и со поранешните непријатели, инвестирање во иновации во употребата на воените сили и модерните технологии, развивање на (контроверзниот) анти-ракетен систем и зголемено фокусирање на собирањето и анализа на разузнавачките податоци.

За САД слободата на трговијата не е само основа на економиите, туку и морална премиса - олицетворение за вистинската слобода. Подобрената економија е клучна алка во подигнувањето на нивото на безбедност во светот, а со тоа и безбедноста на САД. Но, и во овој поглед, одговорноста, првенствено, ја стават врз секоја држава одделно, како примарно одговорна за подобрувањето на животот на нејзините граѓани.

САД признаваат дека светот во кој половина од населението живее во апсолутна сиромаштија, не е ниту праведен ниту одржлив. Кругот на развојот најдобро ќе биде проширен преку ширење на инфраструктурата на демократијата. И во овој поглед САД ќе очекуваат, најпрво, поединците од целиот свет да ја земат примарната одговорност за сопствената среќа и благосостојба, потоа нивните матични држави, а на крајот развиените земји, вклучително и САД.

Пред да се осврне на чисто внатрешно-политичките и институционални прашања поврзани со системот за национална безбедност, најсилната држава на светот признава дека е свесна оти не може многу да оствари без поддршка однадвор. Основната соработка ја гледа со Канада и Европа. Но, не Европа како Унија, туку како седиште пред сè, на НАТО - столбот на трансатлантската и европската

[7] СНБ, стр. 11

[8] Говор на претседателот Буш, Вест Поинт, Њујорк, 1 јуни 2002 година.

[9] Терминот „отпаднички држави“ беше користен во текот на деведесеттите, од страна на администрацијата на Клинтон. Во СНБ, како отпаднички држави се сметаат оние држави кои: го брутализираат својот народ и ги исцицуваат природните ресурси за приватна добивка на лицата кои се власт; кои не го почитуваат меѓународното право, се закануваат на нивните соседи; се обидуваат да се здобијат со оружје за масовно уништување; го спонзорираат тероризмот и ги отфрлаат човековите права и вредностите за кои се залагаат САД. СНБ, стр. 14.
Стратегијата е изготвена пред фамозното обраќање до нацијата на претседателот Буш, во кое Ирак, Иран и Северна Кореја беа посочени како полови на „оската на злото“ и во неа само Ирак и Северна Кореја се на списокот на главни закани.

безбедност, па дури потоа на ЕУ, како партнер на економски план. САД се залагаат НАТО да развие нови структури и способности преку кои ќе може да изведува брзи мисии во новите околности, преку мобилни и специјално обучени сили, со кои европските напори треба да бидат усогласени.

Во Русија, Индија и Кина, САД гледаат „потенцијални големи сили", и веруваат дека со сите три е можно да се развие вистински глобален консензус околку најважните безбедносни интерси.

САД ја определуваат Русија како прагматичен партнер, кој веќе не е непријател, и со кој ги поврзува борбата против тероризмот и економските интереси. Во стратегијата се зазема став на поддршка на независноста и стабилноста на државите произлезени од некогашниот СССР, како придонес кон посилно вклучување на Русија во Евро-атлантската заедница.

САД ја признаваат Индија заедно со себе за една од двете најголеми (по број на население) демократии, со која ги врзуваат пред сè, економските потенцијали, но и интересите за безбедноста во Азија и борбата против тероризмот.

Крајот на поглавјето на односите со другите центри на моќ е резервиран за Кина. Во најдобар интерес на САД е Кина да биде стабилна, мирољубива и просперитетна, а и подемократска држава. САД и предвидуваат темна иднина на Кина доколку нејзините лидери не го сменат застарениот пристап, и не дозволат повеќе социјална и економска слобода. Вообичаените заеднички интереси се во сферата на борбата против тероризмот и економијата. Суштинските безбедносни несогласувања се по прашањето на Тајван.

На крајот, САД се залагаат за севкупна трансформација на сите државни институции поврзани со безбедноста[10] и интегрирање на разузнавачките напори.

Сличности меѓу двете стратегии

Овие две стратегии се изработени од глобални актери кои имаат глобални интереси. Во двете стратегии се потврдува нужната заемна условеност на безбедноста и вкупното ниво на економски развој.

Двете стратегии се базираат на ставот што стана општо место на сите безбедносни и надворешнополитички проценки на современието дека новите предизвици далеку од границите на територијата на која се однесува стратегијата имаат силно влијание внатре во нив, и дека заканите се испреплетени и меѓусебно условени. Со тоа, и првите линии на одбраната се гледаат далеку од тие граници - длабоко во трети земји и општества, и тоа не само со воени туку и со дипломатски инструменти на промоција на развојот.

Најголемите закани во двете стратегии се тероризмот и оружјата за масовно уништување, а вистински хорор во очите на Унијата и САД е поврзувањето на овие две опасности. Двете стратегии ја признаваат и опасноста од пропаѓањето на државите, организираниот крими-

[10] Армијата, Стејт департментот, Пентагон, ЦИА. СНБ, стр. 29-31.

нал и регионалните конфликти. Најзначаен од нив е израелско-палестинскиот, кој се издвојува по траењето, комплексноста и големите влогови на САД и членките на Унијата.

Во одговор на овие закани, стратегиите зацртуваат реформирање на воените сили во пофлексиблини и помобилни, алоцирање на повеќе сили во одбраната и поефикасно користење на постојните ресурси. САД ја подвлекуваат неспособливоста на нивната воена сила со која било друга остварлива коалиција, а Унијата го признава тоа, и ги формулира своите определби во однос на овој објективен услов.

Двете стратегии, првенствено, се залагаат за засилување на националните држави, како најважни актери на меѓународната сцена, кои имаат најмногу инструменти да придонесат кон глобалната безбедност.

САД и ЕУ во своите стратегии посветуваат значајно место на енергетската зависност, и на потребите за активен пристап кон оптимално користење на расположивите извори и потребите од инвестирање во нови енергенси.

Оптимистичкиот и идеалистички заклучок ги поврзува двете стратегии во нивните залагања не само за побезбеден, туку и за подобар свет; и во нивната верба дека новото време носи нови предизвици, но и нови можности, кои САД и ЕУ може да ги искористат доколку работат заедно како „чудесна сила на доброто во светот“[11].

Разлики во двете стратегии

Утврдувањето на разликите во стратегиите мора да започне од фактот дека Безбедносната стратегија на ЕУ е прва од таков вид, и е клучен производ на релативно нова канцеларија на Унијата - онаа на генералниот секретар и високиот претставник за надворешна и безбедносна политика и дека е пресечна точка на интересите на 25. држави[12] во област во која Унијата сè уште се потпира повеќе на земјите-членки отколку на европската бирократија.

Контекстот на нејзиното изготвување, но и вкупните европски традиции, објаснуваат зошто стратегијата толку се разликува во своите базични поставки од онаа на САД - во која неоконзервативните вредности доминираат, како во јазикот така и во пораките и далеку подетално изложените планирани акции.

Главните разлики лежат во различното ниво на идеологизираност на документите, и во фундаментално различните погледи на светот - мултилатералниот европски видик и американскиот засилено унилатерален, во кој е потребна „заштита на државјаните на САД од меѓународните инструменти“, а превентивните унилатерални или акции преземени од коалиции на волни држави се вистинскиот одговор на новите закани.

Стратегијата на САД е извик на идеологија, во која се користат тер-

[11] ЕБС, стр. 13

[12] ЕБС, стр. 1. Иако стратегијата е изработена половина година пред големото проширување во мај 2004 година, земени се предвид контурите на новата проширена Унија.

мини веќе изживеани за Европејците: Големи сили, баланс на сили, тиранија, ропство, непријатели, предводништво на великата мисија - ширење на слободата на поединецот и државите. Наспроти тоа, во стратегијата на ЕУ дискурсот е исполнет со: ефективниот мултилатерализам, заштитата на животната средина, глобалното затоплување, засилувањато на меѓународното право, борбата против пандемиите.

САД јасно ставаат до знаење дека ќе склучуваат договори со кои „ќе ги заштитат државјаните на САД од Меѓународниот кривичен суд.“[13] За ЕУ, успешноста на функционирањето на Судот е еден од индикаторите на ефективниот мултилатерализам, кој е кичмата на стратегијата, а Обединетите нации се 'рбетниот мозок на поредокот.

Во тој контекст, е и разликата во приодот кон „превентивни напади“ кои ќе бидат преземени од флексибилните коалиции[14] и коалициите на волни држави[15] кои ќе бидат онолку големи колку што ќе биде практично во дадената ситуација и ќе бидат составени од држави кои се волни да го промовираат балансот на моќта што и дава поддршка на слободата.[16] За ваквите коалции европската стратегија воопшто не расправа, имајќи предвид дека нивната сушност е директна негација на ефективниот мултилатерализам и првенствената одговорност на Советот за безбедност да се грижи за меѓународната безбедност.

САД тврдат дека превентивната акција е нужна затоа што која било друга не е доволна, и во стратегијата градат политички и правни аргументи за своето стојалиште.

Политичките аргументи тврдат дека државите-отпаднички се склони кон ризици и коцкање со животите на своите граѓани, а терористичките организации се составени од поединци кои веруваат дека ќе станат благословени маченици доколку загинат за каузата. Против овие непријатели одвраќањето, основниот пристап во текот на студената војна, не може да даде резултати. Оттаму, САД заклучуваат дека едноставно што не може да си дозволат е да им дозволат на непријателите да нападнат први.[17]

Во сферата на правните аргументи, САД веруваат дека со векови прифатената дефиниција на блискоста на нападот како оправдување за употреба на сила, мора да биде приспособена на новото време, во кое периодот од моментот на узнавање за планирањето на нападот до неговото реализирање е несфатливо мал, што заедно со неспоредливата опасност по цивилното население што го носат современите средства за масовно уништување, ја оправдува: преемотивната акција, кога таа е нужна за одвраќање на доволно голема закана по националната безбедност на САД.

И во поглед на државите-отпаднички и тероризмот, иако ставот е еднаков, приодот е различен. ЕУ подава рака на државите „кои се поставија вон меѓународната заедница“[18] и се обврзува да им помогне

[13] СНБ, стр. 31
[14] СНБ, стр. 10, во освртот на стратегијата кон соработката со државите од западната хемисфера.
[15] СНБ, стр. 11, во освртот кон соработката со државите од Африка и останатите држави за решавање на состојбите на овој контитент.
[16] СНБ, стр. 25.
[17] СНБ, стр. 15
[18] ЕБС , стр. 10

да се вратат, но и кон арапскиот свет, со ставот за потребата за негово посилно вклучување. САД остануваат неми по ова прашање, и терористичките активности ги прогласуваат за внатре-исламска борба на прогресивните и екстремистичките сили.[19]

Што се однесува и до цивилните активности кои ги следат воените интервенции, за кои двете стратегии предвидуваат дека ќе ги има во иднина, ставот е различен. Европа признава дека по успешните воени интервенции, вообичаено, настапува неуспешен мир. САД не го гледаат ова како проблем, и немаат одговор на него, кој би бил мерлив со оној на ЕУ - дека се потребни засилени дипломатски активности пред и по воените интервенции.

Во односот кон одговорноста за општата благосостојба разликите се видливи во нијансите. И САД и ЕУ се залагаат за намалување на нееднаквоста, но САД во духот на промовирање на слободата, првенствено, го веат знамето на слободната трговија, а потоа на помошта за развој, додека, пак, кај Европејците принципите се исти, но редоследот, а со тоа и важноста на инструментите, е обратен.

Последната суштинска разлика останува меѓусебното признавање на улогите во современиот свет. И двете стратегии ја воспеваат трансатлантската врска, но со различни интерпункции.

За Европската унија, САД имаат одиграно критична улога во европската интеграција и безбедност, особено преку НАТО.[20] ЕУ смета дека доколку Унијата и САД работат заедно, тие може да бидат величествена сила на доброто во светот. За тоа е потребно „ефективно и балансирано партнерство“ меѓу нив.

Одговорот од другата страна на Атлантикот е учтив но не доволно љубезен.

За САД, Европа првенствено е важна во нејзините активности за зголемување на економскиот раст на континентот, за кој САД сметаат дека е клучен за цврстината на светската економија, заедно со улогата на Јапонија.[21] Единствен пат кога САД го користат формалниот назив „Европската унија“ во стратегијата, е во делот што се однесува на чистите економски прашања.[22]

Чесно е да се спомене дека САД го поздравуваат обидот на Унијата да развие посилен надворешнополитички и одбранбен идентитет, но единствено доколку е „осигурано“ дека истиот ќе биде компатибилен со НАТО“.[23]

Балканот во двете стратегии

Иако стратегиите по дефиниција се документи кои гледаат долгорочно, тие се изработуваат во даден момент, и под притисок на настани од блиското минато и во антиципирање на случувања од блиската иднина.

И двете стратегии се обоени од ваквите влијанија - онаа на САД е

[19] СНБ, стр. 31

[20] ЕБС, стр. 1

[21] СНБ, стр. 18.

[22] СНБ, стр. 19; исто така, на стр. 21 се определува дека за САД, Европската унија е партнер во отворањето на светската трговија, додека, пак, НАТО е партнерот кој е во срцето на трансатлантската и европската безбедност.

[23] СНБ, стр. 26

обликувана во расположението по 11-септемвриските ужаси кои донесоа сесветска поддршка на САД а пред собитијата кои ги ставија под знак прашање легалноста, легитимноста и вистинитоста на премисите за воена интервенција во Ирак; онаа на ЕУ е пишувана во зората на проширувањето, кога новите членки се чекаа со раширени раце а Конвенцијата напорно работеше на Уставот за Европа во кој заедничката надворешна и безбедносна политика требаше да биде уште повеќе засилена.

Во таквите околности, ЕУ го стави Балканот во центарот на своето интересирање а САД, воопшто не се осврнаа на него. Стратегијата за безбедност на Европската унија се осврнува на Балканот во сите поглавја. Стратегијата за безбедност на САД, воопшто не го споменува.

Во времето на изработка на стратегиите, на Балканот постоеја слаби држави, гнезда на организираниот криминал кои имаат врски со терористичките мрежи, нискиот или непостојниот раст на економијата како потенцијален предвесник на изродување на радикализмот, високата невработеност, перверзивната корупција и циничната јавност која нема доверба во демократските институции.

За Европа, по 12 години војни во регионот, овие состојби беа видлив показател на опиплива опасност. За САД, тие беа уште еден израз на вкупно-несовршениот свет, во кој на Балканот ниту лежи особена закана ниту особена поткрепа на интересите на САД.

Во Генералната анализа на европската безбедност, за Унијата Балканот е потсетување дека војната не исчезна од континентот.[24] Во утврдувањето на клучните закани по безбедноста, Балканот е идентификуван како главната маршрута на влез на хероинот во Унијата,[25] како симбол на силата на организираниот криминал кој се случува околу Унијата, да го разјадува ткивото на Унијата. ЕУ се гордее на своите преземени активности: од одговорот на настаните од 11 септември, кога им помогна на САД, преку активностите против пролиферацијата, до интервенцијата во регионалните конфликти. Во нив Балканот е наведен прв - како пример во кој Унијата врати држави од литицата на амбисот на пропаднати држави и спречи поширок конфликти. [26]

Преку Балканот, Унијата ја докажува валидноста на тезата дека се потребни кохерентни политики на регионално ниво. Тоа го илустрира преку неуспехот на напорите кога усогласеноста отсуствуваше и преку успехот кога истата се воспостави.[27]

Унијата проценува дека вкупниот кредибилитет на нејзината надворешна политика почива на Балканот.[28] Ако кон ова се додаде фактот дека ЕУ 2006 година ја најавува како година на Балканот, тогаш Унијата останува доследна на стојалиштето дека со овој регион ќе работи преку давање на „европската перспектива“ како иднина - стратешка цел, и како сегашност - поттик за реформи.

Денес, дури повеќе, Унијата смета дека статусните прашања на Балканот мора да се решаваат во контекст на статусните прашања на регионот како целина. Одредувањето на неговото вкупно место, ќе

[24] ЕБС, стр. 1
[25] ЕБС, стр. 5
[26] ЕБС, стр. 6
[27] ЕБС, стр. 13
[28] ЕБС, стр. 8

биде одредница и на координатите на тоа каде ќе се наоѓаат на спектрумот автономија-независност и објектите на трите отворени прашања во овој момент.

Разликите во гледиштата на Европа или на САД, особено е важно да бидат разбрани денес, во пресрет на разрешувањето на „последното прашање на војна или мир на Балканот“[29] - утврдувањето на статусот на Косово, кое ќе се случува паралелно со утврдувањето на вкупниот статус на регионот, во однос на перспективите за интеграција во Европската унија.

Досега се елаборирани три можности за идниот статус на Косово: независност, условна независност и поделба. Најочигледен, но со тоа не и најлесно остварлив, компромис е условната независност - со ограничување на суверенитетот на Косово и поставување на меѓународен претставник по примерот на Босна и Херцеговина.[30]

Во овие клучни моменти за иднината на Косово, „Вашингтон е преокупиран со Авганистан, Ирак, Северна Кореја и Ирак, и има поважни работи отколку да го решава прашањето на Косово во Советот за безбедност“.[31]

Европската унија е таа која ќе (мора да) игра проминентна улога во решавањето на статусот на Косово, како дел од вкупното решавање на „статусот на регионот“. Балканот е дел од Европа, и таа ќе треба да го прифати овој морален и безбедносен императив, затоа што во спротивно Балканот ќе извезува нестабилност, нелегални имигранти, дрога, организиран криминал во Унијата и ќе го по(т)кажува пред светот нејзиниот „еродиран кредибилитет“.[32]

Базирано врз различните вредносни системи, а поради различните стратешки цели, погледнато и од Венера и од Марс, Балканот станува внатрешно прашање на Европа, а и со тоа е поттурнато вон листата на приоритети на САД.

[29] Comment: How to succeed in Kosovo, Daniel Server, BIRN, No. 12

[30] Види: Comment: Tough Road Ahead for Kosovo Talks, Tim Judah, BIRN, No. 12

[31] Server, BIRN, No. 12

[32] Извештај на Меѓународната комисија за Балканот, стр. 6-8

Abstract

Having in mind that year 2006 will be detrimental for the future of the Balkan region, an analysis is provided of the European Security Strategy and the National Security Strategy of the United States as forward looking documents presenting the fundamental positions and interests of these two global actors, in an effort to detect their interestc and future engagements in the Balkans.

Both strategies detect same challenges to the global security of the world, but formulate different answers, due to the different values of the respective societies which are reflected in their foreign and security policy. On the basis of these differences and geography and lessons learned from history, a conclusion is formulated that the Balkans becomes internal-policy question of the Union which is additional reason for being removed from the list of top-priorities of the US foreign and/or security policy.

Војна на резолуции
Парламентарни блокади во преговорите за Косово

Душан Релјиќ

Почетокот на преговорите, за идниот статус на провинцијата, што се приближува, се карактеризира со зацврстување на политичките позиции во Приштина и во Белград, како и со зголемени знаци на подготвеност за насилство во Косово. Истовремено се покажуваат спротивностите меѓу САД, кои се стремат за независност на Косово, и Русија и Кина, кои се против негово отцепување.

Советот за безбедност на 24 октомври даде зелено светло за започнување на преговорите и со тоа ја следеше препораката на норвешкиот дипломат Каи Еиде. Косово е протекторат на Светската организација од почетокот на 1999 година. На покана на генералниот секретар на ОН, Еиде, на Советот за безбедност му достави извештај за состојбата во Косово. Во него, посебниот пратеник на ОН ја опишува ситуацијата на лице место, прво, како многу непријатна и укажува, особено, на критичната состојба во која се наоѓа населението што не е од албанска припадност. Сепак, тој потоа констатира дека во основа „никогаш не би имало добар момент“ за почеток на преговорите. За да се спречи стагнација, разговорите мора наскоро да започнат. Понатамошното одложување на преговорите за да му се даде нов статус на Косово би довело до нови одбивања. Еиде го завршува својот извештај со забелешката дека поради лошите политички, економски и социјални состојби во Косово, и особено поради силното албанско-српско непријателство, почетокот на процесот за одредување на идниот статус нема да ја означи последната фаза, туку само следната етапа на меѓународното присуство во Косово.

Од објавувањето на извештајот на Еиде, според проценката на управата на ОН (УНМИК), безбедносната состојба во Косово се влоши. Членови и возила на УНМИК, како и полициската служба во Косово (КПС), беа цели на серија терористички напади. Една бомба повреди повеќе луѓе на пазарот во место населено претежно со Срби. На 3 декември, во близина на градот Призрен, со тенковски проектили беше нападнат автобус што сообраќаше на релација кон Белград. Иако двата исфрлени проектила ја погодија својата цел, никој не беше повреден. На југ и на запад во провинцијата униформирани и вооружени лица привремено ги затворија улиците и ги контролираа сопствениците на возила што минуваа. Тие се нарекуваа припадници на една досега непозната „Армија за независност на Косово“, (АИК). Според УНМИК со овие напади се прави обид преговорите за идниот статус на Косово да се разгледуваат под одредено гледиште. Освен тоа, на адреса на етаблираните политичари се испратија анонимни закани, кои ги предупредуваат за „последиците“ во случај да ги издадат „националните интереси“ во

текот на преговорите за статусот. Јавен притисок врз политичките партии врши, особено, „Движењето за самоопределба“ (Ветвендисје) на поранешниот водач на студентите Албин Курти. Курти мобилизира млади приврзаници како надворешно парламентарна опозиција против продолжувањето на протекторатот на ОН или на создавање на протекторат на ЕУ во Косово. За таа цел тој има поддршка од Здружението на поранешните борци на „Ослободителната армија на Косово“ (УЧК). Може да се очекува понатамошно засилување на уличните протести и напади во Косово ако на престојните преговори за статус меѓународните преговарачи побараат од партиите да се повлечат од нивните максимални барања.

Пратеникот на ОН, поранешниот фински претседател Марти Атисари, на 21 ноември почна разговори со Белград, Приштина и со другите политички центри во регионот. Претходно тој предупреди да не се повлекуваат „вештачки временски граници“ и да не се очекуваат „брзи резултати за четири или пет месеци“. Неговите изгледи за успех тој ги означи како „поголеми, отколку да се купи ливче за лото“. Атисари првите непосредни разговори меѓу Приштина и Белград ги планира за почетокот на 2006 година. Раководството на косовските Албанци, во секој случај, ги одбива директните разговори со Белград, додека српската страна инсистира на нив, со поддршка на Русија. Приштина смета дека Србија нема никакво право да учествува во одлучувањето за иднината на Косово. Спротивно, непосредни преговори, според Белград, би ја потврдиле припадноста на Косово кон Србија. Сè уште не е јасно како треба да течат преговорите. Исто така, ниту една страна досега не се произнесе за можните последици од неуспехот на преговорите, иако, особено во Белград, јасно се чувствува страв од некоја одредба, претежно застапена од САД.

Референдум против компромиси

Основата за преговори на Белград се одреди на 21 ноември во парламентарна резолуција, која јасно го одбива откажувањето од народноправната припадност на Косово кон Србија. Истовремено, во одлуката се навестува, во одвај прикриена форма, подготвеноста на Белград за понатамошни отстапки. Буквално тоа значи дека „народното собрание има разбирање дека за идниот статус на Косово и Метохија би можело да има различни модалитети, кои нема да ги оспорат суверенноста и територијалниот интегритет на државата“. Секој обид за решение со кое практично би се легализирала поделбата на Србија преку едностранo отцепување на Косово, не би значело само употреба на сила против една демократска држава, туку и против правото на народот. Таквото решение парламентот би го сметал за нелегитимно и неважечко.

Со силното одбивање на наметната одредба, Белград очигледно сака да биде чекор пред сценариото како тоа од преговорите во Рамбуе за Косово во 1998 и во 1999 година. Во тоа време, САД и нивните приврзаници му се заканувааа со присила на насилниот владетел Слободан Милошевиќ, ако не се согласи со предлогот на западот за Косово. На почетокот на 1999 година неговиот отпор резултираше со војна на НАТО против тогашната Сојузна Репуб-

лика Југославија. Во владејачките кругови во Белград повторно и повторно се искажува страв дека албанската страна би можела да ги поткопува претстојните преговори за Косово, сè додека САД не го изгубат трпението и не се обидат да ги принудат на една одредба.

Парламентарната резолуција следи еден предлог на шефот на малцинската влада на Војислав Коштуница, кој е и претседател на национално-конзервативната Демократска партија на Србија (ДСС). Коштуница претходно си обезбеди поддршка за резолуцијата од две опозициски партии, од Социјалистичката партија на Србија (СПС) и од најсилната пратеничка група во Парламентот, националпопулистичката Српска радикална партија (СРС). Номиналните шефови на овие партии, Слободан Милошевиќ и Војислав Шешељ, во моментов одговараат пред Меѓународниот трибунал во Хаг за поранешна Југославија. Под притисок на СРС, во текстот од резолуцијата се вметна укажувањето за постоење можност за спроведување референдум меѓу населението за разврската на преговорите. Со тоа треба да се стави пречка на последиците од преголема попустливост на делегацијата за преговори. Опозициската Демократска партија (ДС) на српскиот претседател Борис Тадиќ беше воздржана. Нејзините пратеници учествуваа на оваа седница, иако беа настрана од парламентарните дебати од почетокот на октомври и на тој начин протестираа против манипулациите со пратеничките мандати. Се чини дека Коштуница и дава сè помало значење на согласноста со Тадиќ. По многубројни јавни различни ставови, претседателот и премиерот не можеа да се согласат да ја предводат преговарачката делегација од Белград како рамноправни копретседатели.

Тадиќ на 15 ноември во Москва, на средбата со рускиот претседател Владимир Путин, предложи одредба за Косово според примерот на Дејтонскиот мировен договор за Босна и Херцеговина. Според него, во Косово треба да се создаде албански и српски ентитет, при што српскиот дел треба да има посебни односи со Белград.

Истовремено, Белград би ја задржал основната сувереност над Косово. Тадиќ го објасни својот предлог со одбивањето на повлекувањето на новите граници на територијата на поранешна Југославија и укажа на тоа дека право на создавање на независна држава, ако имаат и Албанците би имале и другите. Тоа би можело да доведе до дезинтеграција на другите земји како Македонија или Босна и Херцеговина.

Предлогот на Тадиќ од Москва на почетокот се чинеше како чекор на поединец, но по подолго колебање пристигна согласност и од српската влада. Во Приштина, на изјавите на српскиот претседател се возврати со објаснувањето дека станува збор само за понатамошен план на поделба на Косово. Косовскиот премиер Бајрам Косуми и водачот на најсилната опозициска партија Хашим Тачи, како и други албански политичари од Косово ги одбија предлозите на западот, кои за провинцијата предвидуваат „условена независност“ и „надгледувана сувереност“. Ваквите досетки, според заклучокот од Приштина, наликуваат на изразите од Белград за „повеќе од автономија, а помалку од независност“ за Косово. Само

целосна независност може да обезбеди социјален напредок во Косово и да создаде регионална стабилност. Но, албанските пратеници во косовскиот парламент, по јасни предупредувања од САД и од претставникот на УНМИК, на 17 ноември се воздржаа од тоа непосредно да побараат независност на Косово. Во прифатената резолуција, во која се одредува албанската позиција на преговори, стои дека за независноста „не се преговара". Исто како во одлуката на Белград се остава отворена можноста за референдум за разврската на преговорите за статусот. Со тоа им се овозможува на водачите на преговорите, со укажување на „волјата на народот", да ги одбијат предлозите за компромис.

Дарданија наместо Косово?

Водечките косовско-албански политичари досега не можеа да се договорат за ништо друго освен за тоа да инсистираат на самостојност на Косово. Иако Вашингтон изрично побара од нив, да постигнат заедничка позиција во рамките на делегацијата, а експертите од САД беа од помош при вежбањето на методите на водење преговори, косовско-албанските субјекти се упорни во кавгата за компетенциите на координаторот на групата, новинарот Бљерим Шаља. Главен шеф на делегацијата за преговори е тешко болниот претседател на Косово Ибрахим Ругова. Тој го застапува мислењето дека косовските Албанци покажуваат доволно подготвеност за компромис со тоа што се откажуваат од обединување со Албанија. Ругова бара „директно" признавање на самостојноста на Косово од САД. Поради битката за наследникот на Ругова, ниту една од другите водечки политички личности во Косово не може да си дозволи да покаже попустливост.

Во внатрешните албански дискусии за иднината на Косово, во поново време, се слушаат барања што одат далеку, а кои порано одвај смееја да бидат изустени. Претседателот на опозициската Демократска партија на Албанците (ДПА) во Македонија, Арбен Џафери, предложи Косово да се преименува во Дарданија и да се приклучи на Албанија. Џафери го претставува гледиштето дека Косово со два милиона жители не може да биде држава што функционира. Освен тоа, ознаката „Косово" е словенска, „Дарданиа" има илирско потекло, на кое се базираат денешните Албанци, според историјата. Ветон Сурои, шефот на малата опозициска партија „Ора", кој западот го преферира како партнер за разговор меѓу албанските политичари од Косово, за жестоката диксусија за „Голема Албанија", мисли дека прашањето за „националното обединување" секогаш ќе остане како „реална опција", се додека „стремежите на албанскиот народ на Балканот не бидат остварени".

Во брзото дејствување на Џафери се гледа, пред сè, обидот за добивање на бодови меѓу албанските гласачи во Македонија, како борец за албанските национални цели. Во Албанија има само поединечни барања за обединување на сите територии населени од Албанци. Станува збор за етнички хомогени територии, кои се протегаат преку сите соседни земји на Албанија и се повеќе растат во еден економски, културен и политички цврсто интегриран простор. Новата влада на Албанија на премиерот Сали Бериша, долгогодишен приврзаник на

Ругова, како и парламентот во Тирана, досега јавно ја поддржуваа самостојноста на Косово. Сепак, оваа поддршка и се заканува на макотрпно постигнатата нормализација на односите меѓу Тирана и Белград, како и меѓу Тирана и Скопје.

Во Македонија, дел од словенското население му припишува на албанското малцинство во земјата (25% од населението) намера за отцепување. Владата во Скопје дава до знаење дека е подготвена да ја прифати независноста на Косово, не само затоа што со тоа ќе добие поголема поддршка од САД за својата држава. Во почетокот на оваа година Вашингтон сам ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име, додека ЕУ, како и претходно, го употребува усвоеното име од ОН „поранешна југословенска република Македонија". Скопје бара, пред да се дефинира идниот статус на Косово, формално да се означи границата со соседната држава Србија и Црна Гора, и во делот со Косово. Владата во Приштина изрази подготвеност за тоа, но дури по можното добивање на независност.

Американски и руски пријатели

Албанските претставници не направија никаква тајна од тоа дека се потпираат на САД за да успеат во отцепувањето од Србија. Нивните надежи ги загреа државниот секретар во Министерството за надворешни работи Р. Николас Барнс при излагањето на сенатскиот Комитет за меѓународни односи во Вашингтон кој побара од Албанците да разберат дека „независноста мора да се заслужи". За разлика од јазичната определба на ОН или на ЕУ, кои зборуваат за „иден статус" на Косово, Барнс постојано го употребуваше изразот „краен статус". Тој, исто така, избегна да ја исклучи можноста за наметната одредба. Но, нагласи дека „САД во овој момент нема да поддржат никаков посебен резултат" и дека е значајно САД и нивните приврзаници да „останат неутрални". И покрај тоа, при излагањето за поголемиот дел на другите соопштенија, стануваше збор за прашањето како би се постигнала независност на Косово. Сенаторот Џозеф Биден, кој уште за време на администрацијата на Клинтон имаше важно место во креирањето на политиката на САД за Балканот, особено нагласи дека Приштина е еден од малкуте „муслимански" градови, во кои САД „не се само почитувани, туку и уважени". „Ако навистина го добиеме Косово, тогаш муслиманите ширум светот ќе бидат потсетени дека САД му излезе на помош на муслиманското население во Косово и го поддржа при градењето на силна, независна и мултиетничка демократија", според Биден.

Во објаснувањата на Америка за Косово, ставот на Русија и на Кина одвај има некаква улога. Притоа, Русија даде јасно до знаење дека не сака повеќе да се задоволи со улога на статист на Балканот. На почетокот на ноември рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров ги посети Белград, Приштина (каде што отвори руско претставништво) и Подгорица. Во своите искази тој особено нагласи дека е исклучена можноста од одредба за Косово, која би била наметната, а не би се донела едногласно. Кратко потоа претседателот Путин го прими српскиот претседател Тадиќ. Во разговот со неговиот гостин шефот

од Кремљ ја нагласи одлучноста на Москва да спречи понатамошна „дезинтеграција“ на Балканот и оваа изјава ја поврза како алузија на стремежот за отцепување на Чеченија со укажувањето што треба да се разбере дека ваквите појави на распаѓање треба да се спречат ширум светот. На крајот на месецот министерот за надворешни работи на Србија и Црна Гора, Вук Драшковиќ, повторно беше во Москва за уште еднаш да ја утврди позицијата за преговори на Белград со рускиот партнер. Во интервју за еден руски весник, Драшковиќ ја нагласи подготвеноста на Белград да прифати решение за Косово според кинескиот модел за Тајван, една држава, две државни уредувања.

Некои набљудувачи на рускиот Кремљ мислат дека администрацијата на Путин, за разлика од владата на Јелцин во 1999 година, е подготвена во работата со Косово кавгата со САД да ја води сè до вето од страна на Русија во Советот за безбедност на ОН. Тие оваа проценка ја објаснуваат со намерата на Москва да не дозволи какво било отцепување, што би служело како пример и би можело да влијаат врз сепаратистичките стремежи во Кавказ. Од друга страна, ја гледаат Русија во посилна политичка и економска позиција и значително помалку зависна од САД, отколку во времето на Јелцин. Понатаму се укажува на „идеолошката“ одлучност, токму на Балканот, каде што Москва од избивањето на кризата во Југославија, пред речиси 15 години, имаше подредена улога, конечно да го потврди барањето за посакуваната светска политичка улога. Истовремено, Вашингтон поради ескалирачките кризи во Ирак и во Авганистан, и можеби во поглед на постојните развои во Иран е ослабен и упатен на соработката со Москва. На крајот, сè укажува на тоа дека Москва и Пекинг за прашањето за Косово имаат заеднички интереси.

Навистина, Кина за време на поновите посети на српките политичари, со повикување на даденото право на државите од ОН за територијална неприкосновеност, ја откажа согласноста за самостојност на Косово. Се чини дека со тоа Пекинг делумно се откажа од поранешната воздржаност во однос на кризата во Југославија. Притоа, важни се стремежите за отцепување на Тибет и контроверзите со статусот на Тајван.

Иако сега повторно одекнуваат извици на радост на некои националисти дека „Србија не е повеќе сама“, затоа што Москва е на нејзина страна, сепак, искуствата на Белград со товарот на руската и на кинеската поддршка и за време на распадот на Југославија, а пред сè, за време на интервенцијата на НАТО беа отрезнувачки. Тука е и објаснетиот главен интерес на Србија, брзо да се приклучи на евроатлантската интеграција, за по долги години на изолација и распад од сите страни за време на владеењето на Милошевиќ, конечно да биде во ист чекор со другите трансатлантски земји. Дали овој интерес е доволно силен за да го придвижи Белград, дел од неговата територија, да го трампа за можно засилено пристапување во ЕУ, останува несигурно. Од друга страна, стремежот за самостојност меѓу косовските Албанци во моментов е поважен од перспективата за ЕУ. Во рамките на ЕУ не може да се препознае дали постои согласност за тоа дека стабилизацијата на подрачјето на поранешна Југославија треба да се постигне со забрзување на пристапувањето.

Позиција на ЕУ: одредбата треба да обезбеди траен развој

Советот на Европската унија на 7 ноември ги одреди позициите на ЕУ за претстојните преговори за идниот статус на Косово. Покрај општото барање за почитување на демократските стандарди и на човековите права, како и зачувување на мултикултурниот карактер на регионот, се одредија некои специфични позиции. Овде се најважните точки:

- Согласноста за статусот треба да обезбеди никогаш повеќе да не се повтори ситуацијата што владееше во Косово во март 1999 година.
- Секое решение или промена на сегашната област на Косово, што би биле едностранн или со примена на сила би биле неприфатливи.
- По решението за прашањето за статусот не смее да има ниту поделба на Косово, ниту спојување на Косово со некоја друга земја или дел од друга земја.
- Територијалниот интегритет и внатрешната стабилност на соседните земји мора целосно да останат зачувани.
- Идниот статус на Косово треба да му овозможи да се развие економски и политички на стабилна основа и истовремено да обезбеди Косово да не претставува воена или каква било закана за безбедноста на неговите соседи.
- Решението на прашањето за идниот статус на Косово треба да ги стави во ситуација и Косово и Приштина да се приближат на Европската унија.
- Согласноста треба да вклучи и посебни безбедносни мерки за заштита на културното наследство и на религиозните места.

„Контакт-група": Предност има договореното решение

Во еден документ на Советот за безбедност, објавен на 10 ноември беа изложени „водечките принципи" на таканаречената контакт-група (Франција, Германија, Италија, Русија, Велика Британија и САД) за процесот на преговори за идниот статус на Косово. Дополнително на позициите на ЕУ беше истакнато, меѓу другото:

- Договореното решение треба да има меѓународен приоритет.
- Ако процесот еднаш започне, не смее да биде блокиран и мора да се постигне резултат.
- Сите партии што учествуваат мора да дејствуваат конструктивно, да не преземаат едностранн чекори и да се одбие секоја форма на насилство. Тие што заговараат насилство не смеат да имаат никаква улога.
- Посебниот пратеник може да суспендира или исклучи поединци или групи, чиишто акции не му служат на процесот на преговори.
- Процесот на преговори, навистина, треба да обезбеди учество на косовските Срби и на другите граѓани и заедници на Косово.
- Регионалните соседи и другите заинтересирани партии ќе бидат консултирани по потреба.
- Остварувањето на демократскиот стандард одреден од Обединетите нации мора да продолжи во текот на процесот на преговори и ќе биде фактор за оценка на напредокот.
- Опширниот дијалог меѓу Белград и Приштина е важен. Од Белград ќе се побара да ги повика косовските Срби да земат активно место во институциите на Косово.

Abstract

As negotiations about the future status of Kosovo are about to start, Belgrade's and Pristina's political positions are getting entrenched. At the same time, the opposition between the tendencies of the USA towards and of Russia and China against Kosovo's independence is growing. On November 21, UN Special Envoy Martti Ahtisaari started the negotiations on the status of Kosovo and announced the talks between Belgrade and Pristina to begin in early 2006. The leaders of the Kosovo-Albanians refuse to take part in direct negotiations, though, while Belgrade insists on them. The Serbian basis for negotiation was expressed in a parliamentary resolution, in which a refusal of Kosovo's affiliation to Serbia according to international law is unmistakably rejected. Meanwhile, Belgrade's readiness to make further concessions is quite openly expressed. Serbia's president Boris Tadic has suggested to implement a solution for Kosovo according to the Dayton peace agreement for Bosnia and Hercegovina, with an Albanian and Serbian entity in Kosovo. While there were few positive statements from the Serbian parliament, in Pristina this idea is being rejected as a splitting plan for Kosovo. While politicians in Albania proper restrain from calls for a union of the territories inhabited by Albanians, Arben Xhaferi, leader of the Albanian Democratic Party (DPA) in Macedonia, has suggested to change Kosovo's Slavic name into the Illyrian "Dardania" and to connect it to the Albanian state. Kosovo-Albanian representatives do not deny counting on the support of the USA in their striving for independence. The US might want to set a positive signal for the Muslim world by aiding a Muslim population. Russia, on the other hand, wants to foster its influence on the Balkans and avoid secessionist processes regarding its own politics on the Caucasus. The same seems to be the case for China, taking into account the Tibet and Taiwan questions.

Ставовите во Србија за Косово

Ана Плечаш

Србија: Аспирациите кон ЕУ и прашања врзани за државноста

Помеѓу земјите на Западниот Балкан, Србија-Црна Гора во нејзиното напредување кон интеграција во ЕУ и НАТО ја очекува долг пат. Владата во Белград постави три главни цели на нејзината надворешна политика за 2005 година: да добие Позитивна студија на изводливост до април, да ги започне Преговорите за стабилизација и асоцијација со ЕУ, и да влезе во програмата на НАТО наречена Партнерства за мир од крајот на годината. И како што постојано беше повторувано од страна на западот, ништо од гореспоменатото не може да се постигне сé додека земјата не направи видлив напредок во својата соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (ICTY). Позитивната студија на изводливост ја одрази силната желба која постои во Брисел да се поттикнат реформаторските елементи кои постојат на српската политичка сцена за која негативната проценка би била силно деморализирачка и веројатно политички би ја поткопала. Речиси пет години по падот на режимот на Милошевиќ, на транзицијата во Србија сè уште се гледа како кршлива, особено земајќи ја предвид силината на Српската радикална партија (изразено десничарска), најголемата партија во српското собрание. Властите во Белград продолжија да се соочуваат со проблеми, како што е, на пример, разрешувањето на статусот на Косово и иднината на државната унија со Црна Гора, кои имаат потенцијал да бидат изразено трауматски за Србија. Заради тоа, Брисел бара начини како да помогне да се стабилизира српската влада, со цел да ѝ помогне да ги надмине шоковите.

Еврокомесарот за проширување, Оли Рен во јануари 2005 година рече дека Советот и Европската комисија целат да започнат преговори за Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Белград до 5 октомври – петтата годишнина од демократските промени во Србија. Тој додаде дека ЕУ охрабрува директен дијалог помеѓу Белград и Приштина за да се разреши косовското прашање. Понатаму, шефот за безбедност на ЕУ, Хавиер Солана, рече дека трансферот на генералот Павковиќ до Хаг го потврдува изменетиот став на Белград за соработката со Трибуналот. Тој е 14 обвинет кој пристигнал во Хаг од Белград во последните шест месеци. Според Радио Б92, бројката на списокот на осомничени од Србија и Република Српска кои се наоѓаат во бегство сега изнесува девет. Преостанатите лица кои се бараат се Ѓорѓевиќ, Горан Хаџиќ, Милан Лукиќ, Средоје Лукиќ, Здравко Толимир, Драган Зеленовиќ, Стојан Жупљанин и

врвните обвинети за воени злосторства Ратко Младиќ и Радован Караџиќ. Поздравувајќи ја одлуката на Советот за соработката на Србија со Трибуналот во Хаг, Коштуница рече дека таа демонстрира дека Србија е способна за „преземање на сопствениот дел од одговорноста и за придонесување кон тоа, целиот регион да стане интегрален дел од ЕУ". Тој рече: „Нашата земја уште еднаш станува доверлив и важен партнер во градењето на мирот, демократијата и одржливиот раст на регионот. Ние, всушност, само го заземавме местото кое природно ни припаѓа во целокупниот развој на овој дел од Европа"[1].

На 7 април 2005 година високиот претставник на ЕУ за надворешни и безбедносни прашања, Хавиер Солана, го посети Белград со цел да потпише, заедно со српските и црногорските водачи, спогодба за измени на Уставната повелба на СЦГ, а која, под силен притисок на Солана, беше исцртана во февруари 2003 година. Измените одредуваат дека изборите за Собранието на СЦГ ќе се одржуваат во секоја република-членка, истовремено, со изборите за републичките собранија. Ова решение ја надминува кризата на институциите на СЦГ која беше причинета од неуспехот да се одржат изборите на почетокот на март 2005 година, како што беше предвидено со повелбата, заради одбивање на црногорските власти да одржат директни избори за СЦГ пред планираниот референдум за независност[2]. Договорените измени претставуваа отстапка од страна на Коштуница, кој се надеваше дека г. Солана ќе изврши притисок врз црногорскиот премиер Мило Ѓукановиќ, како што и имаше сторено во претходните средби, за тој да прифати предвремени избори. На оваа средба, г. Солана беше подготвен да посредува во постигнување на спогодба и Коштуница беше убеден да направи компромис во текот на патувањето за Брисел во март.

Спогодбата веднаш ја разреши кризата на легитимитет на СЦГ и засега ги запре препирките помеѓу Белград и Подгорица. Заедничките државни институции ќе се поддвижуваат но прашањето на нивната иднина ќе остане, како и досега, отворено. Беше известено и дека г. Солана силно му препорачувал на Коштуница и на српскиот претседател Борис Тадиќ, кој, исто така, е и лидер на Демократската партија (ДС), да ја доведе ДС во поширокаta српска влада на „демократскиот блок". Обете страни ги негираа преовладувачките тврдења дека разговорите за ова прашање се одржуваат помеѓу ДСС и ДС. За својот дел, ДСС која има умерен националистички профил, исто така, кокетираше со СРС, подигајќи ги стравувањата од можна постизборна коалиција, на која владите на ЕУ би гледале со одредена загриженост.

И покрај тоа, нејасниот иден статус на Косово претставува главна пречка кон целосна интеграција на Србија во Европа. Овој документ ќе се фокусира на проблемите и потенцијалните решенија на косовската криза во неговите односи со српската држава. Уште повеќе, тој

[1] www.mfa.gov.yu/Bilteni/Engleski/b260405_e.html
[2] www.cmf.ch/_sCrans/2005/OxfordA/ SERBIA-MONTENEGRO%20EU%20SAA%20offers%20short-term%20easing.doc

ќе се обиде да развие стратегија на ЕУ преку која во регионот ќе може да се спроведе градење на мирот и развој на демократијата.

Косово по шест години

Од крајот на кампањата на НАТО во јуни 1999 година, Косово е раководено од страна на ОН како виртуелен протекторат. Тоа беше управувано во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност, која прифаќа дека провинцијата е дел од Србија и Црна Гора, но под надлежност на Мисијата на Обединетите нации на Косово (УНМИК), сè до времето кога Советот за безбедност се согласи околу неговиот финален статус. Како што Косово растечки осиромашува и влијанието на националистичките политичари во Србија расте, улогата на ОН во одредувањето на иднината на Косово се става под прашање. На 2 март 2004 година, српскиот вршител на должност премиер Воислав Коштуница изјави: „За Србија, зборот статус ставен во однос на Косово може да има многу значења, но не и независност“[3]. Тој се залагаше за поделба на Косово на етнитети или кантони со цел да се заштити српското малцинство. Како одговор на тоа, гласноговорникот на косовскиот албански премиер, Бајрам Реџепи, рече: „Коштуница треба да биде свесен дека времето на поделби, кантонизации и сегрегација по етнички линии одамна е одминато“. Гласноговорникот на УНМИК ја разјасни позицијата на ОН: „Ние не поддржуваме никаква кантонизација на Косово, ние го сметаме Косово како еден ентитет и конечниот статус на Косово ќе се одлучува само од страна на Советот на безбедност на Обединетите нации“.[4]

По четири години владеење на ОН и пред размените помеѓу Србија и Косово дегенерираа во повеќе од само борба на зборови, се појави итна потреба ЕУ да ја употреби рачката на членството во ЕУ замислено и да преземе одлучни акции кон воспоставувањето на конечниот статус на Косово. Обединетото Кралство, носителот на претседателствувањето со ЕУ, ја има можноста за водство на ЕУ долж овој пат. Во текот на 90-тите години од XX век, мнозинството на етнички Албанци беше маргинализирано и исклучено од сите важни позиции во Косово. Како резултат на тоа, кога Србите се повлекоа во јуни 1999 година, на Косово имаше многу малку политичари или државни службеници кои поседуваат искуство во раководење со модерна држава. Главниот предизвик на УНМИК беше развојот на привремена демократска самоуправа. Власта сега е споделена помеѓу УНМИК и демократски избраните привремени владини институции на самоуправа (ПВИС), при што УНМИК ја задржува одговорноста за правдата, финансиите и надворешните работи.

Во текот на последните четири години беше постигнат одреден напредок. Меѓународните сили за одржување на мир (К-ФОР) со 30 000 војници, успеаја Косово да го направат помалку опасно место за живе-

[3] www.rferl.org/featuresarticle/2004/ 03/3a756b1d-510f-4aab-9e9f-6cb824858b23.html

[4] www.trocaire.org/newsandinformation/kosovo/kosovo.htm

ење. Полициските сили, составени од 3 000 лица во меѓународната полиција и силната полициска служба на Косово составена од 5 000 лица, значително ги намалија нивоата на криминал. Стапката на убиства падна од 250 во 2000 година на 68 во 2002 година. ОН и ЕУ заеднички тесно соработуваат во развојот на целосни политики за Балканот. На Самитот на ЕУ во Солун кој се одржа во јуни 2003 година, беше најавено дека разговорите ќе започнат помеѓу политичките водачи на Србија и Косово, но дека темите за дискусија нема да го вклучуваат прашањето за „конечниот статус".

Земјите-членки на ЕУ, заедно со Русија и САД, се посветени кон пристапот на „стандардот пред статусот" за Косово. Во декември 2003 година, УНМИК произведе документ наречен „Стандарди за Косово". Овој документ предвидува: „Косово во кое сите – без разлика на етничката припадност, расата или религијата – се слободни да живеат, работат и да работат без страв, непријателство или опасност и каде толеранцијата, правдата и мирот се за сите"[5]. Тешко е да се види како некои од бараните стандарди, како што е враќањето на бегалците и иселените Срби, може да биде постигната во отсуство на барем „изјава на намера" во врска со нивниот конечен статус на Косово. Нагласената причина на антисрпските чувства помеѓу Албанците на Косово не е омраза кон Србите туку страв од враќањето на владеењето на Србите. Во текот на минатите години овој страв, до одреден степен, е оправдан со изјавите кои доаѓаат од Белград, особено во текот на изборната кампања во ноември 2003 година. За разрешувањето на прашањето на конечниот статус постојат и итни економски причини. По четири години во политичка незивесност, преку половина од двомилионското население кое живее на Кососво се наоѓа под линијата на сиромаштијата, невработеноста е огромна и постојат секојдневни прекини на струјата. Просечниот дневен приход е 3 евра и службената стапка на невработеност е 57%[6]. Трокер (Trócaire)[7], кој има работено со луѓето на Косово од 1999 година, ги има видено неприликите со кои се соочуваат луѓето. Функционерите на ОН приватно признаа дека ќе беше подобро доколку статусот на Косово се разрешеше кога се исцртуваше мандатот на ОН за раководење со провинцијата. Спротивствувањето на Русија спречи тоа прашање да се разреши во тоа време.

И додека прашањето за конечниот статус сè уште останува отворено, горчината и презирот го исполнуваат вакуумот. Голем дел од презирот сега се насочува кон „меѓународниците" на ОН во Косово. Анти-ОН демонстрациите кои се одржаа во Приштина во текот на минатиот октомври беше индикација за тоа колку се разочарани луѓето на Косово од она што тие го гледаат како корумпирани начини на однесување на меѓународниците. На пример, чистач на УНМИК прима плата која е пет пати поголема од онаа на

[5] www.mfa.gov.yu/FDP/rw101203_e.html

[6] www.trocaire.org/aboutus/aboutsusintroduction.htm

[7] www.troicare.org

еден учител на Косово. Сè на сè, во провинцијата е потребна итна потреба за економски развој.

Новиот приод на Србија

Србија ја заменуваше реториката за политика на Косово, повторувајќи ја мантрата дека тоа не може никогаш да биде независно, притоа игнорирајќи ја постојната политичка и демографска реалност и меѓународното расположение[8]. Истовремено, неуспехот на Србија да се соочи со минатото – особено со етничкото чистење, кое таа го направи во провинцијата во текот на 1998-99 година – ја чинеше загуба на секаков морален кредибилитет по основ на тоа прашање. Таа не успеа да ги уапси луѓето од армијата и полицијата кои беа одговорни за насилствата, а не се случија никакви сериозни реформи на секторот на безбедност. Наместо тоа, владата активно ги поддржуваше и зајакнуваше паралелните српски структури во провинцијата и ја блокираше работата на мисијата на ОН (УНМИК).

На почетокот на 2005 година, политичарите во Белград повторно се однесуваа на начини кои се чинеа наменети да ги провоцираат косовските Албанци. Оваа година во јануари, Коштуница го посети Косово за време на православниот Божик, а Тадиќ го посети Косово во февруари. Обајцата дадоа бројни гласни изјави дека Косово е дел од Србија и дека тоа не може никогаш да биде независно. Меѓутоа, на почетокот на март, функционерите почнаа да испраќаат сигнали дека тие повторно ја проценуваа сопствената политика за Косово[9]. Ова пред сé беше причинето од сфаќањето дека меѓународната заедница планира да го отвори прашањето за конечниот статус на Косово во текот на 2005 година, со или без Србија[10]. Првиот знак беше интервјуто кое Коштуница го даде за дневниот весник „Блиц“, публикувано на 3 март 2005 година[11], во кое тој повика Косово да има поголем степен на автономија останувајќи во рамките на Србија и во Државната унија на Србија и Црна Гора. Тој зборуваше за „атипично решение“ за провинцијата и се повика на други „атипични“ решенија на Балканот, како што е Охридскиот договор од 2001 година во Македонија, Дејтонскиот мировен договор од 1995 година во Босна, и самата Државна унија. Тој, исто така, рече дека нема да се навраќаме на стари решенија и повика на компромис. Следниот ден „Вечерње новости“ објави извадоци од конференцијата за печат на која Коштуница го повтори повикот за „исклучително високо ниво на автономија“, но во рамките на Србија и Државната унија, повторно повикувајќи се на „атипични решенија“ и спомнувајќи ја можноста за изнаоѓање на решение за Косово слично со она од Дејтонскиот договор. На свеченоста по повод 19-годишнината на Второто српско востание против Отоманската Империја, на 24 април, г. Коштуница повтори дека Србија е спремна на компромис, но без промена на нејзините граници[12]. Слични

[8] www.zamislisrbiju.org/docs/analize/ ICG-Serbia%20spinning%20its%20wheels.pdf

[9] members.aol.com/dxhezo/srama.htm

[10] www.ifrc.org/docs/appeals/annual03/017503ar.pdf

[11] www.blic.co.yu

[12] www.mfa.gov.yu/Bilteni/Engleski/b200505_e.html

теми беа повторени од страна на сите водечки српски политичари, вклучувајќи го претседателот Тадиќ, заменикот-премиер Лабус, министерот за надворешни работи Вук Драшковиќ, раководителот на Центарот за координација Небојша Човиќ и Богољуб Кариќ, истакнат косовски Србин. Сите тие зборуваа за потребата од компромис и систем на две тела кој на преостанатите косовски Срби би им дал посебна заштита. Она што е важно е дека изразеното десно крило на српската политика се прикучи на овој концепт, со изјавата на лидерот на СРС, Томислав Николиќ, дека неговата партија е „спремна на највисоко ниво на автономија“[13] за Косово. Врз основа на овие прашања се покажува дека Србија сега е подготвена да работи на постигнување компромисно решение кое на Косово ќе му понуди многу широка автономија, останувајќи *де јуре* во рамките на Србија и Државната унија. Формата која таквата спогодба би ја зазела сè уште е слабо дефинирана и Белград се чини отворен за идеи. Коштуница спомена спогодба од типот на онаа од Дејтон; Драшковиќ спомена статус сличен на Јужен Тирол во Италија; Славиша Петковиќ, српскиот министер за малцински заедници и враќање во Привремената косовска влада (ПИСГ) повика Косово да има економска автономија слична на онаа која ја има Баварија во Германија; Кариќ, кој ја води Српската партија, која е трета по популарност, повика на создавање на специјален регион на ЕУ. Мотото „повеќе од автономија и помалку од независност“ ги резимира постојните размислувања, со формата дека „повеќе од автономија“ ќе биде широко отворена за преговори.

Ова одбележува вистински напредок, но размислувањата сè уште не ги достигнаа оние на меѓународната заедница, и спектарот на ангажман сè уште е доста тесен. Вистинската крајна линија е дека политичарите во Белград сакаат решение кое ќе им го сочува образот и кое ќе им дозволи да кажат дека тие не се оние кои го изгубија Косово. Тие речиси и да немаат желба да го вратат владеењето на Србите во областите со албанско мнозинство; нивната главна загриженост е да се изнајде територијално решение за трите северни општини со мнозинско српско население и за северниот дел од поделениот град Митровица. Но, оваа политика сè уште се развива, и сè уште не е сигурно дека Србија ќе се приклони кон притисок за отцепување на северните делови од остатокот од Косово, а како такво „тврдото отцепување“ би им го направил животот несигурен на мнозинството косовски Срби кои живеат во енклавите кои се наоѓаат повеќе на југ. Меѓутоа, она што е јасно е дека политичарите од Белград се силно расположени за идејата за меѓународна конференција за конечниот статус на Косово која би им го дала потребното покритие за дома да кажат – доколку е тоа потребно – дека тие немале избор во каква и да е спогодба која би се постигнала. Во дополнение на изјавената спремност да се бара компромис, сé пове-

[13] www.zamislisrbiju.org/docs/analize/ ICG-Serbia%20spinning%20its%20wheels.pdf

ќе се видливи и други промени. Постојаниот татнеж кој доаѓа од анти-УНМИК и антиалбанската пропаганда на српските државни медиуми се чини малку се ублажи од април 2005 година наваму[14]. Во два наврата Тадиќ повика да се организира состанок со претседателот на Косово Ибрахим Ругова кој обата пати ја одби оваа иницијатива, додека Коштуница исто повика на средба лице-во-лице со косовскиот премиер Бајрам Косуми, кој позитивно се одзва на оваа покана, но не успеа да се согласи околу датум за средбата. Овие случувања му овозможија на Белград да се претстави како разумната страна, додека косовските Албанци како попречувачите. На средбата на српското републичко раководството која се одржа на 22 април и која ги вклучи Тадиќ, Коштуница и Човиќ, Владата објави три главни заклучоци во врска со Косово[15]. Два од нив беа позитивни: дека дијалогот треба да се продолжи преку работните групи на Белград-Приштина во врска со исчезнатите лица, енергијата и другите „технички" области; и дека треба да постои и директен политички дијалог, особено контакт помеѓу Тадиќ и Ругова. И третиот кој беше помалку позитивен: инсистирање Белград да назначи претставници на косовските Срби во косовската работна група за децентрализација.

Иако Белград зазема нов јавен приод кон Косово, тој е ограничен исклучително на прашањето за статусот. Но, во реалноста, продолжува да ги попречува меѓународните напори. Најзабележително е постојаното инсистирање дека ги застапува косовските Срби, и дека тие треба да ги бојкотираат институциите на ПИСГ. Ова беше повторено на состанокот на Советот на владата на Србија за Косово и Метохија, која се одржа на 10 мај и со која претседаваше Коштуница. Меѓуоа, некои политичари Срби од Косово стануваат сè повеќе и повеќе нетрпеливи кон Белград и се приклонуваат кон напуштање на бојкотот. Тие се водени најмногу од страна на Оливер Ивановиќ, Горан Богдановиќ и Ранѓел Нојкиќ од Српската листа за Косово и Метохија[16]. Славиша Петковиќ отиде и подалеку, кревајќи го носот на инструкциите од Белград со пристапувањето во ПИСГ во февруари 2005 година како раководител на неговото ново министерство за враќања и заедници и преку основање на политичка партија која ја наследува неговата Српска граѓанска листа.

Заклучок

Марти Ахтисари, специјалниот претставник на ОН кој ги надгледува преговорите за конечниот статус на Косово, од неодамна ја започна својата мисија на шатл дипломатија помеѓу Белград и Приштина. Конечните исходи од неговата мисија се неизвесни. Потребни се многу време и вештини за да се посредува конечен договор и решение за косовското прашање. Скорешниот поли-

[14] www.zamislisrbiju.org/docs/analize/ ICG-Serbia%20spinning%20its%20wheels.pdf
[15] www.mfa.gov.yu/Bilteni/Engleski/b190505_e.html
[16] www.zamislisrbiju.org/docs/analize/ ICG-Serbia%20spinning%20its%20wheels.pdf

тички развој, како што е опишан во овој документ, покажува дека истакнатите српски политичари се повеќе отколку што кажуваат се спремни за изнаоѓање на креативни решенија за тоа како сегашната српска провинција е без ефективно српско владеење. Главните чинители на нивните ставови се српските аспирации кон членство во ЕУ, како и перспективите кои произлегуваат од него, и иднината на Унијата на СЦГ. Од овие процеси можат да се ожнеат политички користи, додека какво и да е изводливо решение за Косово ќе доведе само загуби.

Abstract

The unclear future status of Kosovo is the main obstacle in Serbia's integration process into Europe. The aim of the article is to focus on problems and potential solutions and to develop a EU strategy for implementation of the peace-building and democracy development in the region.

EU member states, along with Russia and the US, are committed to a "standards before status" approach to Kosovo. In the 2003 UNMIK document "Standards for Kosovo", standards such as return of refugees and displaced Serbs are required, which is difficult to achieve without at least a "statement of intent" on their future status in Kosovo. The reason for anti-Serb feelings among Albanians in Kosovo is not a hatred of Serbs, but fear of a return to Serb rule, which has, to some extent, been justified by statements from Belgrade over the past few years. There are also urgent economic reasons for settling the final status question. While it remains unsolved, bitterness and resentment are arising, which is recently being directed against the UN "internationals" in Kosovo. At present, the final outcome of UN special representative Martti Ahtisaari's mission is uncertain. Recent political developments show that prominent Serbian politicians are more ready than they say to explore creative solutions for Kosovo, the main influence on which are the Serbian aspirations for EU membership and the future of the Serbian-Montenegrinian union.

Библиографија:

1. "Kosovo, War and Revenge", Tim Judah, 2000 Yale University Press
2. "Inat: Images of Serbia and the Kosovo Conflict", 2000 Scott Taylor, Espit de Corps books
3. "To Kill a Nation: Attack on Yugoslavia", Michael Parenti, 2000 Verso
4. "The Balkans: Nationalism, Wars and Great Powers 1804-1999", Misha Glenny, 1999 Penguin Books
5. "Serpent in the Bosom: The Rise and Fall of Slobodan Milosevic", Lenard Cohen, 2001 Westview Press
6. "Balkan Tragedy: Chaos and Dissolution after the Cold War", Susan L. Woodward, 1995 Brookings Institution
7. "Folly and Failure in the Balkans", article by Tom Gallager, 1999 *History Today Vol. 49*
8. "Should Milosevic be Tried in the Hague?", by Andrej Grubacec, 2002 www.zmag.org
9. "EU Ponders New Aid Deal for Balkans" – Balkan Crisis Report, Institute for War and Peace Reporting, www.iwpr.net
10. International Criminal Court for Former Yugoslavia, official website www.un.org/icty
11. "The New Military Humanism : Lessons from Kosovo", Noam Chomsky, 1999 Common Courage Press
12. Службената веб страница на српската влада www.srbija.sr.gov.yu
13. "Optionen für die Zukunft des Kosovo", Franz- Lothar Altmann, SWP Studie August 2001
14. „EU und Westlicher Balkan: von Dayton nach Brüssel – ein allzu lager Weg?", Franz-Lothar Altmann, SWP Studie Januar 2005-06-30
15. „Extremist take advantage of the political vacuum in Kosovo", Dusan Reljic, SWP Comments September 2003
16. "European and US policies in the Balkans: Different views and perceptions, common interests and platforms?", Franz- Lothar Altmann, SWP Studie July 2004
17. "Zwischen Selbstbestimmung und Multiethizität – Internationale Akteure und Nation-Building in Bosnien und Kosovo", Dusan Reljic, SWP Aktuell Februar 2002
18. Report of the Secretary-General on the United Nations Interim Administration Mission in Kosovo, Security Council, May 23rd 2005

Улогата на реформите на безбедносниот сектор во остварувањето на регионалната сигурност во Југоисточна Европа

Мишо Докмановиќ

Тие што би се откажале од основната слобода за привремена безбедност, не ја заслужуваат ни слободата ни безбедноста.

Бенџамин Франклин

Крајот на студената војна се чини дека отвори ново поглавје во светската политика кое дотогашниот предвидлив и стабилен систем на меѓународни односи го замени со една несигурна меѓународна рамка која ја карактеризираше фрагментација во меѓународните односи, но и зголемување на предизвиците за безбедноста. Промените во меѓународното безбедносно опкружување олицетворени во дисолуцијата на Варшавскиот пакт и распаѓањето на Советскиот Сојуз, граѓанските војни на територијата на поранешна Југославија, но и настаните од 11 септември 2001 година, како и „војната против тероротот" во Авганистан и Ирак ја наметнаа потребата од ургентна реформа на безбедносниот сектор и во Југоисточна Европа (ЈИЕ).

Во тој контекст, треба да нагласиме дека концептот на реформи во безбедносниот сектор почна да се развива уште на почетокот на 90-тите години на минатиот век. Тоа најмногу се должи на фактот што сиромашните земји во тој период се соочуваа со серија на сериозни проблеми: зависност од странска помош, нестабилна политичка власт, заканите за вооружени конфликти, но и проблемот на сопствената безначајност на меѓународната сцена[1]. Западните земји ги согледаа овие проблеми и на некој начин се обидоа, преку креирањето на концептот на реформи во безбедносниот сектор, да создадат еден механизам кој ќе ја забрза демократската транзиција во овие општества. Предвидениот механизам на еден начин требаше да создаде „модел" за етапите на реформата и нејзините цели, стабилизирање на внатрешната политичка состојба во државите, заштита од внатрешните и надворешните антагонисти на реформите, создавање на системи на контрола на транспаретноста во безбедносниот сектор преку вклучување на цивилниот сектор итн[2].

Консеквентно на тоа, евроатлантските организации започнаа со дефинирање на главните елементи

[1] Dylan Hendrickson, 'A Review of Security Sector Reform', *The Conflict, Security and Development Group Working Papers,* No. 1. September 1999. Available at: http://csdg.kcl.ac.uk/Publications/assets/PDF%20files/Working%20paper%20number%201.pdf

[2] Flurri, P. (2005) *Security Sector Governance and Reform in South East Europe – a Brief Study in Norms Transfer.* Proceedings of the NATO Advanced Research Workshop " Security Sector Reform in Southeastern Europe and the Mediterranean: Lessons and Challenges" held in September 2005, Halki, Greece

на оваа нова политика. Првата артикулација на оваа „нова“ потреба од реформи во безбедносниот сектор Европскиот совет ја направи во 1993 година со дефинирањето на тн. критериуми од Копенхаген чие исполнување ја отвораше можноста за вклучување на земјите на Централна и Источна Европа во Европската унија. Во таа насока, јасно беше нагласена потребата од „стабилност на институциите кои ја гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата“[3].

Веќе следната година и НАТО-алијансата, преку програмата на Партнерството за мир ги дефинираше вредностите кои, потенцијалните нови членки на сојузот, требаше да ги практикуваат „заштитата и промоцијата на фундаменталните слободи и човекови права и заштитата на слободата, правдата и мирот преку демократијата“. Овие вредности требаше да се реализираат преку следните обврски: транспарентност во планирањето на буџетите за одбрана на државите, обезбедување на демократска контрола на вооружените сили, подготвеност за учество во операции под мандат на Обединетите нации и Организацијата за безбедност и соработка во Европа - ОБСЕ, развој на односи на воена соработка со НАТО и развој на вооружени сили интероперабилни со силите на останатите земји – членки на НАТО.[4]

По приемот на првите три нови членки по паѓањето на железната завеса (Унгарија, Чешка и Полска) овој концепт беше модификуван на Вашингтонскиот самит на НАТО преку создавањето на тн. Акционен план за членство (Membership action plan). Овој концепт беше промовиран со цел потенцијалните нови членки на алијансата да ги развиваат своите капацитети и структури, со цел истите да бидат оперативни со НАТО, но и истовремено да бидат самодетерминирачки во поглед на приспособувањето на истите со националните приоритети на секоја држава.

Конечно и ОБСЕ во 1994 година ги усвои Правилата на политичко – воените аспекти на безбедноста, документ кој оттогаш игра исклучително значајна улога во проценката на степенот на имплементирање на реформите во безбедносниот сектор[5].

Несомнено, овие документи ја претставуваат основата за воведувањето и имплементирањето на реформите во Источна Европа, а со тоа и на нејзиниот југоисточен дел. Сепак, анализирајќи ги условите во регионот во 90-тите години на минатиот век, со условите кои постојат денеска, многу лесно можеме да констатираме дека во изминатите години дојде до значителни промени во регионот вклучително и во сферата на безбедноста. Војните во регионот се чини дека се завршени, политичките режими во Хрватска и

[3] Copenhagen European Council – 21-22 June, 1993. Presidency Conclusions, Relations with the Countries of Central and Eastern Europe. Available at: http://www.europa.eu.int/enlargement/ec/cop_en.htm

[4] Partnership For Peace Framework Document. 10 January 1994. Available at: http://www.nato.int/docu/basictxt/b940110b.htm

[5] Chebali, V.Y. (2003). *The OSCE Code of Conduct on Politico-military Aspects of Security (1994): a Paragraph – by – Paragraph Commentary on Sections VII and VIII (Democratic Control and Use of Armed Forces).* Geneva: Geneva Center for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF)

Србија се демократизирани, а на оружјето повеќе не се гледа како на метод на разрешување на конфликтите во регионот. Значи, конечно по годините на војни и непријателства владите во регионот почнаа да говорат со ист јазик. Главните одредници на тој нов јазик на Балканот се демократизација, реформи, регионална безбедност и соработка, инвестиции, членство во евроатлантските структури. Можеме слободно да констатираме дека сите политички гарнитури во регионот без исклучок споделуваат исти интереси во сферата на безбедноста.

Преку еден преглед на националните стратегии за одбрана и безбедност на државите во регионот можеме да констатираме дека истите дефинираат речиси идентични закани за сопствената безбедност[6]. Првенствено, се нагласува дека можноста за меѓудржавен воен судир е сведена на минимум, но и дека главните закани за безбедноста во регионот претставуваат транзициските проблеми, корупцијата, организираниот криминал, безбедноста на границите, нелегалната трговија, нефункционирањето на правосудниот систем итн. Освен тоа, државите јасно ја согледуваат и опасноста од глобалниот тероризам, ширењето на оружјето за масовно уништување, но и опасностите од потенцијалните бегалски кризи, елементарни непогоди како и ширењето на заразни болести како и остварувањето на концептот на човековата безбедност.

Токму овие модификувани закани ја докажуваат тезата дека денеска концептот на безбедноста повеќе не се мери или дефинира во воени термини туку напротив, наведените закани за националната безбедност се исклучително невоени во својата природа. Аналогно на тоа, почнува да исчезнува границата која некогаш постоеше и која правеше разлика меѓу надворешната и внатрешната безбедност на државата. Во таа насока, реформата на безбедносниот систем денес нужно мора да создаде соработка меѓу „надворешните“ министерства (одбрана, надворешни работи) и агенции (разузнување) со „домашните“ министерства (внатрешни работи, образование) и агенции (полицијата, менаџмент на кризи)[7]. Денеска безбедноста изискува инволвираност на сите сегменти на општеството во нејзиното остварување, но и подготвеност на државата за темелна реформа на сопствените структури. Токму поради тие причини, остварувањето на безбедноста претставува предизвик за која било држава или регион во светот.

Тука се наметнува прашањето која е главната цел на реформите во безбедносниот сектор? Одговорот е едноставен: трансформација на безбедносните институции со цел истите да играат ефективна, легитимна и демократска улога во обезбедувањето на надворешна и внатрешна безбедност за сопствените

[6] Види: Ministrstvo odbrane Srbije i Crne Gore. (2004) *Strategija odbrane drzavne zajednice Srbije i Crne Gore*. Available at: www.mod.gov.yu; Ministarstvo odbrane Republike Hrvatske. (2002) *Strategija nacionalne sigurnosti Repulike Htvatske*. Available at: www.morh.hr/dokumenti1.asp etc.

[7] Thanos Dokos. (2005) *The Evolution of civil – military relations and progress in Security Sector Reform in Greece,* Athens: ELIAMEP

граѓани. Темелите на оваа трансформација се состојат во зајакнувањето на цивилната и парламентарната контрола на безбедносниот сектор, професионализација на безбедносните сили, демилитаризација и учество во миротворни мисии како и подобрувањето на владеењето на правото. Значи, повторно можеме да констатираме дека суштината на реформите во безбедносниот сектор не се однесуваат исклучително на реформата на вооружените сили и војната против тероротот туку опфаќаат многу повеќе елементи. Во државите – аспиранти за членство во НАТО и ЕУ, но и државите кои поради воените судири се наоѓаат во процес на реконструкција и управа од страна на меѓународната заедница во регионот на ЈИЕ, акцентот на реформите беше ставен на реформи во одбраната и демократската контрола на вооружените сили, а исполнувањето на останатите елементи условно беше занемарено. Периодот што е пред нас треба да биде посветен токму на исполнувањето на останатите елементи на реформите во безбедносниот сектор од страна на државите во регионот како основен предуслов за нивно интегрирање во евроатлантските структури.

Покрај тоа, проблем во имплементирањето на регионалната безбедност претставува и воспоставувањето на ефикасна регионална соработка меѓу државите. Денеска не може да го гоните организираниот криминал или да ја спречите трговијата со луѓе без притоа да постои активна регионална соработка меѓу државите. Одличен пример за успешна регионална соработка претставува Јадранската група на држави – аспиранти за членство во НАТО, во која влегуваат Албанија, Хрватска и Македонија. Воспоставената трилатерална соработка, со поддршка на САД, имаше исклучителен ефект во спроведувањето на реформите во безбедносниот сектор. Во таа насока, трите држави усвоија значајни документи во сферата на одбраната, презедоа ефективни мерки за намалување на активниот воен состав (на пример, во Хрватска бројот на активниот воен состав беше намален од 38000 на 27000 само во 2003 година, а според албанските планови активниот воен состав е во процес на намалување од 31 000 на 16 500 војници), соработуваа во сферата на создавањето на граничната полиција, заедно учествуваа во формирањето на Бригадата на ЈИЕ (SEEBRIG), но и во Мисијата во Авганистан[8].

На политички план Македонија постигна извонреден успех со имплементирањето на Рамковниот договор, а Хрватска со интензивирање на репатријацијата на српските бегалци и соработката со Хашкиот трибунал. Реформите коишто беа спроведени во трите држави беа и соодветно валоризирани од страна на евроатлантските структури: Хрватска ги започна преговорите за членство во Унијата, Македонија доби позитивно *avis* и се наоѓа пред добивање на статусот на кандидат за членство, а Албанија ги привршува преговорите за склучување на

[8] DCAF. (2003) *Defense and Security Sector Reforms in the Western Balkans.* Ljubljana: Ministry of defense

Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

Сепак, факт е дека трите држави ефикасно не се справија со останатите елементи на реформата: демократизацијата на општеството, функционирањето на судскиот систем, ефикасната борба против транснационалниот криминал, засилувањето на цивилниот елемент во контролата на вооружените сили итн. Овие пропусти во рамките на реформите во безбедносниот сектор имаа соодветна реперкусија врз добивањето на поканата за полноправно членство на НАТО, која беше пролонгирана од, како што беше очекувано, 2006 година за неколку години подоцна, најверојатно 2008 година.

Но, не смееме да заборавиме дека имаме уште две држави кои се клучни за стабилноста на регионот: Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина. Како резултат на војните кои се водеа на територијата на овие држави, но и особено како резултат на автократскиот карактер на режимот во Белград до 2000 година, можеме да констатираме дека овие две држави заостануваат со реформите во безбедносниот сектор. Делумно тоа се должи и на политичката нестабилност во овие две држави, пред сè, поради нерешениот статус на Косово, прашањето на независноста на Црна Гора, како и влијанието на преговорите за идниот статус на Косово врз иднината на Босна и Херцеговина, односно Република Српска. Исто така, треба да се нагласи дека овие две држави сè уште не се членки на Партнерството за мир на НАТО што е необјасниво со оглед на фактот дека во Партнерството за мир членуваат и централноазиските држави кои имаат сериозни недостатоци на полето на демократијата. Како еден од најважните критериуми за вклучување на овие две земји во Партнерството за мир се наведува целосната соработка со Хашкиот трибунал, односно испорачување на првообвинетите за сторените воени злосторства во војната во Босна – Караџиќ и Младиќ. Што се однесува до интеграцијата во ЕУ, Србија и Црна Гора неодамна ги започнаа преговорите за склучување на ССА со ЕУ, а Босна и Херцеговина се очекува истото да го започне на крајот на оваа или почетокот на следната година.

Во врска со степенот на исполнување на реформите во безбедносниот сектор во Босна и Херцеговина примарен проблем беше егзистирањето на два одбранбени ентитета (Република Српска и Муслиманско – хрватската федерација) што беше надминато со донесувањето на Одбранбената политика (мај 2001 година) и Одлуката за функционирање на одбранбените институции на Босна и Херцеговина (август 2002 година). Донесувањето на овие одлуки го отвори процесот на активни реформи во безбедносниот сектор, процес во кој Босна и Херцеговина влегува со сериозно заостанување. Постојното присуство на меѓународната заедница во земјата треба да биде искористено за забрзување на реформите во овој сектор.

За разлика од Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора се соочува со уште посериозни проблеми. Пред сè, тоа се однесува на неизвесноста на политичката ид-

нина како држава, односно во кој облик истата ќе продолжи да функционира. Дополнителен проблем претставува реформата на вооружените сили на државата, сектор кој претставува еден од најконзервативните елементи во општеството и во чија потенцијална реформа може да дојде до сериозен отпор. Значи, во Србија и Црна Гора сè уште немаме сериозни реформски зафати дури ни во сферата на вооружените сили што не беше случај и со државите – членки на Јадранската група, каде што овој процес речиси е завршен[9].

Сумирајќи го прегледот за степенот на имплементација на реформите во безбедносниот сектор во регионот задолжително мораме да дефинираме и соодветни препораки за понатамошните фази. Покрај веќе нагласената потреба од завршување на реформите во одбранбениот сектор, задолжително треба да се стави аспект на имплементирањето на демократска и цивилна контрола на вооружените сили што особено се однесува за Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина. Исто така, задолжително треба да се работи на подобрувавање на парламентарната контрола на безбедносниот сектор во земјите на ЈИЕ, а особено да се стави акцент на парламентарната контрола на службите за разузнавање. Освен тоа, треба да се забрза процесот на вклучување на цивилниот сектор во планирањето на потребите на одбраната и безбедноста во ЈИЕ, вклучително и на регионално ниво.

Следен елемент е реформата на полицијата што претставува еден од најважните елементи на реформите на безбедносниот систем. Во оваа сфера неопходна е активна инволвираност на меѓународната заедница која во овој елемент на реформите беше присутна во Албанија, Македонија и Хрватска. Како неразделен елемент во процесот на реформите се наметнува и потребата за создавање на едно регионално тело кое би било задолжено за управување на кризите во регионот. Овој предлог произлегува од фактот што кризите во одделните држави не ретко се прелеваат во целиот регион. Истовремено, создавањето на едно тело од овој тип значително би ја подобрило регионалната соработка. Конечно, инволвираноста на цивилниот сектор во реформите како и активниот однос на медиумите во целиот процес е од пресудно значење за успехот на целиот процес[10].

Во целиот процес на реформи континуирано треба да се води сметка за нивната ефективност. Во тој контекст, задолжително треба да се спроведуваат домашни проценки за степенот на имплементацијата на реформите, истите да се компарираат со проценките од останатите држави во регионот. Овој процес ќе ја зголеми кооперативноста меѓу државите и ќе овозможи подобрување на целиот процес преку едукација од странските искуства, но и сопствените грешки. Одличен пример за функционирање на овој пристап претставува неодам-

[9] Види: Hadzic M. (ed.) (2003) *Armed Forces Reform – Experiences and Challenges.* Belgrade: Centre for Civil – Military Relations

[10] Cole E., Donais T. and Fluri P. (eds.) (2005) *Defense and Security Sector Governance and Reform in South East Europe.* Baden – Baden: Nomos

на формираниот Безбедносен форум за Централна и Југоисточна Европа[11], формиран од Евроатлантските совети на државите во регионот. Од исклучително значење е фактот што во активностите на Форумот партиципираат и Романија и Бугарија, држави–членки на НАТО, кои преку сопствените искуства во процесот на реформи може да дадат значителен импулс во спроведувањето на реформите во останатите држави на ЈИЕ.

Во рамките на Форумот моментално се работи на изготвување на 8 национални проценки за безбедноста и степенот на демократизација на регионот. Од овие поединечни национални извештаи, во првата половина на следната година, треба да произлезе еден регионален извештај кој во себеси ќе ги содржи неопходните препораки за иднината на регионот од аспект на безбедноста и демократијата. Инаку, проценката за степенот на безбедност и демократија се врши на 8 клучни области: превенција на конфликти и менаџмент на кризи, реформите во одбраната и безбедносниот сектор, социјална и економска кохезија, владеењето на правото, управувањето и безбедноста со границите, контрола на вооружувањето, заканата од тероризам и заштита на животната средина.

Сумирајќи го прегледот за степенот на спроведените реформи и за приоритетите за иднината мораме да нагласиме дека се работи за сериозен предизвик. Притоа во рамките на остварување на овој предизвик не смееме да заборавиме на поединецот, индивидуата, граѓанинот. Навраќајќи се на мислата на Бенџамин Франклин, од почетокот на текстот, мораме да подвлечеме дека реформите во никој случај не смеат да водат кон намалување на правата на човекот или кон нивно ограничување. Во случај да се случи тоа, реформите ќе бидат контрапродуктивни и нема да имаат никаков ефект.

[11] Central and South Eastern European Security Forum. Available at: http://www.balkanmosaic.org/

Abstract

The paper is focused on the determination of the role of the security sector reforms in the region. In that sense, the paper analyzes the emergence of the concept of security reforms, its development and contemporary concept as well its main elements. Besides that, the paper examines the level of implemented reforms, country by country, emphasizing the main successes as well as the main obstacles and challenges for the future. Finally, the paper defines the next steps concerning the reforms in the security sector which should be undertaken in the future.

Промените во пристапот кон воените злосторства во Србија, Црна Гора и во Република Српска

Александар Спасеновски

Оваа година, во однос на војните во поранешна Југославија, во многу нешта претставува трагичен јубилеј. На почетокот на јули беше обележана десетгодишнината од масакрот во Сребреница,[1] во декември навршуваат десет години од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор,[2] додека, помеѓу овие два датума, јавноста во поранешна Југославија се присети на фактот дека помина една декада од подигнувањето на обвинувањата против Радован Караџиќ и Ратко Младиќ од страна на Трибуналот за воени злосторства[3].

Во продолжение на текстот, преку анализа на ставовите на релевантните општетствени структури во Србија, Црна Гора и во Република Српска, ќе се објасни начинот на кој тие му приоѓаат на ликот и делото на Караџиќ и Младиќ. Во таа смисла, врз основа на заклучоците за перцепциите на општетствените елити во однос на споменатите лица, ќе се фрли светло и врз нивните ставови во однос на карактерот на војните во поранешна Југославија. Понатаму, согласно тој факт, ќе се види дека во споменатите земји, сè уште постојат значајни центри кои сметаат дека Радован Караџиќ и Ратко Младиќ одиграле херојска улога за српскиот народ и неговите национални интерси, што, пак, упатува на констатацијата дека противниците на интензивирањето на демократските процеси имаат политичка сила да го сменат позитивниот тек на настаните, доколку им се укаже прилика за тоа.

На 25 јули 1995 година, Трибуналот за воени злосторства, покрена обвинение против тогашниот претседател на Република Српска, Радован Караџиќ и командантот на генералштабот на војската на Република Српска, Ратко Младиќ. Трибуналот го товари Караџиќ за геноцид, тешки повреди на женевските конвенции од 1949 година, кршење на законите и обичаите на војувањето и за злосторство против човештвото. Младиќ, пак, обвинет е поради тоа што во периодот од мај 1992 година најмалку до 22 декември 1996 година, како командант на генералштабот на војската на босанските Срби, изведувал долготрајна воена кампања, гранатирање и снајперско дејствување по цивилни делови во Сараево, наредувал и вршел убиства на повеќе од 7000 босански муслимани во Сребреница и се обидувал да ги прикрие тие и други убиства. Заради тој факт, според обвинението од Хаг, Младиќ сторил кривично дело геноцид, тешки повреди на женевските конвенциии од 1949 година, кршење на

[1] види: http://news.bbc.co.uk/1/hi/world/europe/675945.stm
[2] види: http://www.vladars.net/en/zakoni/dejton.html
[3] види: http://www.un.org/icty/indictment/english/karii950724e.htm

законите и обичаите на војувањето и злосторство против човештвото.

Ставовите на општествената елита во Србија за улогата на Караџиќ и Младиќ во војните во поранешна Југославија

Во Република Србија, забележлива е разликата помеѓу ставовите на политичките партии и ставовите на останатите општествени субјекти, во однос на улогата на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ, во војните на просторите на поранешна Југославија. Политичките партии во Република Србија, за разлика од минатото, денес се чини дека многу поодговорно се соочуваат со злосторствата. Во таа смисла, во однос на испорачувањето и предавањето на Караџиќ и Младиќ, практично не постојат сериозни разлики помеѓу нив. Меѓутоа, во поширок контекст, општествените фактори се поделија во три групи.

- Во првата група влегуваат Демократската партија[4] на претседателот на Србија, Борис Тадиќ, Српското движење на обновата[5] на министерот за надворешни работи на Србија и Црна Гора, Вук Драшковиќ, партиите-членки на народното движење „Петти Октомври“[6], Либерално демократската фракција на Демократската партија[7], предводена од Чедомир Јовановиќ, како и влијателната невладина организација „Фонд за хуманитарно право“[8]. Карактеристично за претставниците на овој дел од српската општествена елита е дека јавно говорат за злосторствата кои ги правеа Србите врз муслиманите во Босна и Херцеговина, залагајќи се за пронаоѓање и испорачување на Караџиќ и Младиќ во Хаг, без какви било преговори или дополнителни концесии.
- Во втората група, влегуваат остатокот од релевантните партии на српската политичка сцена, односно Демократската партија на Србија[9] на премиерот Воислав Коштуница, Српската радикална партија[10] на Томислав Николиќ, Социјалистичката партија на Србија на Ивица Дачиќ и Движењето „Силата на Србија“[11] на браќата Богољуб и Радомир Кариќ. Претставниците на оваа група, апсењата на споменатите злосторници и други лица, против кои Трибуналот за воени злосторства има распишано потерници, ги третираат како нужно зло, кое мора да се испочитува. Во таа смисла, тие стојат на ставот дека методот на доброволни предавања, поткрепени со парични и останати гаранции е единствено прифатлива опција. Гледно во поширок контекст, претставниците на оваа група не покажаа доволна политичка храброст да се соочат со злосторствата, кои ги правеа Србите на просторите на Босна и Херцеговина, иако реалноста упатува на тој факт. Како пример во оваа

[4] види: http://www.ds.org.yu
[5] види: http://www.spo.org.yu
[6] види: http://www.pokretpetioktobar.org
[7] види: http://www.cedajovanovic.com
[8] види: http://www.hlc.org.yu/
[9] види: http://www.dss.org.yu
[10] види: http://www.srs.org.yu & http://www.vojislavseselj.org.yu
[11] види: http://www.snagasrbije.com

насока е фактот, дека, од претставниците на политичката елита во Србија, единствено претседателот Борис Тадиќ, присуствуваше на обележувањето на десетгодишнината од злосторствата во Сребреница.[12]

- Во третата група, влегуваат поголем број општествени организации, особено делови од Српската православна црква и од Српската академија на науките и уметностите, како и поголем број невладини организации, помеѓу кои значајно место заземаат „Двери Српске“[13] и „Образ“[14]. Претставниците на оваа група, за разлика од претходните две го величат ликот и делото на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ, сметајќи ги истите за народни херои. Во однос на Трибуналот во Хаг, пак, логично, тие сметаат дека односната институција е длабоко исполитизирана, бидејќи, според нив, таа е во функција на разнебитување на српската нација и држава.

Иако, во однос на јавните позиции, општествените фактори во Србија се групираа на споменатиот начин, сепак, забележлива е соработка помеѓу дел од партиите од втората група и споменатите општествени структури и невладини организации, дел од третата група. Таквиот вид соработка се манифестира преку присуство на претставници на споменатите партии, на трибините и другите манифестации, кои најчесто се во организација на споменатите невладини организации, дел од третата група. Како пример, во таа насока беа серијата трибини на тема „Вистината за Сребреница“. На овие случувања присуствуваа одделни црковни великодостојници и политичари од Србија, меѓутоа, во јавноста тие не пропуштија да изјават дека на настанот присуствуваат единствено во улога на гости. Овој начин на соработка, упатува на констатацијата дека постои разлика помеѓу јавните позиции на односните партии и нивните фактички цели и стремежи. Причините за оваа состојба, можеме да ги најдеме во сè понагласената улога на меѓународната заедница, која ставајќи се во функција на понатамошна демократизација на Србија, не се воздржува од примена на мерки, со кои би им се отежнала активноста на партиите, кои стојат на таквите позиции.

Ставовите на општествената елита во Црна Гора за улогата на Караџиќ и Младиќ во војните во поранешна Југославија

Во Црна Гора, за разлика од Србија, не постои сериозна политичка структура, која се противи на политиката на Владата за соработка со Хаг. Во таа насока, наспроти позициите на Демократската партија на социјалистите[15] на премиерот на Црна Гора, Мило Ѓукановиќ, која се залага за беспоговорна соработка со Трибуналот за воени злосторства, стојат остатокот од партиите, противници на идејата за

[12] види: http://www.rferl.org/featuresarticle/2005/07/bfcf231a-ed94-4950-9332-991a6bc83df9.html
[13] види: http://www.dverisrpske.com
[14] види: http://www.obraz.org.yu
[15] види: http://www.dps.cg.yu

црногорската независност. Овие политички структури, неспорејќи ја обврската за испорачување на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ во затворот во Шевенинген, не пропуштаат да истакнат дека, според нив, тоа нема да го смени односот на меѓународната заедница кон Србија и Црна Гора. Гледано во поширок општествен контекст, единствено кај делови од црногорско-приморската митрополија на Српската православна црква[16], предводени од митрополитот, Амфилохије (Радониќ) сè уште постои отпор во однос на потребата од испорачување на Караџиќ и Младиќ во Хаг.

Ставовите на општествената елита во Република Српска за улогата на Караџиќ и Младиќ во војните во поранешна Југославија

Во Република Српска постои радикална разлика помеѓу фактичките чекори на релевантните политички партии и ставот на граѓаните во однос на хашките прашања. Според истражувањата на јавното мислење, граѓаните на Република Српска, константно со повеќе од 60%, сметаат дека улогата на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ е позитивна. Меѓутоа, наспроти овој став, партиите, во рамките на секојдневното дејствување преземаат чекори, кои се спротивни со позициите на јавноста. Најдобар пример за тоа е согласноста на владејачката Српска демократска партија за реформа на армијата во Босна и Херцеговина, со која фактички се укинува војската на Република Српска, наспроти остротo противење на граѓаните.[17] Ваквата состојба се должи на фактот што Босна и Херцеговина е протекторат, а политичкото влијание на меѓународната заедница, преку високиот претставник е огромно.[18] Во таа смисла, политичарите свесни дека канцеларијата на високиот претставник има право да разреши кој било функционер или да издаде забрана за негово занимавање со политика, под изговор дека се доведува во прашање спроведувањето на Дејтонскиот мировен договор, не се рашаваат во практика да реализираат такви ставови. Тоа, последните години, најдобро го чувствуваат политичарите токму од Република Српска. Впрочем, и последната смена на владата на помалиот ентитет во Босна и Херцеговина беше резултат на одлуката за политички смени на Педи Ешдаун. Меѓутоа, сепак, помеѓу партиите постојат разлики, во однос на соработката со Хаг. Конкретно, Српската демократска партија, чиј лидер беше Радован Караџиќ, и Партијата за демократски просперитет[19] на министерот за надворешни работи на Босна и Херцеговина, Младен Иваниќ, не ја попречуваат соработката со Трибуналот, но јавно изјавуваат дека дури и да бидат испорачани Младиќ и Караџиќ, меѓународната заедница, во тој случај, ќе најде друга тема, затоа што тенденцијата е Република

[16] види: http://www.mitropolija.cg.yu/aktuelno/

[17] види: http://www.bosnia.org.uk/news/news_body.cfm?newsid=2098

[18] види: http://www.ohr.int

[19] види: http://www.pdp-rs.org

Српска постојано да се одржува во грч. За разлика од нив, опозициските Сојуз на независни социјалдемократи[20] на Милорад Додиќ, смета дека Радован Караџиќ и Ратко Младиќ треба да бидат уапсени, бидејќи тие се пречка за евроинтегративните процеси на Босна и Херцеговина, потенцирајќи дека кој било став спротивен на нивниот е катастрофален за иднината на Република Српска.

Една декада по покренувањето на обвинението против Радован Караџиќ и Ратко Младиќ, од страна на Трибуналот за воени злосторства, забележлива е позитивна промена во ставовите на политичките елити во Србија, Црна Гора и во Република Српска. Меѓутоа, сé уште значајни делови од Српската православна црква и од Српската академија на науките и уметностите не отстапуваат од идеите дека овие лица одиграле херојска улога во војната во Босна и Херцеговина. Оваа констатација, упатува на заклучокот дека противниците на интензивирањето на демократските процеси, имаат политичка сила да го сменат текот на настаните, доколку им се укаже прилика за тоа.

[20] види: http://www.snsd.org

Abstract

Ten years have passed since former Bosnian Serb leader Radovan Karadzic and his former armed forces commander General Ratko Mladic were indicted by the Hague war crimes tribunal for genocide and other war crimes.

Radovan Karadzic and Ratko Mladic, in the territory of Bosnia and Herzegovina, by their acts and omissions, committed a crime against humanity by persecuting Bosnian Muslim and Bosnian Croat civilians on national, political and religious basis. As set forth below, they are criminally responsible for the unlawful confinement, murder, torture, robbery and inhumane treatment of civilians.

In this period, political elites in Serbia, Montenegro and Republika Srpska, have distorted their attitude towards the responsibility of Karadzic and Mladic at the wars in former Yugoslavia. Despite everything, there is still strong opposition, mainly parts of the Serbian Academy of Sciences and Arts, the Serbian Orthodox Church and some politicians. This fact implicate that the opponents of the democratic processes in Serbia, Montenegro and Republika Srpska have enough political strength to change the circumstances if they get the opportunity to do so.

Промени на Генералната рамка на мировниот договор за Босна и Херцеговина (Дејтонски договор) на анексот 4 од Договорот-Уставот на БиХ како значителен фактор за зајакнување на безбедноста во регионот

Сашо Додевски

На крајот на 2005 година, се случија повеќе настани кои имаат или во иднина би имале значително влијание врз безбедноста во регионот. На пример, позитивното мислење за Р. Македонија од Европската комисија во врска со добивањето на статусот, држава-кандидат за членство во ЕУ, почетокот на преговорите за решавање на конечниот статус на Косово, скорешното потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) на Р. Албанија со ЕУ, почетокот на преговорите за склучување на ССА на Р. Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина со ЕУ и веќе започнатите разговори за промени на Дејтонскиот договор.

На 14.12.2005 година, се навршија десет години од официјалното потпишување на Генералната рамка на мировниот договор за Босна и Херцеговина, пошироко во јавноста познат како Дејтонски мировен договор.[1] По тринеделни преговори со посредство на меѓународната заедница и под претседателство на САД, во воено-воздухопловната база Рајт-Петерсон во градот Дејтон во сојузната држава Охајо, на 21.11.1995 година, договорот беше парафиран од претставниците на меѓународната заедница, страните кои учествуваа во војната во БиХ и тогашните претседатели на Босна и Херцеговина, Хрватска и СРЈ, Алија Изетбеговиќ, Фрањо Туѓман и Слободан Милошевиќ. Во основа, Дејтонскиот договор претставуваше мировен договор со кој беа прекинати воените дејствија, односно, завршивојната во БиХ, водена во периодот од 1992 до 1995 година. Мировниот договор официјално беше потпишан на 14.12.1995 година во Париз.

Десетгодишнината од потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, ја поздравија и претставниците на меѓународната заедница вклучени во неговото постигнување.

[1] Дејтонскиот мировен договор беше постигнат како резултат на преговорите водени од 1. до 20.11.1995 година во Дејтон-Охајо. Договорот е комплексен документ, составен од Генерална рамка на мировниот договор и повеќе анекси со кои се регулираат повеќе прашања: Анекс 1-А Воени аспекти на мировниот договор, Анекс 1-Б Регионална стабилност, Анекс 2 Границата помеѓу ентитетите, Анекс 3 Избори, Анекс 4 Уставот на БиХ, Анекс 5 Арбитража, Анекс 6 Човекови права, Анекс 7 Бегалци и раселени лица, Анекс 8 Комисија за зачувување на националните споменици, Анекс 9 Јавните корпорации на БиХ, Анекс 10 Цивилните аспекти на мировното решение, Анекс 11 Меѓународни полициски сили. Генералната рамка и неговите анекси беа парафирани на 21.11.1995 година, од претседателите на Р. Хрватска Фрањо Туѓман, Р. БиХ Алија Изетбеговиќ, СРЈ и Република Српска Слободан Милошевиќ и Федерацијата на БиХ Крешимир Зубак... (Kreca M., Paunovic M., *Praktikum za Medjunarodno pravo*, Dosije, Beograd, 2002, str. 449-468).

Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ Хавиер Солана оцени дека: *„по десет години од Дејтонскиот договор, БиХ е на почетокот на новата ера во односите со Европа. Сите страни во БиХ мора да го искористат овој момент и да ги спроведат нужните реформи за да се изгради функционална држава. Пресудно за преговорите за придружување кон ЕУ ќе бидат реформите во полицијата и законите за јавната радиотелевизиска мрежа“*. Комесарот за проширување на ЕУ Оли Рен: *„им честиташе на Босанците на важните достигнувања, особено на изградбата на вистинска мултиетничка демократија, обновата на инфраструктурата и враќањето на повеќе од еден милион бегалци во своите домови“*. Генералниот секретар на НАТО Јаап де Хоп Шефер истакна: *„Алијансата имала и ќе има важна улога во демократизацијата на Босна затоа што народот на таа земја го заслужува тоа“*.[2] Во Вашингтон беше одржана главната свечена церемонија за одбележување на десетгодишнината од потпишувањето на Дејтонскиот договор.

Покрај другите воено-цивилни аспекти кои се вклучени и кои ги регулира Дејтонскиот договор, во договорот во анексот 4 е вклучен Уставот на БиХ, според кој е утврдено државното уредување на БиХ. Токму анексот 4 т.е Уставот на БиХ е предмет на разговори и преговори за негова модификација и промена. Според Уставот на БиХ, таа е сложена држава која се состои од два ентитета-Федерација БиХ во која живее бошњачко и хрватско мнозинство, односно муслиманско-хрватска федерација[3] и Република Српска со српско мнозинство. Договорот предвидува една држава БиХ, два ентитета Федерација БиХ и Република Српска и три конститутивни народи Срби, Хрвати и Бошњаци. Суверенитетот на БиХ исклучително е утврден во областа на надворешната политика, надворешната трговија, царинската политика, монетарната и финансиската политика, политиката и регулирање на прашањата на емиграција, бегалци и азил, регулирање на меѓуетнитетскиот транспорт, контрола на воздушниот сообраќај... Поголемиот дел од надлежностите на внатрешен план, утврдени во Уставот, ги имаат ентитетите. Постојат заеднички институции: во законодавната власт, Парламентарното собрание на БиХ, составено од Претставнички дом и Дом на народите, извршна власт со трипартитно претседателство од претставници на трите ентитети со ротирачка претседавачка функција, Совет на министри и судска власт Уставен суд на БиХ, Обвинителство на БиХ и Пра-

[2] *www.dnevnik.com.mk/?pBroj=2917&stID=67591*

[3] Федерацијата Босна и Херцеговина е формирана по потпишувањето на Вашингтонскиот договор на 18.03.1994 година. Во Сараево на 30.03.1994 година е одржана конститутивната седница на Уставотворното собрание на Федерацијата Босна и Херцеговина, составена од пратениците избрани на изборите во 1990 година, во Собранието на Република БиХ од територијата на Федерацијата на која е усвоен и Уставот на Федерацијата БиХ. Со Уставот е утврдено дека: *“Босанците и Хрватите како конститутивни народи, заедно со другите граѓани на Република БиХ ги остваруваат нивните суверени права, ја преобликуваат внатрешната структура на територите со мнозинско босанско и хрватско население во Република БиХ и Федерацијата БиХ, која се состои од федерални единици (кантони) со еднакви права и одговорности...“*, Преземено од официјалната вебстраница на Владата на БиХ., *www.fbihvlada.gov.ba/bosanski/federacija/index.html.*

вобранителство на БиХ. Секој од двата ентитета има свое собрание и своја влада.[4] Со вака воспоставениот систем на државно уредување, БиХ го има еден од најкомлицираните и најгломазните владини системи во светот.

Сето тоа придонесува државата бавно да се развива и речиси не се реформира поради сложениот административен систем. Собранијата и владите на ентитетите имаат поголема моќ од соодветните централни институции. На чело на државата е колективно Претседателство, но, врховната политичка моќ ја има високиот претставник на меѓународната заедница.[5] Аналитичарите предупредуваат дека и по десетгодишниот мир во БиХ, политичките институции во земјата се слаби додека клучните одлуки за иднината на државата ги носи високиот претставник. Во случај на повлекување на меѓународните цивилновоени претставници, не би имало реална можност за самоодржување на БиХ.

Токму комплицираноста во функционирањето на политичкиот систем во БиХ е причината за преземање на активности за промени во Уставот на БиХ. За потребите од интервенција во Уставот на БиХ, сведочат и изјавите на претставниците на меѓународната заедница. Високиот претставник на меѓународната заедница во БиХ, Педи Ешдаун кој е непосредно вклучен во функционирањето на државниот систем на БиХ, кој во изјавата за лондонскиот весник "Гардијан" вели дека: *„договорот беше добар за завршување на војната, но е многу лош за градење држава, па затоа е време тој да се напушти...*[6] *Дејтонскиот договор послужи за остварување на главните цели: прекин на борбите, почеток на обновата на инфраструктурата во земјата и спроведување на демократски избори и сега е време истиот да биде модернизиран и корегиран од некои свои недостатоци. Не е вообичаено државите да имаат одреден степен на вградена нефункционалност во нив во врска со справувањето со етничките, културните, и политичките мешавини. Но ниту една држава не може да преживее таму каде што 70 отсто од нејзините даноци се трошат на владата а само 30 отсто на граѓаните. Овој нацрт-устав ќе значи тотална трансформација на оваа земја*.[7] *Сегашната организациона структура на БиХ е премногу комплицирана..., најважен аспект од уставните промени е политичкиот консензус."* [8] Во тој контекст е и изјавата, дадена од државниот потсекретар за политички прашања на САД, Николас Барнс, во говорот пред Комитетот за надворешни односи на Сенатот на

[4] *www.fbihvlada.gov.ba/bosanski/bosna/index.html.*

[5] Високиот претставник на меѓународната заедница во БиХ во име на меѓународната заедница е задолжен да ја надгледува имлементацијата на цивилните аспекти на Дејтонскиот договор и да ја координира активноста на меѓународните цивилни организации и агенции кои дејствуваат во земјата. Мандатот на високиот претставник е прецизиран во Анексот 10 од договорот со кој, тој се прогласува за конечен авторитет во земјата за толкување на договорот за имплементација на цивилниот дел на мировниот договор. Прв висок претставник на меѓународната заедница во БиХ беше Карл Билд (Шведска 1995-1997), Калос Вестендорп (Шпанија 1997-1999), Волфганг Петрич (Австрија 1999-2002) и Педи Ешдаун (В. Бртанија 2002-...). Имплементација на воените аспекти од договорот, беше под надлежност на НАТО преку мисиите ИФОР и СФОР а од минатата година, под надлежност на мисијата на ЕУ-ЕУФОР.

[6] *www.a1.com.mk/vesti/default.asp?vestiID=53547*

[7] *www.balkantimes.com/cocoon/setimes/html/mk/features/seti.../feature-01?print=ye*

[8] *www.balkantimes.com/cocoon/setimes/html/mk/newsbrifes/setimes/newsbriefs/20/05/11/11/*

САД: *„Дејтонскиот договор никогаш не беше замислен како нешто непроменливо. Народот во БиХ веќе ја препозна потребата од реформа, како услов за пристапување во НАТО и во ЕУ“*.[9]

По иницијатива на меѓународната заедница, првенствено на САД и ЕУ започнаа активности во насока на промени во Уставот на БиХ. Новиот нацрт-устав веќе е изготвен од Институтот за мир од Вашингтон, во консултации со претставниците на главните политички партии во БиХ, и тој треба да се користи како основа за преговорите. Работната група која го подготвуваше нацрт-уставните промени во БиХ е предводена од Доналд Хејс поранешниот заменик на високиот претставник во БиХ и сегашен претставник на Институтот за мир. Нацрт-уставот предвидува воспоставување на БиХ како: “*нормална интегрирана неетничка парламентарна демократија со еден парламент и една централна влада со сите законодавни и извршни овластувања и со еден претседател на државата наместо тричленото претседателство. Институтот истакнува дека, покрај новиот устав, ентитетите ќе продолжат да егзистираат со драстично намалени ингеренции, како и тоа дека акцентот треба да биде ставен на човековите и граѓанските права, а не како досега на правата на националните колективи“*. [10]

Оттука може да се заклучи дека, иницијативата за промената на Уставот на БиХ е прифатена и преговорите се веќе започнати во насока на модификации за зајакнување на институциите на централната власт на државата и намалување на моќта на ентитетите, односно, зајакнување на централните владини политички институции, Претседателството, Парламентот и Владата. Промените не вклучуваат никакви суштински измени во територијалната организација на земјата.

Предлозите за промените во Уставот на БиХ веќе се разгледуваат од претставниците на главните политички партии во БиХ и засега постојат извесни несогласувања и спротивни ставови. Според претседателот на Република Српска, Драган Чавиќ, и претседател на Српската демократска партија: *„никој во Република Српска во најавените уставни промени не сака и не може да прифати укинување на тој ентитет. Сегашната поделеност на БиХ на два ентитета Бошњачко-хрватска федерација и Република Српска не е предмет на разгледување. Ние сметаме дека измените на основните дејтонски решенија се неприфатливи. Секој треба да каже дали ја прифаќа Република Српска како дел од БиХ. За укинување на Република Српска нема ниту политичко ниту меѓународно упориште, според него бошњачките и хрватските политичари настојуваат низ процесот на уставни промени да ги укинат ентитетите во БиХ“*.[11] На сите едностранни одлуки за менување на уредувањето на БиХ, особено на Република Српска во нејзините рамки, се спротивставува и претседателот на Репуб-

[9] *www.balkantimes.com/cocoon/setimes/html/mk/features/seti.../feature-01/print=ye*

[10] *www.vest.com.mk/default.asp?id=107722&idg=1622&rubrika=Svet*

[11] *www.mia.com.mk/mak/vest.asp?vest=\2%20rs%20covic.htm*

лика Србија, Борис Тадиќ. Коментирајќи ја најавената ревизија на Дејтонскиот договор Тадиќ изјави: *„Загреб и Белград треба да поддржат сè што ќе договорат трите народи во БиХ. Подвлекувам, само ако се договорат сите три конститутивни народи, јас како претседател на земјата што го потпиша Дејтонскиот договор, ќе се спротивставам на сите едностранн одлуки за менување на уредувањето на БиХ, особено на Република Српска во нејзините рамки"*.[12] Хрватските претставници во БиХ, претседателот на босанско-херцеговската Хрватска демократска заедница, Драган Човиќ, бара: *„во БиХ да се воспостави трета хрватска федерална единица која ќе има своја законодавна извршна и судска власт. За ХДЗ веќе е неприфатливо постоење на две составни еднинициа и затоа сакаме сосема нов документ а не доработка на Дејтонскиот договор. Со три федерални единици во БиХ би била гарантирана апсолутна рамноправност на трите државотворни народи"*.[13] Истиот став за нова територијална поделба на земјата е поддржан и од Иво Миро Јовиќ хрватскиот член во Претседателството на БиХ кој смета дека, ако и се дозволи на Република Српска да продолжи да егзистира, тогаш на Хрватите треба да им се даде, исто така, сопствен ентитет. Предлогот за создавање на трет хрватски ентитет во БиХ ја отфрла и претседателот на Р. Хрватска, Стипе Месиќ: *„создавањето на трет ентитет во БиХ не е добра идеја, трет босански ентитет би ја „конзервирал" неповратно ситуацијата во соседната држава..."*.[14] Според претставниците на Бошњаците, БиХ треба да биде единствена централизирана држава со силна централна власт и укинување на сите ингеренции на ентитетите.

И покрај ваквите спротивставени изјави, територијалната реорганизација на БиХ не се наоѓа на агендата и разговорите помеѓу водечките политички партии во БиХ се фокусирани на трипартитното претседателство, зајакнувањето на позицијата на државниот премиер како и зајакнувањето на позицијата на државниот парламент. Од страна на претставниците на главните политички партии во БиХ, презентирани се различни предлози во врска со промените во овие институции. Предлозите во врска со Владата се, таа да се прошири со повеќе министерства на државно ниво и начелно е договорено Владата да има 11 министерства, но, останува да се утврди како ќе се вика- Совет на министри или Влада, на чие чело ќе биде претседавач на Советот или премиер. Постигната е начелна согласност околу паритетот за пополнување на министерските места од редовите на трите народи. Во однос на другите институции предлозите и спорните моменти се: како да се конституира Претседателството, каков ќе биде составот на Парламентарното собрание, Претставничкиот дом и Домот на народите како и нивните овластувања и начин на избор. Во комбинација се повеќе варијанти за промените во овие институции на БиХ. Во

[12] *www.dnevnik.com.mk/?pBroj=2917&stID=67591*
[13] *www.a1.com.mk/vesti/default.asp?vestiID=52176*
[14] *www.balkantimes.com/cocoon/setimes/html/mk/newsbriefs/setimes/newsbriefs/2005/11/21*

однос на Претставничкиот дом, предлогот е да се зголеми бројот, да има повеќе парламентарни членови, односно, 150 наместо сегашните 42 члена. За Претседателството се предлагаат две опции-наместо ротирачко Претседателство од три лица, да има еден претседател што би бил избран од Парламентот или претседател со двајца потпретседатели што би се менувале на 16 месеци. Понатаму, на пример, заедничкиот шеф на државата да има само протоколарна надлежност а сите важни одлуки треба да бидат изнесени пред Советот на министрите. Се предлага да се избрише одредбата дека „Претседателството на БиХ го сочинуваат еден Бошњак, еден Хрват и еден Србин"...

Сепак, и покрај ваквите ставови, претставниците на осумте главни политички партии во БиХ во Вашингтон, на церемонијата на одбележувањето од десетгодишнината на Дејтонскиот договор, потпишаа заедничка изјава за промени на Дејтонскиот договор и начелно се согласија да го изменат Уставот на БиХ за да се зајакне централната власт и земјата да се подготви за вклучување во ЕУ и НАТО. Сепак, конкретните решенија допрва треба да се договараат а новиот Устав треба да биде изработен до март идната година. Државниот потсекретар на САД, Николас Барнс го оцени потпишувањето на заедничката изјава како голем настан за иднината на БиХ, односно, дека на БиХ и е потребна посилна централна власт, поголеми овластувања на премиерот, поефикасен парламент и еден претседател. Изјавата ја потпишаа лидерите на српските партии, Драган Човиќ од Српската демократска партија, Милорад Додик од Сојузот на независни социјалдемократи и Младен Ивањиќ од Партијата за демократски напредок, бошњачките лидери Аднан Терзиќ од Партијата за демократска акција, Сафет Халиловиќ од Партијата за Босна и Херцеговина и Златко Лагумџија од Социјалдемократската партија на БиХ, како и од лидерите на хрватските партии Бариша Чолак од ХЗД за БиХ и Мате Бандур од Хрватската национална унија. Потписи на документот наслован *„Определеност за примена на уставните измени"* ставија и членовите на Претседателството на БиХ, Иво Миро Јовиќ, Сулејман Тихиќ и Борислав Паравац.[15]

Промените во Уставот на БиХ се во функција и на почетокот на преговорите за склучување на ССА помеѓу ЕУ и БиХ. Имено, министрите за надворешни работи на ЕУ на 21.11.2005 година, токму на десетгодишнината од потпишувањето на Дејтонскиот договор донесоа одлука за почеток на преговорите за склучување на ССА. Донесувањето на одлуката и почетокот на преговорите беше поздравено од високиот претставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ Хавиер Солана. По донесувањето на одлуката Солана изјави: *„прв крупен чекор во тој правец е направен со одлуката на шефовите на дипломатиите на ЕУ што побргу да почнат преговори со БиХ за договорот за ССА. Сите страни во БиХ мора да го искористат овој миг и да усвојат и спроведат нужни реформи за да се*

[15] *www.dnevnik.com.mk/?pBroj=2919&stID=67786*

создаде одржлива и функционална држава. Со Дејтонскиот договор е даден историски придонес за мирот и стабилноста во регионот. ЕУ преку својата воена мисија ЕУФОР,е присутна веќе една година, како и со тригодишните европски полициски мисии во БиХ дава важен придонес за развојот на земјата. Брзината на преговорите за ССА особено ќе зависат од напредокот на БиХ во развивањето на правниот темел и способноста за државна управа, полициските реформи, усвојувањето и примената на сите нужни закони за јавната радио и тв-мрежа и целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија".[16] Комесарот за проширување на ЕУ Оли Рен, исто така, ја поздрави оваа одлука и изјави дека: *"темпото на ССА помеѓу БиХ и ЕУ ќе зависи од босанските власти и нивната подготвеност за соработка и консензус со уверување дека босанските власти ќе можат да ги спроведат клучните реформи. Преговорите за ССА можно е да траат една година под услов да бидат исполнети барањата..."*[17] *"Ова е исклучително добра вест бидејќи покажува дека БиХ се наоѓа на патот на стабилизација, дека се приближува кон новата ера на модернизација и трансформација на државата"* истакна директорот на Генералниот директорат за проширување при Европската комисија, Фабрицио Барбасо.[18]

Засега, во однос на промените на Уставот на БиХ, односно, на тој дел од Дејтонскиот договор сигурни се неколку работи, иницијативата на меѓународната заедница за промена на Дејтонскиот договор е прифатена од вклучените страни во БиХ и разговорите помеѓу нив веќе се започнати. Платформата за водење на преговорите е прифатена и во игра се повеќе варијанти и предлози, но, она што конечно ќе биде договорено, допрва треба да се конкретизира. Претставниците на меѓународната заедница истакнуваат дека, не може да има наметнато решение во БиХ и напредокот мора да се постигне со консензус помеѓу домашните политички фактори. Значајно е тоа што разговорите ќе се фокусираат само на промени во институциите на системот на БиХ, со цел нивно зајакнување и подготовка за преземање на надлежностите по повлекувањето на меѓународното цивилно-воено присуство во БиХ и интегрирање на државата во ЕУ и НАТО. Според најавите, нема да се разговара за промени во однос на територијалната организација на БиХ, како на внатрешните граници помеѓу ентитетите така и во однос на меѓународните граници на БиХ. Очекувањата се дека, преговорите ќе завршат до март следната година, односно, БиХ на изборите во октомври 2006 година гласачите ќе гласаат за сосема нови државни институции. Сето ова имплицира заклучок дека, меѓународната заедница стои зад неделивоста и меѓународно признатите граници на БиХ, а со тоа ја истакнува и нејзината определеност за стабилноста и безбедноста на целиот регион.

[16] *www.a1.com.mk/vesti/vest.asp?VestID=54484*
[17] *www.balkantimes.com/cocoon/setimes/html/mk/newsbriefs/setimes/newsbriefs/2005/11/27*
[18] *www.makfax.com.mk/look/agencija/article.tpl/IdLanguage=10&IdPublication=1&NrArticle=13561&NrIssue=294&NrSection=20*

Abstract

Next coming negotiations for revision of Dayton agreement will be focused trough reconstruction of state institutions, Collective Presidency, State Parliament and Council of Ministers of Bosnia and Herzegovina. On agenda of negotiations doesn't include a territorial reorganization or changing of international recognized borders of Bosnia and Herzegovina. In the moment on the "table" are different combination and proposals concerning related issues. Negotiations between concerning parties already started and final agreement for modification of Dayton agreement will be finalize in the next coming months.

Приказна за едно уморно општество - по повод неодамнешните нереди во Франција

Гордан Георгиев

Немојте да мислите дека темата „Социјални немири во Франција“ е завршена. Вака отприлика демне немирниот дух врз европските општества. Се разбира, проблемот со декласираните општествени слоеви, најчесто идентификувани како „млада невработена муслиманска популација“ не е проблем само на Франција, туку на цела Европа но и на самиот концепт на западниот модел(и) на интеграција.

Франција е само еден радикален изданок, па и синдром на целиот проблем.

За потребите на општествените науки, немирите во Франција претставуваат *идеален тип* кој нуди ука, но и прескриптивно орудие за можниот развој на настаните.

Зошто политичките системи се нелегитимни?

Германскиот конзервативен автор Никлас Луман, голем критичар на модерното општество, го објаснува феноменот на раздвоеност во општествата преку тезата дека општествените потсистеми се самореферентни т.е. „ги продуцираат и репродуцираат елементите од кои и самите тие се составени“[1]. Тоа значи дека во суштина колку и да е силен интеграцискиот модел во едно општество, колку тој да пројавува амбиции да ги легитимира политичките елити низ сите општествени слоеви, сепак, таа легитимација не продира насекаде, ами напротив, се дифузира и се задржува само на еден тенок слој на политичка елита/елити. Овие елити често жестоко се спротивставени помеѓу себе, гладијаторски се борат за политички концепти, социјални модели, политички програми, поинакви визии итн. Но крајниот резултат најчесто е политичка апатија кај граѓаните, комплетно делегитимирани и демаскирани политички лидери и партии и стерилни политички системи. Во таквата поставеност редовно се создаваат два фрустрирани пола: разочараната средна класа која сè повеќе ги губи позициите во општеството (зголемена невработеност, неснаоѓање во глобализициските процеси, страв од имигрантите) *и* депримираната поткласа, идентификувана на два начина: идеолошки (сиромашни, муслимани, имигранти, *бивши Југословени*) и тополошки (живеат на периферијата на големите градови, немаат пристап до врвните образовни институции, голем дел од семејствата немаат регулиран легален престој).

Од друга страна, легитимитетот на политичките системи во модерните општества, коишто во голема

[1] Luhmann, Niklas (1990) *Political Theory in the Welfare State;* de Gruyter: Berlin (1990) p. 40

мерка се поштедени од физичко насилство, е наметнат преку еден процес на „симболичко насилство/доминација“[2], каде што постојниот општествен поредок е често воспримеан и репродуциран како *неминовен* од страна на сите слоеви во општеството, притоа без да има потреба од примена на физичко насилство. Ова дополнително укажува колку всушност се драматични последиците од неодамнешните нереди во Франција. Всушност, се работи за екстремни изблици на реакција поради неуспешноста на политичките елити да создадат едно функционално општество во услови на глобален капитализам, се работи за разочарување од евидентниот неуспех на долго ветуваниот супститут (ЕУ), за долгогодишна суптилна дискриминација во клучните сфери за една успешна интеграција: образованието, културата, вработувањето.

На парадоксален начин, теоретската дебата околу оваа криза на легитимитетот се спојува во еден заеднички именител: и десните и левите теоретичари се против статус кво и се спојуваат во критиката на постојниот поредок. Се разбира, начинот да се стигне до таа критика е дијаметрално спротивставен[3]. И најповршна анализа низ статистичките списи го покажува заедничкиот именител на двете гледишта: социјалната депривација и растечката невработеност. Во Франција во моментов доаѓа до преклопување на гласачкото тело на комунистите и на екстремните десничари на Ле Пен. На последните избори тие буквално се растргнаа помеѓу себе и си откинаа голем дел од изборниот колач. Оваа идеолошка конфузија упатува и на тоа дека и самите предидеолошки позиции се тектонски изместени и дека во услови на апсолутна доминација на либералната пазарна економија целиот корпус „ангажирани“ идеологии го поместува тежиштето кон навидум неекономските теми.

Француската држава предничи во оваа криза на легитимитетот. Јавноста повеќе не може да ја препознае разликата помеѓу француските циркулирачки политички елити, во онаа смисла во која ги опишуваше Вилфредо Парето. Границите помеѓу француската mainstream левица и десница целосно се заматени и тие постојано продуцираат исти елити во суштина со исти политички програми. Оваа самореферентност на системот создава иронични нуспроизводи: луѓето, во отсуство на (чувство на) реална алтернатива почнуваат да го *напуштаат* системот. Најдекласираните слоеви почнуваат да се однесуваат и несистемски т.е. антисистемски. Оваа антисистемска резидуа е никулецот на кризата во Франција. Се разбира, овие никулци се посеани речиси низ цела Европа, но некои ’ртат порано, некои подоцна.

Франција по цунамито

Во многу нешта денешната дебата во Франција се вмрежува во горенаведените теми. Петнаесетина

[2] Bourdieu, Pierre (1982) *Ce que parler veut dire;* Fayard: Paris

[3] Левичарите тврдат дека за тоа е крива капиталистички ориентираната социјал-демократија т.е. варијантите на третиот пат, додека десничарите нудат цела палета на причини од типот на поплавата од имигранти, исламскиот фундаментализам, ерозијата на националниот идентитет, невработеноста итн.

дена по првите изблици на незадоволство во париските предградија, пандорината кутија тукушто се отвора.

Во моментов не постои начин да се направи пресек на тековната дебата во француското општество бидејќи сите обиди за рационалност се корумпирани од моќната симболика на молотовите коктели. Но затоа, темата неодминливо ќе се отвори истиот ден кога „ќе се реши проблемот со насилството во предградијата", и кога ќе се отвори проблемот на едно поинакво, социјално насилство. Како што вели еден француски министер, „во моментов постои една психоза и таа треба да се надмине", не помислувајќи дека крајот на таа психоза неминовно отвора нова, подолгорочна психоза.

Ќе се обидам да ви ја претставам агендата на претстојната дебата.

Француското општество е општество на недоверба. Париз и неговата поделеност на центар и периферија и визуелно ја рефлектираат оваа поделеност. Гледајќи го градот Париз на географска карта ќе забележите дека тој се состои од два дела: „Paris intra muros"[4] и периферен дел[5]. Paris intra muros е *вистинскиот* Париз, градот на Ајфеловата кула, Лувр, Елисејските полиња, убавите куќи и згради, кроасаните и топлото кафе. Париз на периферијата е едно големо прстеновидно гето, со огромни блокови сиви згради, со централни делови „за разонода и забава на заедниците", со стапка на невработеност од околу 80% кај младите, со растечки криминал и огромна концентрација на популација.

Слично е и во другите големи француски градови. Главни компоненти на недовербата се: лошата едукација на младите од предградијата или неможноста за каква било едукација, диспропорционално зголемената невработеност и структурната неможност да се дојде до посакуваното вработување, зголемување на јазот помеѓу политичките елити и народот и следствено, огромната криза на политичката легитимација.

Франција е *старо* општество. Регрутацијата на елитите е прилично лимитирана и таа се седиментира по однапред одредени *правила,* како, на пример, традицијата, социјалниот статус, богатството, интелектуалното семејно наследство. Во таа смисла, Франција, веројатно, е најхерметичкото општество во Европа, а француските општествени елити навистина го оправдуваат тој епитет.

Од друга страна, социолошката теорија на *скршениот прозорец* вели дека кога гледате скршени прозорци во вашето маало, расфрлано ѓубре или расипани лифтови, вие се навикнувате на таа слика и ја восприемате како нормална и ненужно грда. Притоа не се чувствувате ниту загрозен, ниту засрамен и вие да *скршите прозорец*. Француските предградија се токму скршеното огледало на француската реалност.

Двете опишани слики сочинуваат два драматично различни света, кои имаат многу малку полиња за меѓусебна комуникација. Деновиве наголемо се цитира изјавата на претсе-

[4] „Париз внатре во ѕидовите"
[5] И де факто поделен со еден кружен "Boulevard Peripherique"

дателот Жак Ширак, дадена пред десетина години, кога тој ветува дека неговиот најголем приоритет ќе биде да „создаде социјална кохезија, вработувања, и да нема подредени и надредени“. Ширак е и најголемиот губитник од сите случувања последниве петнаесетина дена, бидејќи конечно голем број Французи сфаќаат дека неговата политика на незаинтересираност и недоследност кон ветувањата е еден од главните мотори на незадоволството. Да не заборавиме, убедливата победа на Ширак во 2002 година се должи пред сè на неубедливата лева понуда и шокантниот успех на Жан-Мари Ле Пен. И двава последни феномена не се случајни.

Во целата дебата, има неколку поразени идеологии и еден морален победник. Дефинитивен пораз доживеа стерилната лева опција на социјалистите, кои веќе десетина години не успеваат да создадат една вистинска социјалдемократска понуда која ќе настојува глобално да ги осмисли и да им даде енергија на француските социјални турбуленции. Поразен е и Жак Ширак и неговата елитистичка, безбојна и незаинтересирана (а често и корумпирана) десница. Поразен е и Ле Пен, барем на краток рок, бидејќи со неговата отворено расистичка програма се маргинализира себеси и не е повеќе *официјалниот* непријател на француската демократија. Другите големи партии буквално преку ноќ му ја грабнаа агендата од раце и почнаа живо да дискутираат за „републиката во пламен“. Од сите политичари, можеби само министерот за внатрешни работи, и иден претседателски кандидат, Николас Саркози, сè уште се труди цврсто да ја оправда својата „тврда но праведна“ политика. Неговата поддршка во јавноста (се разбира, онаа француската) достигна 68 проценти, највисока досега. За споредба, Жак Ширак има само 29 проценти поддршка.

Парадоксално, единствен победник (и тоа само морален!) се радикалните леви комунистички сили. Тие со децении наназад предупредуваа на можните последици од францускиот фаличен модел на интеграција, но никогаш не беа способни тоа да го преточат во политичка програма. Кога Мишел Фуко, Пјер Бурдие или, пак, Етјен Балибар жестоко се нафрлаа врз францускиот естаблишментот на полупразните француски плоштади посетени најчесто од имигрантските слоеви, тие беа сметани (и сè уште се) како најголеми политички маргиналци и предавници на францускиот модел на интеграција. Денес Франција се наоѓа во своевидна гротескна ситуација, кога најомразените радикални левичарски теоретичари стануваат референтни, кога се откопуваат прашливите книги и се препрочитува француското интелектуално *наследство*, кога за првпат во јавните дебати се спомнуваат „успешноста на американскиот мултикултурализам“ и потребата за нов француски модел. Конечно, тукушто се врати една група француски студенти од *работна* посета на Тотнем, една од поранешните најпроблематични лондонски населби. Сите студенти заклучија дека Британците очигледно имаат успешен модел за интеграција.

Владата во моментов е во ситуација да го лекува болниот, а не да ја искоренува болеста. Така, премиерот Вилпен политикантски најавува „една цела палета на мерки" кои ќе дејствуваат превентивно и постепено ќе го намалуваат незадоволството и ќе ја поттикнуваат интеграцијата на дефаворизираните групи (читај муслиманите). Се навестуваат разно-разни фондови за социјални кохезии, вработувања, обуки и вклучување во образовниот систем, полиција поблиска до народот, проактивен пристап на градоначалниците, квоти за малцинствата и за сиромашните. Се разбира, сето тоа ќе се сруши врз самата влада доколку грѓаните не го почувствуваат подобрувањето во нивните животи.

Големата добивка од сето ова е дека дебатата за проблемите на француското, но и европското општество конечно се отвори и прејде од остаркираните академски кругови директно на насловните страници на дневните весници. Политичарите се уплашени како слон пред глушец. Европа ќе биде мудра ако ја држи оваа дебата што подолго отворена, бидејќи ова се прашања кои мораат да го мобилизираат целиот европски интелектуален потенцијал. Бидејќи тоа е и прашање кое директно го засега обичниот граѓанин, а одговорноста што стои пред политичките елити е голема. Најпосле, последиците од немирите во Франција директно се одразуваат врз младите момчиња кои фрлаа молотови коктели и сега лежат во затвор, продавачите на искршените продавници, сопствениците на демолираните автомобили. Најголем број од овие луѓе се токму граѓани на Франција, а нивното незадовоство од *сопствената* држава е стихијно но дејствува разорно за ткивото на Републиката.

Интересна би било да се отвори дебата на паневропско ниво за (не)успешноста на интеграциските модели. Убеден сум дека Република Македонија со своето 15-годишно болно искуство и де факто функционалниот модел произлезен од Охридскиот договор ќе има свои аргументи со кои ќе придонесе во таа дебата. Тоа ќе биде и најубавиот начин Македонија да го даде својот придонес во изградбата на идна Европа.

Abstract

It should not surprise us that the citizens in Europe prefer to withdraw from the political system or to act in an anti-systemic way. It is the first consequence of a deep crisis of legitimacy of the political systems.

The biggest legitimation crisis comes from France. The public cannot recognize anymore the French circulating elite (in the sense of Pareto). The boundaries between the French Left and the French Right are completely blurred. The system's self-referentiality has created ironic results: the people, in lack of (sense of) alternative, begin to abandon it or attack it. When this *attacks* are translated into physical violence, it is time for alarm for the European societies. It is precisely what is happening today in France.

Системот за решавање на спорови на ООН: Совет за безбедност

Елена Андреевска

Вовед

Концептот на „меѓународна безбедност“ заснован е на заеднички безбедносен интерес кој се издигнува над интересите на суверените држави. Познавањето на овој заеднички интерес води кон аспирации за создавање на општа рамка како замена на унилатералните безбедносни мерки. Ваквите аспирации доведоа победничките сили под водство на претседателот Вилсон да ја формираат Лигата на народите во 1919 година, со цел нејзиното колективно дејствување да осугура безбедност на најзините членки. Неуспехот на Лигата во остварувањето на оваа цел беше преземено од англо-саксонските лидери во текот на Втората светска војна како причина на ненапуштањето на концептот, со цел повторно да се обидат.[1]

Примарна цел на ООН, од самиот почеток беше создавање на нова рамка за меѓународна безбедност. Претседателот Рузвелт особено го поздрави содавањето на ООН како почеток на еден нов меѓународен поредок: „тој навестува и треба да навестува крај на систем на утилатерално дејствување, ексклузивни сојузи и сфери на интерес, балансирање на моќта, и потфати испробувани со векови кои секогаш пропаѓале“.[2]

Во ноември 1943 година, од претставниците на Англија, САД и Советскиот Сојуз, беше промовирана Декларацијата за општа безбедност во која тие ја признаваат „неопходноста за што е можно порано воспоставување општа меѓународна организација... за одржување на меѓународниот мир и безбедност“.[3] Во предлогот на Повелбата, преамбулата ги обврзуваше потписниците да ја обединат нивната „моќ во одржување на меѓународниот мир и безбедност, и да обезбедат... дека вооружени сили нема да се користат, како и дека ќе го осигураат заедничкиот интерес“. Членот 1 од Повелбата ја дефинира примарната цел на ООН:

Одржување на меѓународниот мир и безбедност, за која цел: ќе презема ефективни мерки на превенција и воздржување од закани по мирот, забрана на агресија или други кршења на мирот, решавање на сите прашања на мирен начин, и во согласност со принципите на правда и меѓународното право, и справување или решавање на меѓународните спорови или ситуации кои

[1] Howard, M., United Nations Divided World, The Historical Development of the UN“s Role in International Security (Clarendon Press, 1996), p. 63

[2] Quoted in Urquhart, B., The Role of the UN in Maintaining and Improving International Security (Alastair Buchan Memorial Lecture), Survival, 28, No. 5 (1986), p. 3888

[3] US Publication 2298 (1945), p. 6

можат да доведат до кршење на мирот.

Членот 1 зборува и за „меѓународна соработка во решавање на меѓународните проблеми од економски, социјален, културен и хуманитарен карактер, како и промовирање и поттикнување на почитување на човековите права".[4]

Одредбите содржани во Повелбата во најголем дел се базираат на термините содржани во Пактот на Лигата на народите, амандмирани како резултат на искуството. Согласно на ова, со цел да можеме подобро да ја разбереме заднината на системот на ООН, неопходно е да се направи кратко согледување на постапките кои Лигата ги предвидувала за решавање на споровите.

Така, членот 12 од Пактот обезбедувал дека секој спор кој може да доведе до конфликт меѓу членовите може да се разреши на еден од трите начини: со арбитража, со судско решавање или добри услуги од страна на Советот на Лигата. Членот 15 вели дека Советот ќе се обиде ефективно да го реши спорот во прашање, но доколку тој не успее, должен е да публикува извештај во кој ќе бидат содржани фактите за случајот и препораките кои се сметаат за праведни и соодветни во конкретниот случај. Овој извештај не бил обврзувачки за страните во спорот, но доколку бил неспорен, членовите на Лигата нема да се впуштеле во војна со ниту една страна на спорот која се согласува со препораките од извештајот. Доколку извештајот е прифатен од мнозинството членови, Лигата си го обезбедувала правото да преземе мерка за која сметала дека е неопходна за одржување на правото и правдата. Со други зборови, во вториот случај Пактот не го забранувал прибегнувањето кон војна од страна на државите членки. Но дали ќе се одлучат за воена интервенција или за примена на некоја друга мерка (содржана во чл. 16 од Пактот), зависело од нивната проценка.[5]

1. Системот на ООН

Системот на ООН во уставна смисла е основан согласно јасна теоретска разлика меѓу функционирањето на главните тела на организацијата. Имајќи ги предвид политичките услови во меѓународниот поредок, може да се каже дека тој не успеа да функционира онака како што е предвиден со Повелбата, што претставува основна причина за приспособувањата кои морале да бидат направени. Имено, идејата била Советот за безбедност да функционира како извршно тело на организацијата, а Генералното собрание како парламентарен форум. Двете тела согласно одредбите на Повелбата можат да придонесат во процесот на мирно решавање на споровите по пат на релативно традиционални механизми на преговори, добри услуги и медија-

[4] Терминот "колективна безбедност" не беше користен: тој потсетуваше на неуспесите во 1930 година. Но, истата намера е изразена во фразата "да ги здружиме нашите сили во одржувањето на меѓународниот мир и безбедност".

[5] Санкции беа применети против Италија во 1935-6 година. Види: Raman, M., Dispute Settlement trough the UN (Oxford, 1977); Scott, G., The Rise and Fall of the League of Nations (London, 1973), Chapters 1 and 15.

торство. Притоа, само Советот за безбедност е овластен да усвојува обврзувачки одлуки (Глава VII), со цел за воспоставување на меѓународниот мир и безбедност, што во практиката покажа недоволна спроводливост во однос на јасната категоризација на самите мерки. На овој план, (непосредно по распадот на Советскиот Сојуз и завршувањето на студената војна) за одбележување е напорот кој беше направен од страна на генералниот секретар на ООН во однос на можните начини на решавање на спорови, по пат на анализа на методите и механизмите со кои располага Организацијата.[6]

Во Програмата за мир,[7] генералниот секретар потенцирајќи дека почитувањето на фундаменталната суверености и интегритет на државите сочинува темелна основа на Организацијата,[8] ги констатира рапидните промени кои имаат влијание како во однос на државите поединечно така и врз самата меѓународна заедница во целост, притоа нагласувајќи ја улогата на ООН во обезбедувањето на мирот. Извештајот ги канализира видовите на дејствување кои Организацијата ги презела или може да ги преземе, како на пример:

- *Превентивната дипломатија* како дејство за спречување на споровите меѓу државите; превенирање на постојаните спорови од понатамошно ескалирање во конфликти; како и ограничување на проширувањето во случај на конфликт.[9]
- *Мировни операции* како дејства кои имаат за цел спротивставените страни да ги доведат до договор , искористувајќи ги мирните начини на решавање вградени во Главата VII од Повелбата.[10]
- *Градењето на мир* како дејство насочено кон идентификување и поддршка на структурите кои ќе го помагаат мирот.[11]
- *Зајакнување на мирот* како мировна мисија за која не се бара согласност на страните во спорот, предвидена во Главата VII од Повелбата.[12]

Литературата која го третира прашањето на решавање на спорови, идентификува три општи пристапи за идентификување на споровите: 1) пристап заснован на моќ; 2) пристап заснован на право; и 3) пристап заснован на интерес.[13] При првиот пристап, страните во спорот се обидуваат да одредат кој е помоќен во контекст на моќта. Во меѓународните односи, војната очигледно е најекстремна верзија на овој пристап, но и помалку интензивни форми, исто така, се заеднички. Во вториот пристап, страните се обидуваат да одредат кој е во право во согласност со одредени стандарди. Меѓународното право е

[6] Shaw, M.N., International Law (Cambridge, 1997), pp. 839-40

[7] Таа беше одобрена со резолуцијата на Генералното собрание бр. 47/120. Исто така, види: The Report of Secretary-General on the Implementation of the Recommendation in the 1992 Report, A/47/965

[8] Ибид, ст. 9.

[9] Превентивната дипломатија ги вклучува и напорите како што се откривањето на факти, добрите услуги и мисиите на добра волја. Ибид., ст. 13.

[10] Ибид., ст. 28.

[11] Ибид., ст. 32.

[12] Види : Report of the Secretary-General on the Work of the Organization, New York, 1993, p. 96.

[13] Ury, W.L., Brett, J.M., and Goldberg, S.B. Getting Disputes Resolved: Designing System to Cut the Costs of Conflict (Jossey-Bass Publishers, 1988).

стандард кој најчесто се користи. Аргументите и доказите се презентираат со цел да се докаже дека другата страна прекршила некои правила на кои се согласила содржани во договор, конвенција или прифатен обичај. Во пристапот заснован на интерес, страните настојуваат да ги решат нивните најбитни интереси по пат на пронаоѓање солуции кои ќе ги надминат нивните различни потреби, аспирации, стравувања или прашања на начин кој ќе биде задоволителен за нив.

Најчесто трите пристапи се во корелација. Како што вели Ury и неговите колеги: „Помирувањето на интересите се наоѓа во самиот контекст на страните“ правата и моќта... Така, во процесот на решавање на спорот, фокусот може да се менува од интерес кон права и моќ и да се врати повторно назад. [14]

Секако дека сите три пристапи на решавање на спор се користат не само од страна на страните во спорот но и од трети страни во нивниот напор да помогнат во решавањето на нивниот спор во конфликтот. Не е спорно дека Лигата на народите и ООН беа создадени да го оневозможат спроведувањето на пристапот заснован на моќ, манифестиран во шокантните катастрофи на Првата и Втората светска војна.

Двете организации, основно, беа засновани на пристапот на права и пристапот на моќ. Идејата била дека државите треба да почитуваат одредени меѓународни принципи и права. Принципите како што се неупотребата на сила против држави, територијалниот интегритет како и неинтервенирањето во внатрешните работи на државите вградени во чл. 38 на Статутот на Меѓународниот суд за правда. Намерата била доколку споровите меѓу државите се случат, се претпоставувало дека страните спорот ќе го решат на мирен начин преку една од процедурите наведени во чл. 33. Воедно, судскиот форум (Меѓународниот суд за правда) и политичкиот форум (Советот за безбедност), исто така, беа на нивно располагање за да помогнат. Доколку државите не можат самите да го решат спорот или не го решиле, не го усогласиле со одлуките и препораките на телата на ООН и доколку нивната неусогласеност претставува закана за мирот, кршење на мирот или акт на агресија, ООН била овластена да го употреби својот сопствен метод заснован на моќ во име на меѓународната заедница со цел одржување или враќање на мирот.

Пристапот заснован на интерес, исто така, се обезбедува како една од можностите дадени во чл. 33. Три од овие методи: преговори, добри услуги и медијацијата беа во основа засновани на интерес. Исто така, добрите услуги и медијацијата одвреме-навреме беа спроведувани од страна на други учесници во системот, така што генералниот секретар на ООН или неговите претставници најчесто го применуваат овој пристап.[15]

Повелбата ги инкорпорира сите три пристапи во структурата на ООН. Може да се расправа за тоа дека различни тела на ООН погреш-

[14] Ибид., ст. 9.

[15] Peck, C., The United Nations as a Dispute Settlement System (Kluwer Law International, 1996), pp. 10-13.

но се фокусираат на секој од различните пристапи во решавањето на спорот. Добрите услуги и медијацијата од страна на генералниот секретар и неговите претставници се јавуваат најчесто во форма на решавање на спор заснован на интерес. Меѓународниот суд за правда има многу значајна улога во пристапот заснован на права во решавање на спор, додека, пак, Советот за безбедност има широки можности на располагање при пристапот заснован на моќ.

Од крајот на студената војна, ООН има применето најразлични начини на решавање на спорови кои и стојат на располагање.[16] Но, со кревањето на забраните на дејствување присутни во времето на студената војна, се појави друг многу значаен проблем: мандатот на ООН беше дизајниран за различно стратешко опкружување од оној што постои во моментов. Основачите на Повелбата ја дизајнираа Организацијата да управува со меѓународни конфликти.[17]

Забраната за интервенирање во внатрешните работи на државите-членки, како што е наведено во чл. 2(7) на Повелбата, предизвика големо несогласување околу тоа каде и кога ООН треба да биде инволвирана. Отсуството на консензус, ја принуди Организацијата да чека додека состојбата се влоши до тој степен да претставува сериозна закана за меѓународниот мир и безбедност, или кога ќе дојде до големи хуманитарни кризи или масовно кршење на човековите права.[18] Последиците се гледаат во тоа што превентивните напори сè уште беа премостувани од страна на Организацијата, како таа да чека одредена состојба да стане толку нетолерантна за таа да мора да интервенира во духот на чл. 2(7).[19]

Наспроти на чл. 2(7), голем дел од напорите на ООН во изминатите години беа концентрирани на прашањето што може да се смета за внатрешен проблем. Најголем дел од мировните операции се однесуваа на внатрешни државни проблеми,[20] и најголем дел од нив беа насочени кон решавање на овие проблеми. Сите овие операции, главно беа преземени во согласност со Глава VI, и во согласност со страните, односно нивните влади. Како допол-

[16] Дури и за време на студената војна Организацијата била во можност да игра значајна улога во решавањето на спорови. Така Советскиот Сојуз и САД се согласија да се вклучат во решавање на регионални конфликти. Политичкото решавање во Намибија, Ел Салвадор, Камбоџа и подоцна во Мозамбик , беа проследени со сеопфатни мировни мисии, чијашто задача беше да го имплементираат мировното решение и да им помогнат на овие држави да отпочнат со повторно градење на воено поделените општества преку помагање во градењето на постконфликтниот мир. Ибид., ст. 16.

[17] Воедно, меѓународните спорови и конфликти сè уште постојат. Стана јасно дека најголем дел од проблемите со кои се соочува светот денес, се јавуваат во самите држави. Вистина е дека овој вид на конфликти денес преовладува. Така ,според Wallensteen i Axell, од 1993 година сите 47 активни конфликти биле внатрешни. Vidi Wallensteen, P., and Axell, K., Conflict Resolution and the End of the Col War, 1989-93, Journal of Peace Research, 31 (1994), pp, 333-350. Исто така, во периодот од 1989-94 година, само четири од 94 вооружени конфликти биле класични меѓудржавни конфликти. Види : Wallensteen, P., and Sollenberg, M., After the Cold War: Emerging Patterns of Armed Conflicts 1989-94, Journal of Peace Research, 32 (1995), pp. 345-360.

[18] Дури и во некои големи кризи Организацијата не интервенираше (како на пр. во Руанда).

[19] Министерот за надворешни работи , Gareth Evans спектрумот на активностите на ООН во областа на мирот и безбедноста ги категоризира како : 1) градење мир (во рамките на државите и од страна на меѓународните организации) ; 2)одржување на мирот (превентивната дипломатија); 3) враќање на мирот (мировните мисии); и 4) зајакнување на мирот (санкциите). Види : Evans, G., Cooperating for Peace: The Global Agenda for the 1990s and Beyond (Allen and Unwin, 1993).

[20] Оние во Ангола, Камбоџа, Ел Салвадор, Хаити, Мозамбик, Намибиа, Руанда, Сомалија, и во поранешна Југославија.

нување, чл. 2(7) беше искористен за да ги оправда стравувањата дека интервенциите, ООН можат да ја доведат во неприлика (да и создадат потешкотии) на инволвираната влада и да ги признаат и охрабрат антагонистичките групи. Некои, исто така, можат да стравуваат дека кон едната страна, во случајот Советот, може да се преземат повеќе корективни дејства во согласност со конкретниот проблем. Во овој контекст, како што вели Pack, интересно е да се забележи дека чл. 2(7) не се применува на дејства согласно Глава VII.[21] Членот 2(7) се чита: „Ништо што е содржано во Повелбата не ја овластува ООН да интервенира во случаи кои се од исклучителна надлежност на секоја држава или да бара од членовите да ги достават ваквите случаи на решавање согласно Повелбата; но овој принцип нема влијание врз примената на присилните мерки согласно Глава VII".

Како што е истакнато погоре, Глава VII ќе се примени, во секој дозволен случај. Вистина е дека сериозните внатрешни проблеми често пати создаваат опасност за меѓународниот мир и безбедност преку бегалските кризи и останатите ефекти предизвикани со преминувањето на границите. Ова е аргумент кој беше прифатен во случајот на Сомалија. Така, може да се дадат повеќе причини во прилог на стојалиштето дека државите треба многу повеќе да стравуваат од небарањето помош во решавањето на спорот рескирајќи ескалација на истиот во криза која може да предизвика вмешување на меѓународната заедница.[22]

Секогаш треба да се има предвид дека основната цел на ООН јасно е дадена во ст. 3 од чл. 1 на Повелбата: "постигнување меѓународна соработка во решавањето на меѓународните проблеми од економски, социјален, културен, или хуманитарен карактер, и промовирање и унапредување на почитувањето на човековите права и фундаментални слободи за сите, без разлика на раса, пол, јазик, или религија".

Главните елементи на човековата сигурност се дефинирани во овој став. Додека предлагачите на Повелбата гледаа на овие елементи како на латентно каузативни фактори за војна меѓу држави, тие денес претставуваат латентно каузативни фактори во внатрешните конфликти. Доколку ООН сака да опстои на својот принципиелен мандат за сочувување на мирот, не може да го игнорира фактот дека начинот на кој се крши мирот денес се внатрешните конфликти и насилства. Оттука, државите членки не можат да ги игнорираат овие каузативни фактори и да не се соочат со нивната одговорност согласно Повелбата. Исто така, не се поставува прашањето каде ООН треба да се инволвира во одржувањето на човековата сигурност; туку прашањето е каде организацијата има капацитет ефективно да дејствува, а колку ќе остане тоа да го сторат други - регионалните аранжмани, националните влади и невладините организации. Мерките можат и требаат

[21] Ибид. 15, ст. 21.

[22] Ибид.

да бидат преземени - ако не колективно, барем во соработка - за да се намалат заканите по човековата сигурност.[23]

2. ООН и присталот заснован на моќ

Со формирањето на ООН се формира и Советот за безбедност со првенствена цел за зачувување на меѓународниот мир и безбедност, и виртуелна неограничена моќ во обезбедувањето на „колективна безбедност".

Согласно членот 24, членките на ООН ја потврдија неговата основна одговорност за зачувување на меѓународниот мир и безбедност, а со членот 25 се сложија да прифатат и да ги спроведат одлуките на Советот за безбедност. Меѓународниот суд за правда во случајот на Намибија[24] обрна внимание на фактот дека Одредбата на членот 25, не била лимитирана на принудни дејства согласно Глава VII од Повелбата, но применлива на одлуките на Советот за безбедност усвоени во согласност со Повелбата. Со Декларацијата на Советот донесена врз основа на членот 24, во извршувањето на својата основна задача... можел да донесе одлука согласно членот 25 така што од државите членки „би се очекувало да дејствуваат соодветно на Декларацијата создадена во нивно име".[25] Додека, пак, дејствата усвоени од Советот за безбедност во согласност со Глава VI од Повелбата, кои се однесуваат на мирно решавање на спорови, се исклучително препорачливи, прашањата кои се однесуваат на закани или повреди на мирот или дејства на агресија, согласно Глава VII ја истакнуваат моќта на донесување на одлуки на (во делот на) Советот. Ова претставува значајна разлика и го подвлекува приоритетот сообразен со самиот систем за зачувување на мирот и степен на авторитет доделен на Советот за безбедност за да го постигне тоа. Системот се заокружува со членот 103 согласно кој обврските од Повелбата се над обврските содржани во останатите меѓународни договори.[26]

Во ситуација кога Советот за безбедност одлучил дека конкретен спор или состојба вклучува закана за мирот или претставува дејство на агресија, патот за преземање на понатамошни мерки е отворен. Овие мерки можат да бидат проследени со времено дејствување, преземени за спречување на влошување на состојбата. Ваквото дејствување, обезбедено со членот 40 од Повелбата, е без предрасуди во однос на правата или барањата на страните, исклучително насочено кон стабилизирање на кризната состојба.[27]

Дејствата усвоени од Советот, можат да бидат резултат на постоење на состојба на закана по мирот, кршење на мирот или дејство на агресија и тие потпаѓаат под две

[23] Sutterlin, J.S., Envisioning the UN in the Twenty-firs Century (UNU Headquarters 1995), p. 36.
[24] ICJ Reports, 1971, pp. 16, 52-3.
[25] See Higgins, R., The Advisory Opinion on Namibia. Which UN Resolutions are Binding under Article 25 of the Charter?, 21 ICLQ, 1972, p. 270.
[26] See the Lockerbie case, ICJ Reports, 1992, p. 3.
[27] Вообичаени примери на дејства преземени од Советот за безбедност согласно оваа Одредба вклучуваат повици за прекин на огнот и повици за повлекување на трупите од друга држава. See the Security Council Resolutions 234 (1967) and 338 (1973), the Middle East in 1967 and 1973; Security Council Resolution 509 (1882), with regard to Israel"s invasion of Lebanon.

категории. Тие може да се однесуваат на примена на мерки кои не вклучуваат употреба на вооружени сили согласно членот 41, како што се прекинување на економските односи или прекинување на дипломатските односи, или, пак, употреба на таква сила која е неопходна за одржување или обновување на меѓународниот мир и безбедност во согласност со членот 42.

На самиот крај, треба да се забележи дека видувањата за легитимноста на Советот за безбедност се во зависност од тоа колку одлуките се репрезентативни; и видувањата за нивната праведност, во однос на конзистентноста со која ги применува. Овие две видувања зависат од транспарентноста на Советот во процесот на донесување на одлуките. Оттука и загриженоста, од страна на голем број држави-членки на ООН во однос на овие прашања, сосема е оправдана.[28]

Потенцирањето на првото прашање претставува факт кој членовите на Советот во скоро време го немаат модификувано, со цел да се одрази реалноста на ООН настаната со зголемувањето на бројот на држави-членки на Организацијата.[29] Денес, членовите на Организацијата сметаат дека вакво приспособување е неопходно, со цел да се зголеми репрезентативноста на Советот.[30] Ова беше причина што генералниот секретар во 1992 година ги повика државите-членки да ги изразат своите идеи за членувањето во Советот, што резултираше со голем број на модели. Не е спорно дека да се направи избор меѓу различни мислења претставува комплексен процес и политички многу сензибилен, но, треба да се нагласи дека таквата одлука треба да се донесе што е можно побрзо за да осигура дека Советот е обезбеден со максимум на кредибилитет во очите на државите-членки.

Прашањето на праведност, се однесува на конзистентноста со која Советот го применува меѓународното право во различни ситуации. Во случаи кога изгледа дека постапува неконзистентно, се претпоставува дека на тој начин е нарушена и перцепцијата на праведност. Многу членки сметаат дека Советот, навистина, дејствувал неконзистентно во минатото, а некои веруваат дека одредени членови на Советот, особено големите сили многу често дејствуваат врз основа на нивниот геополитички интерес, а не за заедничко добро, особено при користењето на правото на вето.[31]

Последното прашање се однесува на потребата Советот да работи со поголема транспарентност и со пошироки консултации пред донесувањето на одлуките. Како што Roberts вели: две сугестии кои ќе влијаат не само на квалитетот на одлуките на Советот, но, исто така, и на поимањето на Советот, вредни се да бидат споменати. Првата се однесува на тоа што Советот бара соодветни правни консултации во процесот на донесување на одлуките, со оглед дека тие можат да имаат правна сила согласно меѓуна-

[28] Ибид. 15, ст. 217.
[29] Членството на Советот за последен пат е приспособено во 1963 година.
[30] Исто така, има повици Германија и Јапонија да бидат вклучени како постојани членки на Советот.
[31] Ибид. 15, ст. 217-218.

родното право, неопходно е тие да бидат конзистентни со правото... Регуларните консултации меѓу претседателот на Советот или Советот во целина и Канцеларијата за правни прашања при Секретаријатот на ООН, може да го помогне процесот на донесување на одлуки.[32]

Согласно на ова, потребата од јасен мандат на Советот за оперативните активности е неопходен за да може да се сфати опсегот и ограничувањата на неговото дејствување и на тој начин јасно да биде дефинирана неговата правна основа, а оттука и потребата од реформи.[33] Така, доколку одлуките на Советот не се само извршни но бараат усогласеност од страна на државите-членки, се доведува во прашање самата легитимност. Перцепциите за нелегитимност ги доведуваат голем број на држави во неусогласеност или неспорна спротивност, така што нивните дејствија би можеле да ја направат неефективна секоја мерка која Советот може да ја донесе, заканувајќи се да се врати периодот на парализирање на овој систем како во времето на студената војна.

Накратко, како причина на неусогласеноста меѓу водечките членки, ООН не успеа или подобро државите кои ја сочинуваат не успеаја да создадат рамка на меѓународна безбедност, што беше основната интенција на нејзините основачи. Како што вели Urquhart: "Повикувањето на оригиналната идеја на Повелбата која беше дека колективниот безбедносен систем на ООН ќе обезбеди чувство на сигурност и заедничка доверба која ќе овозможи разоружување и воена контрола под покровителство на Советот за безбедност, не е така често".[34] Навистина, јасно е дека наспроти ваквото чувство за безбедност кое би можело да се воспостави, барањата и предлозите подржани од Генералното собрание ќе продолжат да бидат апсолутно неефективни, повторливи и добро неразбрани.

Останува да се види кога крајот на студената војна евентуално ќе го обнови капацитетот на ООН да ја исполни улогата вградена во Повелбата; или кога, што се чини повеќе извесно, исчезнувањето на конфронтациите меѓу најмоќните ќе ги покаже длабоките систематски пречки во креирањето на ефективна глобална структура на меѓународно општество.

Заклучок

Согледувајќи го системот на решавање на спорови, Ury и неговите колеги ги поставуваат следниве прашања: 1) „Кои се постојните и во блиското минато прашањата кои биле причина за спор?; 2) На кој начин споровите биле справувани? 3) Кој вид на постапка за решавање на спор бил користен и со која динамика? 4) Колкава била крајната цена и корист на овие постапки? 5) Зошто одредени постапки биле користени, а не други".[35]

[32] Ибид., ст. 220.
[33] Fromuth, P., The Making of Security Community: The UN After the Cold War, Journal of International Affairs, 46 (1993), pp. 363-4.
[34] Brian, U., Role of the United Nations (1990), p. 393.
[35] Ибид. 13, ст. 21.

Повеќе од сигурно е дека меѓународната заедница ќе има корист од „микронивото на потребата од проценка“ како би можела да ги согледа постојните проблеми по мирот и безбедноста, и кои подоцна ќе може да ги искористи како основа за редизајнирање на својот систем тргнувајќи од овие потреби. Секако дека оваа задача ќе бара заеднички експертизи и согледувања од голем број добри познавачи на ова прашање.

За еден модел на ефективен систем на превенција и решавање на спорови, ќе биде корисно доколку државите-членки на ООН , оние кои имаат заеднички перспективи, ја обединат својата енергија и ги поттикнат другите да се придружат кон унапредување на реформите. Во тој случај решавањето на проблемите ќе се случи на тој начин што ќе победи можноста за интегрирање и солуцијата за проблемите во светот ќе биде најдена во интерес на сите и со договор на сите. Преземајќи го предизвикот, оваа група би можела да го моделира чувството на социјална одговорност заграпчувајќи го моментот за доброто на иднината.[36]

[36] Butros, G.B., An Agenda for Peace, New York: United Nations (1992)

Abstract

For the system of conflict resolution, W.L. Ury and his colleagues have established five key questions concerning the reasons for conflicts, their management, types of procedures and dynamics in conflict resolution and their use, as well as why certain procedures were implemented instead of others.

It is sure that the international community will gain from the “micro-level of the requirement of evaluation“ because it can thus examine the constant global problems and security situation, and later redesign its system starting from those problems. This task will without any doubt require corporate comprehension from and expertise by relevant specialists. For an efficient model of conflict prevention and resolution, it will be crucial that the UN member states with common perspectives unite their energy and impel the others towards reform progress.

Актуелни аспекти на ризиците и заканите по безбедноста во земјите од регионот

Благоја Марковски

Позитивни тенденции и процеси но и нови предизвици и закани

Сведоци сме дека зголемениот степен на ризици по безбедноста на глобално ниво создаде појави и настани кои ја редефинираа состојбата на воено-политичката средина, како на глобално така и на регионално и локално ниво. Тоа, од друга страна, предизвика нужност од фундаментални промени во разбирањето, карактерот, содржината и специфичностите на безбедноста.

Денес, во рамките на доминантните позитивни тенденции во меѓународните односи се забележуваат и искуства и резултати во развивањето на довербата и соработката, се прошируваат и се продлабочуваат процесите на европската и евроатлантската интеграција. Во Европа се продлабочуваат интеграциските процеси, што се изразува низ изградбата на нов институционален механизам на Европската унија. Се оформува општополитичко, економско, социјално и правно пространство. Веќе е постигнат консензус по прашањата за неопходноста од изградба на општа европска политика за безбедност и одбрана, во таа смисла и на европски воени можности со зачувување на евро-атлантската врска и со интеракција меѓу Европската унија и НАТО.

Наспроти овие позитивни процеси се забележува и тенденција за расподелување на сфери на политичко и економско влијание. Истовремено, со формирањето на моќни политички и економски региони се оформија и такви кои се со нестабилна политичко-социјална и воено-стратешка средина и ниско ниво на економски развој. Во послабо развиените држави - земјите во развој, големите разлики во животниот стандард создадоа претпоставки за социјални тензии и незадоволство. Тие претпоставки дополнително се зајакнаа од нараснатата улога на религиозниот и етничкиот фактор. Истовремено се зголемија и ризиците за внатрешни кризи и дестабилизирање на одделни држави и региони.

Се појавија нови нетрадиционални ризици и асиметрични закани по безбедноста, како: меѓународен тероризам и организиран криминал, етнички и религиозни противречности, нелегална трговија и распространување на оружје и технологии за нивно производство, бегалски и емиграциски проблеми, закани по информатичките системи, трговија на наркотици и бело робје, еко-

лошки закани, природни непогоди, големи индустриски хаварии и катастрофи, трансграничен пренос на инфективни и епидемиолошки заразни и на токсични контаминации. Сведоци сме дека се „разбудија" досега скриени или тлеечки процеси кои предизвикаа мноштво од локални кризи, етничко-религиозни и територијални спорови.

Безбедноста низ призмата на авторитетите

Во стратегиската концепција на НАТО[1], донесена од страна на државните и владини раководства на земјите - членки, на средбата во Вашингтон 1999 година, втемелени се новите разбирања за карактерот на ризиците и заканите по безбедноста. Се посочува дека, за разлика од минатото, сега, постојните ризици кои можат да предизвикаат кризни ситуации се многубројни и разновидни и заради тоа тешки за предвидување и оценување. Истовремено, се смета дека за сметка на намалената опасност од агресија врз териториите на сојузниците, зголемени се потенцијалните причини за никнување на кризи како резултат на сериозни економски, социјални и политички проблеми и потешкотии, вклучувајќи ги тука и етничките немири и територијалните спорови. Се смета дека е можно напрегнатоста во некои региони да доведе до кризи и вооружени конфликти кои би можеле да се распространат во земјите од НАТО и да имаат директно влијание или ефект врз нивната безбедност. Егзистираат и ризици од поширок карактер, вклучително и нарушувањето на снабденоста со суровини неопходни за живот, распространетоста на оружјата за масовно уништување, појавата на терористички акции, саботажи и др. Сојузниците на НАТО констатираат дека, за сметка на значително намалениот ризик од голем конфликт во Европа, се појавуваат многу поголеми ризици од појава на различни и веројатно не големи по размер кризи и конфликти од меѓудржавен или внатрешен карактер за кои е неопходна брза реакција. Од таа причина, нивната еволуција условно ја разгледуваат како две заемно поврзани состојби – воена опасност и воена закана.

Од аспект на предизивците и опасностите за периодот пред нас интересен е и извештајот на ЦИА, изготвен заедно со независни истражувачки институти, а којшто содржи прогнози за развојот на светот до 2015 година.[2] Извештајот го карактеризираат оценки во кои, меѓу другото, а спротивно на денешните политички ветувања, Балканот е сред регионите на идните конфликти. Според извештајот, авторитетот на државите кон 2015 година ќе започне да избледнува и за власт ќе се борат „недржавни актери". Во таа смисла на прво место се посочени терористички групации кои, со најсовршени технички средства, ќе оперираат во светски размер. Во тесна врска со тоа е и посочената регионална

[1] NATO Handbook, The Strategic Concept of the Alliance, p.42, NATO Office of information and Press, Brussels, 2001.

[2] Извештај на ЦИА, "Глобални тенденции 2015", http://www.expert-bdd.com/broi1/11-cia.html

нестабилност и нерамномерниот развој, појавата и изострувањето на конфликтите со етничка и религиозна генеза, како и глобализацијата на организираниот криминал.

Авторитетен поглед е содржан и во Извештајот на Експертската група на високо ниво[3], формирана од генералниот секретар на ООН, за прашањата на заканите, предизвиците и промените со цел да изнајде и да излезе со нови идеи за политиката и институциите, неопходни на ООН за нејзино ефективно функционирање во XXI век. Во Извештајот се посочува дека „живееме во свет на нови и развојни закани кои не можело да бидат предвидени во моментот на создавањето на ООН во 1945 година – закани како што се нуклеарниот тероризам и колапсот на државноста од ѓаволската инфузија на бедноста, болестите и граѓанските војни". Според Извештајот на Експертската група, „во денешниот свет заканата насочена кон еден е закана за сите. Глобализацијата потсетува на тоа дека еден сериозен терористички напад каде и да било во индустрискиот свет ќе има последици на опустошеност за просперитетот на милиони во светот во развој. Секој поединец од 700. милиони патници на меѓународните авиолинии кои секојдневно патуваат може да биде ненамерен носител на смртоносна инфекциска болест. А ослабната државност каде и да било во светот ја ослабнува заштитата на секоја земја, наспроти таквите транснационални закани како што се тероризмот и организираниот криминал. Секоја држава има потреба од меѓународна соработка за својата безбедност". Како резиме на Извештајот произлегува дека постојат шест групи на закани со кои светот треба да се справува и денес но и во следните десетлетија: војни меѓу државите; насилства внатре во државите, вклучително и граѓанска војна; широкоразмерни нарушувања на човековите права и геноцид; сиромаштија, инфекциски болести и уништување на животната средина; нуклеарни, радиолошки, хемиски и биолошки оружја; тероризам; и транснационален организиран криминал.

Безбедноста на Балканот

Иако фундаменталните и интензивни промени во постсоцијалистичките општества на земјите од Југоисточна Европа се предмет на истражување од различни теоретски позиции и научни дисциплини, тие на Балканот, во областа на воено-политичката средина и националната безбедност, не доведоа до изнаоѓање на лесни решенија.

Во последните петнаесетина години во земјите на Балканот кои се во процес на премин кон демократијата, од основа се изменија внатрешните и надворешните услови за функционирање на општествата, вклучително и условите за функционирање на одбраната и безбедноста на државите. Политичко-економските промени создадоа претпоставки за појава на квалитетно нови односи на Балка-

[3] Организација на Обединетите нации, Оддел на ООН за јавни информации, Посигурниот свет - наша општа одговорност, Извештај на Експертската група на високо ниво за прашањата на заканите, предизвиците и промената, 2004 г.

нот, како по карактер така и по содржина и размер. Намалувањето на веројатноста од избувнување на широкоразмерен воен конфликт на Балканот не значи дека се елиминирани опасностите, туку дека се појавува една нова потреба - во прв план, да бидат согледани новите закани во контекст на општите задачи по прашањето на гаранциите на националната безбедност на секоја одделна земја.

Новонастанатите промени довеоа до измена и во природата и во значењето на дестабилизирачките фактори на ризиците и заканите по безбедноста. Тие можат да бидат групирани по различни основи – по место: внатрешни и надворешни; по карактер: воени и невоени; по време: трајни и времени; по областа на влијание: политички, социјално-економски, информатички, еколошки, демографски, хуманитарни, етно-малцински, религиозни; по степенот на нивното манифестирање и влијание: реални или потенцијални, директни или посредни и др. Ова разграничување е условно, уште повеќе затоа што дел од нив се појавуваат комбинирано, на пример, како што е случајот со внатрешните и невоените, трајните и индиректните и др. Во некои случаи нивното комбинирано и едновремено дејство дополнително може да ја усложни и дестабилизира состојбата и тоа не само во национален, туку и во меѓународен размер. Сепак, во сегашниот историски момент за воено-политичката состојба карактеристична е, пред сè, појавата на внатрешни, а не на меѓународни конфликти.

Заканите и ризиците произлезени од исклучително сложените конфликти и кризи на просторите на Балканот треба да се согледуваат со повеќе параметри од внатрешен и надворешен аспект. Не помалку важно е тие да се разгледуваат и анализираат и како наследени, предизвикани и проектирани со определена цел и причини од различни политички или други општествени организации и структури и самоорганизирани групи кои поаѓаат од свои политички, економски, правни, национални, историски, верски, воени и други аспекти. Затоа, тие имаат значајна тежина во создавањето на наведените причини од кои што ќе зависат и идните односи не само во соодветната држава, туку и во регионот.

Иако карактеристични за средината и втората половина на 90-тите години од минатиот век, денес и натаму на Балканот остануваат да егзистираат редица предизвици по регионалната и меѓународната безбедност: развојот на „горливи“ или создавањето претпоставки за идни конфликти на просторот на Западен Балкан; присуството на регионални дисбаланси во областа на конвенционалните вооружени сили; проблемите поврзани со присуството на големото количество оружје (вклучително и присуството на нелегално мало и лесно оружје) и процесите на разоружување и контрола. Останува актуелна можноста од појава на ограничени регионални конфликти, од дејства на вооружени паравоени и партизански формации, како и од пројави на тероризам и екстремизам. Тие форми на насилства се покажаа, а и

натаму остануваат да бидат основна закана за националната безбедност на државите од Балканот.

За регионот предизвик е и сè уште нејасната судбина или попрецизно неопределеноста на конечниот статус на Косово кој, повеќе од сигурно, ќе се остварува во еден подолг период и етапно и кон кој, сакале или не, земјите од регионот мораат да имаат динамично активен однос, како придонес во изградбата и донесувањето на конечните ставови и одлуките на меѓународната заедница. Сè уште суштествуваат проблеми во односите меѓу Грција и Турција, како и кипарскиот проблем за кој не се најде решение во текот на минатиот четврт век.

Треба да се има предвид дека и проблемите во другите области на безбедноста – економијата, трговијата, екологијата, правата на човекот – можат да рефлектираат и значително да ги усложнат проблемите пред воената и внатрешната безбедност. Не треба да се исклучи ни, на пример, веројатноста дека тивката, но со зголемена брзина, конкуренција по основ на инфраструктурни проекти меѓу различни земји во регионот може да вроди и продлабочи недоверба меѓу одделни држави. Сето тоа посочува на потребата од внимателно проценување на развојот на процесите за да не се дозволи затворање на регионот „во себе“.

На внатрешно-државен план во одделни земји се појавуваат нови опасности кои произлегуваат од недоследностите или искривеното разбирање и практикување на штотуку започнатите процеси на демократизацијата на општеството. Имено, во моментот на привиден триумф, во одделни држави, од една страна, се јавува проблем на немање еден политички ред којшто почива на цврст консензус, а од друга, се создава идеализирана слика на хармонична демократија која, реално, во моментов не може да се достигне. Така, демократијата од процес на сопствен развој и на премин на државата и општеството кон нова политичко-економска ориентација и практика кои реално ќе осигураат објективна слобода, правна сигурност и други животни вредности, се преобразува во опасност од завладување на идеолошка неправда која се обидува да биде оправдување сама за себе. И уште покритично за безбедноста, во некои од земјите на Западен Балкан сè уште е присутна практиката од страна на новопојавените политички амбициозни елити кои, немајќи конкретни визии и решенија за горливите економски и социјални проблеми, а за да останат на власт или да ја добијат довербата на определен електорат, посегнуваат по привлечноста на национализмот и разгорувањето на националистички чувства. Во тој контекст треба да се стават и партиската организираност по чисто етничко-национална основа, коалициите на етникуми и тежнението за задоволување на колективните (пред сè, партисковладејачки), а запоставувајќи ги индивидуалните политички, економски, правни, социјални и други права и слободи на граѓанинот.

Растечка загриженост предизвикува и појавата на организираниот криминал, како во национални рамки така и во рамките на меѓуна-

родната криминална мрежа, поврзувањето на криминалните структури со корумпираните чиновници, распространувањето на сивата економија и другите дезинтеграциски тенденции кои ја влошуваат внатрешната безбедност на редица држави во транзиција и ги загрозуваат новите демократски институции и во зародиш пазарните односи во економијата. Истовремено, зајакнувањето на нелегалната трговија со дрога и луѓе, шверцот на стоки и друго, создаваат непосредни закани не само за државите во транзиција и во регионот, туку и за Европа.

Политиката за безбедност и одбрана

Националните вредности и интереси се основните критериуми при формулирањето и спроведувањето на сеопфатната државна политика. Државата ја гарантира својата безбедност реализирајќи ги националните интереси, цели и приоритети. Таа ги остварува своите национални интереси во согласност со прифатените општочовечки вредности, принципите на меѓународното право и праведноста.

Денес, во постојната политичка и стратегиска ситуација во Европа, зачувувањето на мирот и одвраќањето на војната повеќе отсекогаш зависат од ефективноста на превентивната дипломатија и успешното регулирање на кризи кои се однесуваат на безбедноста. Заради тоа, политичките, економските, социјалните и еколошките компоненти на стабилноста и безбедноста во однос на воените потенцијали придобиваат се поголемо значење. Во тој контекст и политиката за безбедност и одбрана поприма нови карактеристики и кавалитетно нови вредности. Сега, во демократски услови, гарантирањето на оптимално висок степен на безбедност и одбрана, се разбира, како комплексен процес не само на министерствата за одбрана, туку и на редица други министерства и државни институции преку кои државата ги остварува функциите во врска со гарантирањето на висок степен на националната безбедност и одбрана.

Во таа смисла, покрај изградбата на соодветни безбедносни системи и структури, посебно внимание заслужуваат: надворешно-политичкото гарантирање на безбедноста преку националната дипломатија и обезбедувањето соодветна надворешно-политичка средина на поддршка за сопствената земја; научно-технолошкото, економското, правното, културното и ресурното обезбедување на националната безбедност како конкурентна способност, надежна стабилност и просперитет на земјата; истражувачките и развојни дејности во областа на технологиите на безбедноста и одбраната и дејности во одбранбената индустрија кои создаваат капацитети на институциите од секторот за безбедност за исполнување на нивните функции; управувањето и контролата на процесот на гарантирање на оптимално висок степен на национална безбедност, засновани на демократски и граѓански принципи со основни карактеристики на транспарентност, отчетност и приспособливост.

Во новата современа средина безбедноста постанува неделива. Во практиката се потврдува дека безбедноста на една земја не е можна за сметка на други држави затоа што отсуството на безбедноста во една држава неизбежно пораѓа отсуство на безбедност во други држави. Денес е тешко или речиси невозможно самостојно постигнување на безбедност на државите. Затоа, кога станува збор за соодветноста на националната политика за безбедност, треба да се има предвид дека таа има повеќе потреба од многустрани приоди кои не исклучуваат региони и држави. Тоа, од друга страна, претпоставува и дека државите имаат потреба од изградба на потполн инструментариум од способности за постигнување на безбедноста, посебно затоа што повеќето од тие способности можат да бидат презентирани од сојузниците и партнерите. Оттука, како неизбежност се јавува потребата од постигнување на безбедноста со интегрирање во рамките на сојузничка политика за безбедност.

Неопходност од остварување на безбедноста во коалиционен формат

Во наведениот контекст може да се постави прашањето дека на тој начин се создава одреден степен на денационализација на политиката за безбедност при што се преминува од национална кон општа политика за безбедност, а националниот суверенитет, како непрекосновен фактор доаѓа во колизија со мешањето во внатрешните работи на државите. Тоа, сепак, е конзервативно гледање на националниот суверенитет. Не може да опстојува противречност меѓу принципот на немешање и неопходноста, веќе призната и прифатена од повеќе држави, од превентивни и претпазливи дејства во регионите и реоните коишто се потенцијални извори на закани. Затоа решението треба да се бара низ членството во колективните системи за безбедност и одбрана и земјата да се приближува и постанува составен дел од евроатлантската безбедност, а не да се изградува безбедност на одделни држави во светската заедница.

Главен услов за реализација на националните интереси е напуштањето на застарените разбирања дека една земја може сама да ги решава своите внатрешни политички, економски и социјални проблеми, како и сама да ги уредува своите односи со други држави и заедници, независно од целите, позицијата и интересите на трети земји. Гаранциите за безбедноста на земјата се зацврстуваат низ реализација на иницијативи за зајакнување на воено-политичката доверба во регионот и со посредство на интеграција и активна партиципација во евроатлантските структури за безбедност и одбрана. Имено, денешната идеологија и моделот на подготовка на земјата за одбрана се нераздвојно поврзани со основните национални приоритети, дел од кои се интеграцијата во евроатлантските системи за безбедност и одбрана (ЕУ и НАТО). Само на тој начин одбраната на земјата ќе биде соодветна на изменетата воено-стратегиска средина и ќе може да ја гарантира безбедноста на своите граѓани.

Процесот на присоединување кон НАТО и ЕУ има позитивно влијание врз безбедноста на земјата. Но само полноправното членство на земјата во нив ќе доведе до целосните гаранции. Истовремено, активностите на планот за изградба на мирот во регионот и консолидацијата на европската идентичност во областа на безбедноста и одбраната, како практика на надворешната политика, е најважниот елемент на стратегијата за превентивна заштита на сопствените интереси. Затоа секоја европска држава својата национална безбедност мора да ја разгледува во директна врска со регионалната и европската безбедност, а една од главните цели во областа на одбраната да и биде присоединувањето кон меѓународните организации за безбедност и колективна одбрана и учество во нивната дејност.

Денес, повеќе од кога и да е, интеграцијата во европските и евроатлантските структури е основна гаранција за националната безбедност на една земја, како што, исто така, е и за регионалната и европската безбедност. Истовремено, се покажува како нужно и неопходно дека една земја може да придонесува за мирот и стабилноста во светот, ако на своите вооружени сили и на одделни нивни формации не им дефинира и доделува само задачи од национален, туку и од меѓународен, односно коалиционен размер, како: учество со борбени единици во мултинационални воени состави и извршување на национални обврски кои произлегуваат од соодветните меѓународни договори; одржување во готовност состави, односно контингенти и средства кои, соодветно на можностите на земјата, се подготвени и ќе бидат ставени на располагање за опредметување на меѓународните усилби за одвраќање на конфликти и реагирање на кризи и за учество во операции за поддршка на мирот; учество во хуманитарни и спасувачки операции надвор од територијата на земјата; реализација на програми на меѓународна воена соработка со цел да се даде придонес во проширувањето на мерките за зацврстување на довербата и безбедноста, во подобрувањето на билатералните и мултилатералните односи во воената област и воено-професионалната размена.

Од аспект на воено-политичката ситуација, военото планирање, освен за одвраќање на агресијата и за управување со кризи на национално ниво, денес неминовно се насочува и кон учеството во меѓународните иницијативи за поддршка на мирот и совладување на конфликти. Во таа смисла соработката, како еден од основните инструменти за гарантирање на националната безбедност е решавачки фактор во процесот на утврдување на новата политичка филозофија во односите меѓу државите. Содејството со останатите држави и меѓународните организации се базира на националните интереси и на основните надворешно-политички приоритети на земјата. Во таа смисла и натаму е актуелна „безбедноста на базата на соработка“ која доби популарност при крајот на студената војна.

Експертите, кои го истражуваат овој проблем, се единствени околу

ставот дека безбедноста на базата на соработка претставува меѓудржавна дејност која се остварува со цел намалување на веројатноста од појава на војна или намалување на последиците од војна и дека таа не е насочена против конкретна држава или група држави. Тоа е дејност насочена кон подобрување на животната средина на државите. Методите на политиката кои имаат за цел постигнување на таков тип на безбедност се: консултации наместо конфронтација, убедување наместо закани, транспарентност наместо тајност, одвраќање и превенција наместо поправање, како и реципроцитет наместо еднострани дејства.

За да биде полезен и ефикасен, системот за безбедност на базата на соработка ,треба да биде свртен, како нанадвор така и навнатре. Покрај тоа, тој во себе треба да вклучува и две дополнителни димензии: концепција за индивидуална безбедност и активно зацврстување и распространување на безбедноста.

Денес, концепцијата за индивидуална безбедност е јадро на секој активен систем на меѓународната безбедност во чија основа се демократските цели. Вестфалската концепција, за апсолутно право на државата да дејствува на својата територија така како што ќе одлучи, веќе не е прифатлива ниту за демократските држави ниту за такви меѓународни организации како што се ООН. Концепцијата за државниот суверенитет не може да се разгледува како параван зад кој масовно се нарушува безбедноста на личноста. Активното зацврстување и распространување на стабилноста врз територии кои и припаѓаат на зоната на безбедност на базата на соработка постанува неизбежност од причини што нестабилноста и конфликтите на тие територии можат да претставуваат закана за земјите учеснички во системот за безбедност на базата на соработка. Ако сме согласни со претходно предложеното разбирање за системот за безбедност на базата на соработка, ќе видиме дека единствениот активен модел на таков систем е НАТО.

Abstract

The actual and potential security risks and threats at the end of the last and the beginning of the present century have brought up the issue of the battle against them as fundamental task of governmental institutions. Today, it is important for the Balkan region, for Europe and for the international community that the military political situation is stabilized and that progress is made regarding all democratic standards, which will contribute to the elimination of potential sources of crises.

Common efforts and actions are needed for tackling the global and asymmetric menaces and challenges. On the other hand, it is obvious that the worldwide dynamic development calls for an instant change in national security concepts and military doctrine in the Balkan countries. A new approach

to the present risks and threats is indispensable. Security cannot be granted by military means only, but requires the implementation and performance of a wide range of political, economic, military, diplomatic, informational and other measures. In this task, partnership is the key to building and strengthening of confidence, relations, goals and values.

It is for these reasons that small states have to focus their efforts on solving their security and stability problems by integration into the international organizations UNO, EU, NATO. Blocking this process would indicate the most unacceptable risk for national security.

Етичките проблеми на современото општество и начинот на досегање на неговата безбедност

Дејан Донев

Денес на сите полиња имаме голем напредок, особено техничко-технолошки. Заради тој прогрес оваа епоха има многу важни карактеристики. Таа, пред сè, е ера на науката, ера на информацијата, постиндустриска ера и ера на глобализацијата. Но, истовремено, во оваа епоха има многу комплексни проблеми на човечката опстојба кои бараат итно разрешување. Станува збор за нуспроизводи на развојот, од човечкото невнимателно дејствување, од негрижливиот однос кон сè што постои. Денес е разурнато основното јадро на општеството - семејството, разнишани се општествените односи, изместени се позитивните социјални параметри, во економијата доминира идејата за индивидуален профит, заради личните интереси политиката е раздвоена од етиката и економијата, луѓето ја уништуваат природата... Сведоци сме, но и учесници, на мигот на човечкото соочување со круцијалните проблеми на опстанокот, кои делумно се јавија како натрупан и нерешен багаж од индолентниот и егоистичен однос на претходните генерации, а делумно како духовна и етичка реакција на денешните односи во природата, во семејството, во општеството, во медицината, во техниката...[1]

Прашањето, кое извира од современите нужности, е: Дали современото општество, човештвото во целост, ќе проживее, ќе се извлече? Опсегот и суштината на проблемите на современото човештво навистина се големи. Има доволно индикатори за алармантноста и константноста на бројните денешни болести речиси во секоја област. Една од тие мошне сериозни појави е моралната криза. Моралот е битен дел на секое човечко живеење, на секоја цивилизација. Ако е болен моралот, какви се последиците за цивилизацијата, за човекот, за општеството? Тоа се тешките прашања кои денес се поставуваат во сите области на човечкото живеење.

Истите се најевидентни од XIX век па наваму. Кон крајот на 60-тите и на почетокот на 70-тите година на XX век, се појавија силни предупредувачки знаци од проблемите на развојот, кои, како пандан, побараа зголемен ангажман на човечката етика. Неограниченият развој нега-

[1] Можеби најдобар пример за овој вид однесување е изјавата на францускиот крал Луј XV, кој направил разнебитување и осиромашување на Франција, а на забелешката дека тоа е лошо, рекол: После мене нека биде потоп!

тивно се одрази врз светот во кој живееме, врз природата што не опкружува. Современиот човек-моќник станува се повеќе свесен за тоа дека може да го разори светот - единствениот чамец за сите, заедничкиот дом на луѓето. Затоа, пред неколку децении започна да се зборува за етичката криза како најголем проблем на денешницата, но сепак, сегментирано, само во некои подрачја на животот: во екологијата, во економијата, во политиката... Загрижувачки е што сè уште е жива идејата за етичка криза, во која современиот човек ги уочи општите морални проблеми, но нив и понатаму настојува да ги ограничи само на неколку подрачја во животот: бизнис, политика, лични доживувања, социјални односи... Меѓутоа, факт е дека моралната криза е присутна и во животот на поединецот и општо во општеството. Само се ограничува вниманието на поединецот и на човечките групи од универзалната одговорност.

Ако поопсежно и со поголема концентрираност ги опсервираме состојбите во кои се наоѓа севкупното човештво, може да заклучиме дека денес живееме во свет исполнет со конвулзии, страв, трепет, со неизвесност за иднината и егзистенцијата на просторот на кој живееме. Резултатот од навидум несвесните негативни дејства и процеси кои ги правевме и сè уште ги правиме е дека тие иреверзибилно имаат огромен негативен ефект. Во еден свет, во кој процесите на глобализацијата, новиот светски поредок, напредокот на науката и на технологијата... имаат парола „За подобро човештво“, ние, всушност, се дотуркуваме себеси до работ на опстанокот. Како се случи со развојот, всушност, да го загрозиме опстанокот? Тоа е така затоа што ние не успеваме да просудуваме и одбираме според критериумите на доброто, исправното, моралното, наспроти злото. Кога ќе се јави проблем, ние размислуваме небаре не припаѓаме на овој свет.[2] Овие проблеми се иницирани од несигурноста, особено од нестабилноста и неспособноста да си признаеме дека ние не го разбираме овој свет кој страсно граба кон напредокот. Истовремено, факт е дека, во условите кога човештвото се труди, откако ги осозна страшните проблеми, да создаде слика за своите големи обврски и да се обедини во грижата за иднината, не сме доволно соединети во разрешувањето на сите појавени негативности. Наместо да се разрешуваат проблемите, ние само ги натрупувавме, со надеж дека времето ќе ги реши, а дотогаш треба само да чекаме да измине овој период, да го „протуркаме животот“. Така дојдовме до „крстопат“ - кога или ќе ги решиме проблемите и ќе опстанеме, а подоцна и ќе ги подобриме состојбите, или едноставно ќе не нема. Факт е дека обидите да се разрешат нараснатите проблеми се јавија како напори на човештвото да се спаси и опстане. Но тоа е првата грешка во современото живеење. Имено, развојот се прифати како совршена можност да ги разрешиме постојните проблеми, како пат за подобрување на животот, а од друга

[2] Тоа е уште попознато како “обид на нојот да го разреши проблемот“. Имено, кога нојот се наоѓа во опасност, пред некој проблем, тој само ја става главата во песокот и мисли дека со тоа го решил постоењето на проблемот или на опасноста.

страна, се јави спротивност - никој не се осврна на моралниот механизам во одлучувањето при развојот, на последиците на развојот, а особено не на принципот на одговорноста и на вистинските должности при унапредувањето на човештвото, а најмалку на соживотот, на заедништвото на сите луѓе.[3]

Всушност, ние мораме да погледнеме и наназад и да ја научиме лекцијата од нашето минато и сегашнина за да конструираме визија за посакуваното идно општество. Кога Западна Европа го достигна лимитот на религиската цивилизација кон крајот на средниот век, таа пронајде точка на потпора низ ренесансното тврдење: „Да се вратиме кон природата; повторно да ја воспоставиме нашата човечка природа!“ Истото треба да го направиме и ние, пронаоѓајќи точка на потпора за надминување на денешните кризи - а сè повеќе се чини дека тоа треба да биде развивање и учествување во моралната ренесанса во согласност со духот и трендот на нашето време.

Во изведувањето на овој обид треба да го имаме на ум следново.[4] Прво, ние мора да поставиме цел да конституираме едно целосно човечко општество, кое ќе ги почитува човечките суштества како најценети творби, кое ќе гарантира висок квалитет на животот како низ културна така и низ материјална благосостојба, кое ќе осигура еднаков суверенитет на сите земји и слобода на сите луѓе. Второ, ние мора да создадеме човечко општество каде човечките суштества ќе бидат господари на историјата и на цивилизацијата и каде сите нешта креирани од човекот, како материјалните нешта, науката, технологијата, институциите и организациите, мора да бидат наменети за услужување на човештвото. Новите социјални норми на нашето човечко општество во иднина повеќе треба да бидат поставени врз културното гледање на историјата отколку на природните норми извлечени од логиката на моќта и поставени врз законот на џунглата. Трето, реафирмирајќи се дека сме членови на една човечка фамилија, мораме да ги отфрлиме ексклузивниот национализам и случајната соработка за заеднички бенефиции меѓу нациите - со цел да достигнеме иницијален светски поредок заснован врз системот на регионални кооперативни општества (РЦС), за кои сите треба да се застапуваме (денес има неколку примери на регионални кооперативни заедници во разни делови на светот; добри примери се ЕУ во Европа, АПЕК во азиско-пацифичкиот регион, како и АСЕАН во Јужна Азија). Ваквиот животно-способен систем на РЦС ќе донесе регионален мир и просперитет. Четврто, откако ќе се постигне светски поредок базиран врз системот РЦС, ќе мора да преjдеме на конструирање на глобална кооперативна заедница (ГЦС). Како начин за креирање на вакво посакувано човештво, во 1978 година е иницирана Глобална кооперација за посветло општество (ГЦС), движење за креативно интернационално

[3] За тие проблеми се зборува круцијално во познатото дело на Рихард Висер “Одговорноста во епохата на промените“ (1967) - Richard Wisser: *Odgovornost u mijeni vremena*, Svjetlost, Sarajevo, 1988.

[4] *The Role and the Task of NGO's in the 21st Century*, Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997 <http://www.gcs-ngo.org/gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.

поврзување на луѓето и нациите. Трендот на нашето време е цврсто поставен кон глобализација, демократизација, хуманизација и кон општа благосостојба (утилитаризам), а човечката заедница рапидно станува транснационална, интеркултурна и „без граници“. Според тоа, ние живееме во интер-културна, речиси во глобална заедница, а сигурно со заедничка судбина. По етапата на глобална соработка, ќе треба да создадеме глобално, заедничко општество, кое колективно ќе ја изразува суверената волја на сите нации и на сите нејзини припадници. Конечно, глобалното, заедничко општество е ново човечко општество кое ние треба да го имаме во иднина како најпосакувано општество, кое може да се нарече „Oughtopia“ („Нужнотопија“). Ние мораме критички да размислиме за грешките од човечката историја со цел да го запреме бесцелното насочување и да го доведеме до крај убивањето и уништувањето предизвикано од недоверливоста и меѓусебната омраза. Нужнотописките општество поставува три цели во намерата за конструирање на ново човечко општество: убаво духовно општество, обилно материјално општество, како и човечко вредно, корисно општество. Тоа е посакувано општество кое мора да биде добро како што мора да биде и функционално за човештвото.

Во едно такво општество повеќе нема да „виси“ над глава потребата и стравот за зачувување на сопствените национални граници, императивот од заштита и почитување на соседските и останатите граници во светот. Во еден таков амбиент ќе бидат промовирани и ќе се следат сосема поинакви вредности од оние кои биле и сè уште се застапуваат, вредности кои се лекција од минатото и клуч за натамошниот развој на човештвото. Се работи за новата дефиниција на *мирот*, но не како состојба на отсуство од војна; потоа *ненасилството*, *толеранцијата* и *дијалогот* како клучни за меѓусебниот соживот на луѓето; *соработката* која ќе се промовира како основна во комуникациите и напредокот; како и *љубовта* како каментемелникот во изградбата на овој тип на општество. Сето ова, без разлика дали се нарекува мондијализација или универзализација, е опфатено и е започнато да се реализира преку проектот на УНЕСКО наречен „Универзална етика“. Пролетта 1998 година за првпат од страна на УНЕСКО е објавен извештај кој беше изработен врз основа на филозофските оправдувања и мултидисциплинарни истражувања во таа област.[5] Истиот ја изразува логиката на еден свет кој е свесен за нужноста од заедничка егзистенција и од мирно човечко однесување, со цел натамошен опстанок на човештвото и на животот на земјата. Заклучокот е дека само во подобрена релација на пријателство, почитување, соработка, солидарност, партнерство, заедништво..., здруженото човештво може да одговори на посочените проблеми и предизвиците кои ги носи иднината.[6] Во такви услови, најпрво, може да се постигне посакуваната национална, а потоа следствено и светска безбедност.

[5] *The Universal Ethical Project*, Division of Philosophy and Ethics, UNESCO <http://www.unesco.org>.

[6] Денес за овие проблеми се говори многу. Меѓу најзначајните идеи се заложбите и погледите на германскиот етичар и теолог Ханс Кинг и неговиот проект за Глобална етика.

Abstract

Today in all fields we have a big development, specially technical and technological. But in the same time, this era have very complex problems of human existence which needs an urgent resolving. One of these serious problems is moral crisis.

The moral is an important part of each human living, on every civilization. The modern human becomes more and more consciousness that he can destroy the world - the boat for all, the common home of the people. That's why if we want to construct a vision for desirable future society (world of living), we have to look back in the past and to learn from our history. We must take a part; participate in the development of the moral renaissance according with the spirit and trend of our time.

The new vision is about the global, common society, a new kind of human society which can be called "Oughtopia". It is a desirable society which must be good and functional for mankind. In this kind of surrounding will be promoted and followed a different values, learned from the past, another kind of values that are the key for the future. In this kind of society, the fear and need for keeping the own national borders, the imperative of protection on the neighbors and the others borders in the world, will not "hang" over our heads. It is about the logic in a world whose consciousness for the need and of mutual existence and peaceful human behavior is the aim of the future presence of mankind and life on Earth.

The conclusion is: better relation of friendship, respect, cooperation, solidarity, partnership…, the associated mankind may response to the manifested problems and challenges that future brings to us. In these conditions, the so much wanted national and consequently world security may be achieved.

Хавиер Солана - Обединетиот глас на Европа

Марко Трошановски

„Тајната за да бидеш успешен дипломат се состои во две работи: Не создавај непријатели и не поставувај прашања чијшто одговор нема да ти се допадне“

Хавиер Солана[1]

Потрагата по личност која за компаративните и описни цели на овој текст би била негов пандан неизбежно би завршила со неуспех. Несомнено, на современата политичка сцена нема поединец кој во континуитет повеќе од една декада бил толку интензивно присутен и активен, а што е најважно и безрезервно успешен во реализација на својата политичка агенда. Животната приказна на Хавиер Солана зборува за личност со огромен и сестран интелектуален капацитет, чија харизматичност е засенета од посветеноста, цврстината на волјата, тактичноста, одлучноста и дипломатската способност.

Неговиот подем на политичкиот пиедестал е проткаен со постојани успеси. Моментално во него се обединети најзначајните политички функции во Европската унија. Тој е висок претставник за Заедничка надворешна и безбедносна политика (High Representative of the Common Foreign and Security Policy) и генерален секретар на Советот на Европската унија (Council of the European Union) и Западната европска унија (Western European Union - WEU). Определувајќи се за физиката како своја животна професија на која и посветил голем дел од своето образование, уште од својата рана младост почнува со политички ангажмани. На 22-годишна возраст во 1964 година се вклучува во шпанската Социјалистичка работничка партија. Во наредните години освојува место во шпанскиот парламент, а потоа, од 1982 година, учествува во владата на Фелипе Гонзалес, прво како министер за култура, а потоа и за образование и наука. Во 1992 како министер за надворешни работи на Шпанија претседава со Советот на ЕУ и Барселонската конференција.

Тивкиот гладијатор во меѓународната политичка арена-Хавиер Солана, генерален секретар на НАТО

Токму во овој тринаесетгодишен период како министер во владата, енормно порасна репутацијата на Солана како дискретен, некорумпиран и дипломатски политичар. Следствено, започнаа гласини дека тој ќе биде следниот премиер на Шпанија и токму кога сите очекуваа дека тоа и навистина ќе се случи, Солана прејде во арената на меѓународната политика. Неговото назначување за генерален секретар на НАТО предизвика бурни реакции и контроверзи со оглед на критич-

[1] *WAGING MODERN WAR* , General Wesley Clark

киот став кој Солана го имаше кон оваа организација во претходните политички настапи. Главни противаргументи за неговиот избор беа авторскиот памфлет *„50 причи да се каже НЕ на НАТО“*, неговите нескриени симпатии кон Кастро и тоа што Солана беше на американската листа на субверзивци. Сепак, на референдумот на кој се одлучуваше дали Шпанија да остане во НАТО, Солана беше главен пропагандист за атлантската иднина на неговата земја. Пресвртот во своите ставови тој го оправда со тоа што, организацијата ги беше надминала рецидивите и раскрстила со наследството од студената војна. Под водство на Солана и како одговор на новите предизвици, НАТО ја реорганизира својата политичка и воена структура и ги измени своите базични стратегии. Неговиот дипломатски талент дојде целосно до израз во историските успеси кои ги направи во преговорите помеѓу спротивставените интереси на членките на НАТО и земјите што произлегоа од источниот блок. Долгите и исцрпувачки преговори со рускиот министер за надворешни работи Евгениј Примаков во 1997 година, резултираа со Парискиот основачки акт (Paris Foundation Act), кој беше оценет како историско дипломатско достигнување со кое формално се стави крај на непријателството помеѓу Русија и НАТО. Истовремено, се основа и Евроатланскиот партнерски совет кој требаше да ги подобри односите помеѓу европските земји кои беа во НАТО и оние кои сакаа да се вклучат. На крајот, Чешка, Унгарија и Полска станаа НАТО-членки што не можеше да се замисли пред само неколку години. Запрашан од дипломатска гледна точка кои се најголемите предизвици на НАТО во XXI век, Солана ќе рече дека на краток рок тоа е стабилизацијата на балканскиот регион, додека на долг рок тоа е продолжување на напорите во одржувањето и зајакнувањето на безбедноста на европскиот континент.

Балкански мировник

Формално, генералниот секретар на НАТО има министерска улога, пренесувајќи инструкции од државите-членки до нивните воени компоненти, но во периодот од 1995 до 1999 година Солана се здоби со невообичаена моќ да донесува воени одлуки во врска со Југославија. Во јануари 1999 година му беше овозможено самиот да ги донесува понатамошните милитаристички одлуки во врска со НАТО-операциите на Балканот односно да одлучи дали ќе има бомбардирање или не. Оваа реалност најдобро ја илустрира и изјавата на Бил Клинтон во врска со почетокот на бомбардирањето на Југославија: „Се согласувам со одлуката на Хавиер Солана да го стори тоа“. Наредбата за почеток, всушност и беше дадена од Солана. Одржувањето на мирот во бивша Југославија се покажа многу потешко и поконтроверзно отколку што се мислеше. Со цел да ја стабилизира побрзо ситуацијата и да го спречи етничкото чистење, Солана донесе одлука за повторно бомбардирање, овојпат, врз Србија и Косово, но сега поради противењето на Русија во Советот за безбедност, нападите не беа одобрени од ОН. Интервенцијата беше оправдувана како хуманитарна

неопходност и од аспект на одговорноста на НАТО да го оддржи мирот во европскиот регион. Ова предизвика лавина критики и сомнежи во идната улога на организацијата на светската сцена. Сепак, резултанта од овие турбулентни искуства беше редефинирање на стратешките определби на НАТО преку усвојувањето на *Новиот стратешки концепт* којшто ја промени и засили базичната дефанзивна природа на организацијата. Суштинските промени беа изразени преку проширување и дефинирање на кризните ситуации во кои НАТО може *„хуманитарно да интервенира“*, но и овластување да спречува и контролира развој на нови кризи. Многумина критичари на ова гледаат како на опасност поради неоимперијалистичките потенцијали кои ги содржи овој концепт. Солана одигра голема улога и во обединувањето на остатоците на Југославија. Со цел да не создаде домино ефект тој не дозволи Црна Гора да добие целосна независност. Новата федерација саркастично беше нарекувана „Соланија“.

Европската безбедност како приоритет

Само два месеца пред истекувањето на неговиот мандат во НАТО, во октомври 1999 година, Солана ја зазеде новосоздадената функција во Европската унија, висок претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика. Поради овластувањата со кои се здоби од европскиот печат беше наречен „цар на европската воена и надворешна политика“. Главен елемент на овој орган е Европската безбедносна и одбранбена политика (European Security and Defence Policy - ESDP), иницира со договорот од Амстердам. Главната идеја е Европа да создаде сопствена армија на долг рок како би можела автономно да се грижи за сопствената безбедност, оттука и намерата беше да се создадат околу 60.000 војници кои би го чинеле корпусот на силите за брза интервенција. Во декември 2003 година, за таа цел беше донесен документот за *Европска безбедносна стратегија* (European Security Strategy) чијшто „архитект“, нормално, беше Солана. Оваа стратегија ги утврди главните приоритети и ги идентификува најголемите закани по безбедноста на ЕУ, вклучувајќи го и тероризмот. Со години оваа област беше запоставена и оставена индивидуално на земјите-членки на Унијата, што и често беше извор на конфликти, а и катастрофално потфрли во обидот да се справи со воените превирања на Балканот. Токму преку овие механизми се овозможува да се одговори ефикасно на современите закани по безбедноста на Европа кои не секогаш доаѓаат од држави, регионални конфликти и фрагилни влади, туку и од недржавни фактори како што се терористичките мрежи, криминалните групи, шверцот на оружје за масовно уништување и сл. Солана е комплетно свесен за потребата ЕУ да им парира на Кина и Индија, џиновите во подем на светската стратешка шаховска табла. Како што ќе рече самиот, „ако сега не се обединиме како Европејци, во иднина историчарите ќе запишат дека времето на ЕУ дојде и си замина“[2]. Ев-

[2] http://ue.eu.int/ueDocs/cms_Data/docs/pressData/en/discours/86523.pdf

ропската безбедносна и одбранбена политика е наменета за Европејците да можат ефикасно да одговорат на современите безбедносни предизвици, а нема намера да го замени НАТО. Ова не подразбира само низа на воени средства туку и цела палета на инструменти за реагирање на комплексните закани како што се: визни бариери, трговски ембарга, инструменти на кризен менаџмент, технолошко надградување и сл. Меѓутоа, главна замерка на Солана до државите членки е тоа што ниедна не сака да ги зголеми своите удели во зедничката одбранбена и безбедносна политика во смисла на проширување на буџетските ставки. Токму заради потребата од поефикасно менаџирање на „Петерсбуршките задачи" се воспостави и Европската одбранбена агенција на чело со Хавиер Солана која воедно треба да ги подобри и зајакне слабите точки на европската одбранбена политика: командата, комуникациите, разузнавањето и контролата на воените контигенти на Унијата". Хавиер Солана сака да создаде Европа која не само што ќе може самата себеси да си ја гарантира сопствената безбедност, туку и Европа која ќе биде способна да дејствува секаде каде што е потребно да се реши или спречи некој конфликт, Европа која ќе се наметне на меѓународната сцена како респектабилен фактор на стабилност и мир.

Европа не е единствена област каде Хавиер Солана ги насочува своите напори. Тој е еден од архитектите на нормализирањето на односите меѓу Израел и Палестина, многу вешто дипломатски маневрираше кога настанаа тензиите помеѓу САД и некои европски држави околу воената интервенција во Ирак, а кумуваше и на низа стабилизациски договори со држави од Латинска Америка и Блискиот Исток, како и во договорот за нуклеарно разоружување на Иран.

Натчовечки напори и успеси на оваа политичка фигура и го донесоа и местото министер за надворешни работи на Унијата која требаше да ја конституира новиот устав. Многумина стравуваа дека тоа е опасна концентрација на политичка моќ во рацете на еден човек, но за тоа допрва ќе видиме. Единствено што сега е јасно е дека долго очекуваниот сон на Хенри Кисинџер да сврти само еден телефонски број кога е во прашање Европа, конечно се остварии.

Abstract

Javier Solana undoubtedly is the most remarkable political figure on the contemporary international political arena. Secretary General of both the European Union and the 10 nation permanent member Western European Union. He also holds the title of the High Representative for the Common Foreign and Security Policy of the EU Both. Being unquestionably devoted to fostering of European common security potentials and negotiating over numerous critical political situations he is number one pacemaker and peacekeeper in the world. Praised by the press as "squarer of circles" he is the fulfillment of Henry Kissinger's long stated wish to have only one phone number to ring up for Europe when things start to go in wrong direction.

Геостратешка тријада
(Живеејќи со Кина, Европа и со Русија)

Ана Чупеска

БЖЕЖИНСКИ, Збигњев, „Геостратешка тријада"; Центар за стратегиски и меѓународни студии, Вашингтон, јануари 2001 година



Во постојната меѓународно-политичка литература, светот е поделен на 9 географски региони: Северна Америка, Западна Европа, Русија, Источна Европа, Кина, Јапонија-Пацифик, Јужна Азија, Латинска Америка, Африка. Тие, често, се сметаат како оперативни региони во рамките на анализите на една друга уште поактуелна светска поделба на т.н. „оска Север-Југ". Северот (Северна Америка, Западна Европа и Јапонија), односно индустриски развиените и богати земји, наспроти, сиромашните земји на Југот (Латинска Америка, Африка, Среден Исток и голем дел од Азија). Третата и конечна поделба на светот, од еден друг аспект, е онаа која се однесува на регионализацијата на светската економија, и тоа се третира како последица на формирањето на економските блокови по лошите искуства во 30-тите (економската криза во САД) и 40-тите (Втората светска војна), а како антитеза на мултилатерализмот .[1]

Феноменот на регионализацијата особено е поврзан со трите познати економски мега-блокови: Европскиот економски простор, САД заедно со неговите сателити, и Јапонија со новоиндустријализираните замји, т.е. Пацификот. Овие три региони, иако многу различни, во 80-тите години на XX век, почнаа да покажуваат паралелни тенденции кон регионализација во приближно ист временски период.

Потенцијалното влијание на новите регионални интеграции врз

[1] M-r..Dejana Gainov" Procesi ekonomske integracije na americkom kontinentu", Naucna Knjiga, Beograd 1997.

мултилатералниот регионален систем навистина е предмет на контроверзи (како што и самиот Бжежински со оваа книга ги предизвика своите европски колеги Тимоти Гартон Еш, Даниел Верент, и др.) Имено, тој овде на многу интересен начин ги поврзува мега-боковиве (а нуди и екстра упатства за својата татковина), притоа ја вклучува и Русија (но не поради нејзиното економско, туку поради нејзиното политичко значење), така што првите две горенаведени поделби на светот се споменати за да го оправдаат влезот на Русија меѓу другите големци.

Во почетокот на 2001 година како своевиден куриозитет, а во одредена смисла и како корекција или дополнување на меѓународнополитичката мисла за регионалниот распоред на моќта во светот и позициите на големите сили во тие рамки, беше публикувана книгата Геостратешката Тријада[2] на познатиот геостратешки мислител Збигњев Бжежински[3] која е предмет на овој приказ. Односите на САД , со Кина, Европа, и со Русија, според авторот, е главната детерминанта на гобалната стабилност на почетокот на XXI век.

Оваа книга, покрај воведот чиј автор е Џон Џеј Хамр, претседател на Центарот за Стратешки и меѓународни студии, е поделена на три поглавја: живеејќи со Кина; живеејќи со Нова Европа и живеејќи со Русија. На крајот од книгата, авторот наведува табели со конкретни показатели во врска со 1. Геополитичките реалности и 2.Стратешките приоритети на САД.

Во првото поглавје, *Живеејќи со Кина,* авторот наведува дека на местото на европската политика, како централен ринг на меѓународните односи, доаѓа евроазиската политика. Со други зборови, тежиштето на меѓународните односи од Европа ќе се трансформира кон Азија. Притоа, Бжежински, исто така, говори дека: - Кина не е ниту меѓународен противник, ниту, пак, срататегиски парнер на САД. Таа нема да прерасне во глобална сила[4], не е директна закана за Америка, ниту, пак, е регионален дестабилизатор. Во меѓународните односи се однесува релативно одговорно. Не е ниту тоталитарен, ниту демократски режим, туку олигархискобирократска диктатура. Кина, не се совпаѓа со универзалните стандарди за човековите права и толерантноста на малцинствата во Тибет. Нејзината економска еволуција се движи во посакуваната насока, но таа нема јасна визија за својата политичка еволуција ниту, пак, за својата улога во меѓународните односи.

Врз основа на овие проценки следуваат и стратешките приоритети за американско - кинеските односи: американскиот централен стратешки интерес треба да е идната ориентација на Кина, а не на Тајван; Односите меѓу САД - Кина - Јапонија се многу интерактивни, исто како реминисцентниот однос

[2] The Geostrategic Triad, The Center for Strategic and International Studies,Washington D.C. January 2001

[3] Збигњев Бжежински, заедно со Хенри Кисинџер се најпознатите светски геостратешки аналитичари кои во одредени моменти имаа и огромна политичка моќ, првиот како советник за национална безбедност на американскиот претседател Џими Картер, а вториов на истата функција кај претседателот Ричард Никсон, кому му беше и државен секретар.

[4] Во меѓувреме, низа светски познати економски експерти меѓу кои нобеловецот Штиглиц предвидуваат дека Кина во наредниот четврт век ќе прерасне во водечка светска економска сила.

САД - Европа - СССР. САД треба да промовираат трилатерален стратегиски дијалог со Кина и Јапонија во врска со безбедноста во Евроазија. ОБСЕ треба да ја вклучи и Азија, додека Г-8 треба да стане Г-9 со вклучување на НР Кина. Главната цел на САД треба да е тоа, Кина да прерасне во исклучително голем партнер во рамките на сè поголемата кооперативност на евроазискиот систем.

Во второто поглавје *Живеејќи со новата Европа*, во фокусот се трансатланските американски сојузи и врски.

Со квалификацијата дека Европа де факто е воен протекторат на САД, излегува, всушност, дека регионите не се поврзуваат територијално туку на вредносна основа. Бжежински смета дека Европејците немаат лични чувства спрема неа, дека на глобалната сцена таа повеќе личи на една зголемена Швајцарија, отколку на Америка. Нејзината интеграција во суштина е бирократска работа, и Унијата треба да се прошири заради демографски и екомомски причини. ЕУ ќе стане нов тип на политички ентитет и има глобално влијание, пред сè економско и финансиско. Предлог-водичот на Бжежински за трансатлантските врски на САД, се следниве: Европа останува природен сојузник на САД; Атлантска Европа е суштински услов за евро-азискиот еквилибриум; одбранбените капацитети на Европа не треба да се опонентни на САД; НАТО и ЕУ треба заеднички да соработуваат во врска со проширувањата; Турција, Кипар, Израел, би можеле да се вклучат и во обата ентитета; не треба да има априорни лимити или ексклузии за членство во НАТО и ЕУ.

Последната глава, *Живеејќи со Русија*, протежира прогресивно вклучување на Русија во проширената трансатлантска заедница, и тоа се смета за неопходна компонента за долгорочна стабилност на евроазискиот мега-континент.

Руската економија, всушност, е една петина од онаа на САД; околу 70 милиони Руси живеат во градови пет пати повеќе загадени од најзагадените места во САД; само 40% од новородените се здрави. На истокот е Кина со популација од околу 1,2 милијарди, на запад ЕУ со 370 милиони, на југ живеат отприлика 300 милиони муслимани. Кинеската економија е 4 пати поголема отколку руската, додека странските инвестиции во Кина се 30 пати поголеми отколку во Русија. Исто така, и ЕУ-економијата е 10 пати покорисна од руската.

Сугестиите по повод американско-руските релации на авторот се: дека лекциите за падот на Отоманското Царство се многу значајни за разбирањето на современите дилеми. Следната генерација на руски лидери може да овозможи создавање на критичка маса потребна за одлучувачки избор во корист на Западот. Поддршката за новосоздадените независни држави ќе помогне за унапредување на историската сопствена редефиниција на Русија. ЕУ и НАТО треба да и предложат на Русија асоцијација, а во меѓувреме проширувањето на НАТО и ЕУ треба да продолжи. Трансконтиненталниот безбедносен дијалог во насока на потесно поврзување на НАТО и Русија, евентуално би можело да ги

зближи двата клучни евроазиски безбедносни триаголника.

Секако, актуелните односи на мега-блоковите, во светската економија и односот на регионализмот и мултилатерализмот се повеќе од суштински за оваа книга. Но, ако во Кантов манир погледнеме на оваа геостратешка тријада, може да поверуваме дека светот се движи во една либерална, мирољубива насока (пример, односот САД-Јапонија). Исто така, сугестијата на Бжежински за отворени НАТО , ЕУ, и ОБСЕ би можела да е корисна, но, доколку тие се оспособат за катализирање на сите културолошки диверзитети (кои де факто се косат со „мирољубивиот" универзализам , чиј татко е „дивиот" запад). Така, може да заклучиме дека подеднакво и регионалната, и светската безбедност, дефинитивно се детерминирани од економските приоритети и поврзувања, (фокусот во книгава се американските економски врски).

Abstract

The "Geostrategic triad" is a reflection on the relationship that USA should make with Europe, China, and Russia. According to the author of this book, Z.Brzezinski, a famous both intellectual and a politician, world stability and security depends on how will the United States of America be successful in managing this relationship. It is also very important point to stress that transfer of power from Europe to Eurasia should be well-defined USA strategy in terms of Eurasian power-connecting links, especially between USA and Japan, as well as of China. Moreover, among USA, Europe and Russia. What we should praise Bzezinski for is that he offers an objective geostratecig schema in this respect.

„Соработка за безбедна иднина“ Регионална безбедносна стратегија за Западниот Балкан
- предлог на мрежата Млади лица на ДЦАФ[1], 2005 година

Вовед

Овој документ беше подготвен од страна на членовите на мрежата Млади лица на DCAF (млади професионалци, НВО активисти, владини претставници и новинари од Југоисточна Европа), кои со заеднички сили во 2005 година дискутираа неколку основни прашања во врска со безбедноста на регионот. Трите конференции, кои се одржаа последователно во Босна и Херцеговина, Женева и Белград, послужија како рамка за целиот процес, кој се пополни преку дискусии преку Интернет како и друга соработка помеѓу членовите на мрежата.

Како производ на дискусија помеѓу прогресивни млади професионалци, ние цврсто веруваме дека сегашниот документ може да послужи како одлична почетна точка за дискусии на официјално ниво, и се надеваме дека многу од нашите сугестии ќе го најдат своето место во безбедносните политики во регионот.

Често употребуваниот термин “регион“ во овој документ се однесува на групата балкански држави кои сè уште не се интегрирани во ЕУ и во НАТО, но кои имаат јасна амбиција за тоа, и кои се интегриран дел во рамката на Процесот за стабилизација и асоцијација.

Извршно резиме

Документот ги отсликува основните премиси на заедничката безбедносна стратегија. Идентификувани се заедничките вредности, закани, интереси и цели на земјите од регионот. Понатаму наведени се веќе постојните иницијативи на регионална соработка. На крајот стратегијата нуди препораки за зајакнување на регионалната безбедносна соработка и тоа пред сè во полето на реформите на безбедносните структури, соработка во полето на менаџирање на кризи и соработка во случаи на елементарни непогоди и епидемии.

[1] Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, www.dcaf.ch; www.dcafyoungfaces.net

Иако регионот е хетероген и со голем број на идентитети, култури и религии, сепак, државите имаат исти надворешно-политички и безбедносни приоритети. Стратегијата се стреми да створи консензус по оние прашања кај кои е јасно дека има потреба од соработка за да се надминат заедничките проблеми и закани, Стратегијата се фокусира на промоција на домашни промени, и иако не може да понуди одговор на сите отворени прашања и проблеми, повикува на надминување на постојните конфликти и нетрпеливости за да се овозможи мир и одржлив развој на државите од регионот.

Државите во регионот се потписнички на многу заеднички мултилатерални акти преку кои можат да се детектираат нивните вредности, а пред сè аспирации. Тие вредности се посветеност на мирот и стабилноста во регионот, прифаќање на принципите на либералната демократија, пазарно ориентирана економија, мултилатерална надворешна политика и почитување на меѓународното право, како и многу заеднички историски и културни белези.

Истовремено државите од регионот се соочуваат со слични или исти закани. Најголем дел од овие закани се заемно поврзани, преку нерешените статусни прашања во регионот, политичката нестабилност, преку граничниот организиран криминал и корупцијата, бавниот економски развој, екстремизмот од секаква провиненција, заканите по животната околина кои се во помала или поголема мера специфични за регионот, па сè до меѓународниот тероризам, пролиферацијата на оружје за масовно уништување и злоупотребата на нови технологии кои се реална закана за секого во новиот глобален свет.

Заедничките интереси и цели на државите од регионот произлегуваат од заедничките фундаментални вредности. Централно место тука има силно артикулираната стратешка определба за членство во ЕУ и НАТО. А додека постојат погенерални интереси, државите од регионот имаат и некои многу специфични заемни интереси. Членството во НАТО е важно како чекор за понатамошен влез во ЕУ, но и само по себе бидејќи на земјите им нуди сигурност и меѓународна признаеност. Покрај овие придобивки, од членството во ЕУ земјите од регионот очекуваат и одреден пораст и развој на економијата.

Помеѓу генералните интереси и цели на сите земји од регионот се вбројуваат и меѓународниот мир и безбедноста, како и регионалниот мир и стабилноста. Доброто владеење, владеењето на правото и силните институции се интереси и вредности на многу земји низ светот, но од голем интерес се за земјите од регионот. Зајакнувањето на цивилното општество и подобрувањето на правата на малцинствата и нивната интеграција во општеството се општоприфатени предуслови за мир и развој. Во галопирачкиот свет на глобализацијата од исклучително значење е да се обезбеди економски развој како и да се има балансирана интеграција во глобалната економија.

Земјите од регионот имаат заеднички специфични интереси да одговорат соодветно на сите реформи во системот на безбедноста, со поставување на цивилна контрола врз вооружените сили, како и со обезбедување на транспарентност и одговорност во тие процеси. Ако воено-полициските сили, и другите безбедносни структури во регионот не се под ефикасна демократска контрола, се става во прашање целиот процес на евроатланските интеграции. Контролата на границите е од исклучително значење за земјите од регионот, како главен предуслов и инструмент во борбата против организираниот криминал и нелегалната миграција.

Во досегашниот развој на регионална соработка, државите од регионот имаат остварено соработка во повеќе полиња. Преку работните маси на Пактот за стабилност, до мултилатералните договори од областа на трговијата, културата, образованието и животната околина, како и преку иницијативите за заедничка воена соработка, континуирано се зајакнува комуникацијата и добрососедските односи.

Мора да се истакне дека е од особено значење да се продлабочи соработката во полето на безбедноста, економијата, заемното разбирање и во областа на правдата и спроведувањето на правото. Безбедноста сè уште е главниот предуслов за стабилност и одржлив развој. Во регионот има голема потреба за иницијативи кои би го зголемиле регионалниот економски развој, пред сè, во подобрувањето на инфраструктурата, но и во приближувањето на стандардите и квалитетите на ЕУ. Заемното разбирање преку подобрување на политичката култура, одговорноста и партиципацијата во политичкиот живот е движечката сила на сите регионални општествени процеси. Целисходноста на регионалната соработка не треба,воопшто, да се става во прашање, посебно кога е очигледна. За да не се повторат трагедиите од минатото, но и за да се спречат сегашните криминални активности, соработката во спроведувањето на правото мора да биде на највисоко ниво, и тоа, пред сè, во смисла на размена на информации, но и практични искуства.

Регионалната безбедносна стратегија, пред сè, се фокусира на заедничките регионални безбедносни прашања. Приоритетите кои таа ги зацртува, пред сè, се во полето на безбедносната соработка, како, на пример, воена, разузнувачка и соработка во полето на правдата и внатрешните работи, понатаму соработка во полето на менаџирање на кризи и превенција, и соработка во случај на елементарни непогоди и превенција од епидемии.

Со самиот процес на глобализација заканите и предизвиците добиваат меѓународна димензија и се појавува потреба од мултидимензионален пристап. Пристапот на демократска контрола е клучен во спроведувањето на домашните, но и во меѓународните норми.

Тргнувајќи од тоа дека армиите се важен фактор во сите земји во регионот, единствен начин да се овозможи заедничка иднина е да се оствари поблиска воена соработка. Врз база на постојните билатерални и мултилатерални договори може да се развијат новите квалитативно подобри односи насочени кон зајакнување на довербата, транспарентност и размена на воени информации. Заедничкото образование во школите на НАТО може да послужи како почетна точка за развивање на понатамошната воена соработка преку рамката на ОБСЕ, SEEBRIG, RACVIAC и други.

Размената на разузнувачки информации треба да биде преку процес на реформи каде што цивилната контрола ќе ја гарантира функционалноста и ефикасноста на таквата постапка. Развојот на заедничка база на податоци и вклучувањето на повеќе општествени актери во овие процеси можат да бидат само гаранција за успешно справување со заканите и безбедносните предизвици во регионот, Европа, па и во целиот свет.

За да се сузбие организираниот криминал потребна е исклучителна регионална соработка во спроведувањето на правото и погенерално, во областа на правдата. Тоа значи дека треба да се интензивира размената на оперативни информации, да се создаде регионална криминалистичка база на податоци, да се организираат меѓународни истражни тимови и да се овозможи потесна соработка помеѓу јавните обвинители во регионот.

Тензијата помеѓу различните полициски единици не мора сосема да исчезне за да се зголеми регионалната соработка. Потребни се нови, регионални инструменти, а можеби и институции за да одговорат на регионалните мрежи на организиран криминал. Во таа смисла сериозно треба да се разгледа предлогот за формирање на БАЛКПОЛ (според принципот на работа на ИНТЕРПОЛ или ЕУРОПОЛ) и интензивирање на соработката на државните лаборатории за ДНК.

Непостоењето на механизми за регионална правна соработка не овозможува ефикасно заокружување на истражните процеси. Со едноставно користење на технологијата којашто стои на располагање треба да се создаде центар за соработка во изработувањето на нацрт-закони, кој може да овозможи и собирање, превод и дистрибуција на постојната регионална легислатива, а понатамошни чекори би биле создавање на регионална база на закони и мрежа на правни експерти.

Географската положба на регионот, заканата од организираниот криминал, како и пролиферацијата на оружје, ја наметнува потребата за поблиска гранична соработка. Тој процес веќе е започнат во Охрид во 2004 година, но за негово подобрување треба да се воведат флексибилни политики на издавање на визи, интегрирана регионална база на податоци на имигранти која ќе биде интегрирана со Шенгенскиот

информативен систем и заеднички оперативни мерки за заштита на границите.

За зајакнување на соработката во областа на менаџирање со кризи потребно е поставување на систем за рано предупредување којшто би бил образуван од регионална мрежа на истражувачки центри, коишто би продуцирале тромесечен аналитички извештај. Понатаму, треба да се разгледаат опциите за регионален панел на шефови на држави и влади којшто би служел како инструмент за превенција од конфликти, но и основање на регионална комисија за помирување, како би се подобрила меѓуетничката доверба и комуникација.

Во однос на подобрувањето на соработката во случаи на елементарни непогоди и превенција од епидемии потребно е да се воспостават процедури за соработка на регионално ниво кои би ја регулирале процедурата на респонзивност во случаи на земјотреси, поплави, невреме и слично. Државите од регионот, исто така треба, да воспостават и заеднички процедури за мониторинг, карантин и превенција на зарази и епидемии. Во оваа смисла заради објективни причини на ограничени ресурси и капацитети, ќе биде полесно да се оствари соодветна национална специјализација преку која корист би имале сите држави од регионот.

Стратетијата за безбедносна соработка, примарно, е наменета за политичките елити од државите во регионот. Преку нивна интензивна комуникација на оваа база на идеи, усвојувањето на регионална стратегија може само да ја забрза и индивидуалната и регионалната интеграција во ЕУ и НАТО. Покрај елитата, стратегијата треба да допре и до јавната администрација која објективно го носи најголемиот товар во процесот на реформи и го трасира патот на идните регионални односи. Но, како круцијален фактор во промените во регионот, и во таа смисла пред сè во остварувањето на досегашниот напредок, Стратегијата е наменета до сите активни чинители во цивилното општество. Новата филозофија на безбедност бара вклучување и акција на најшироките општествени слоеви. Регионалната безбедносна стратегија не може да се оствари ако не е прифатена и поддржана од луѓето коишто живеат во нашиот регион.

Abstract

The proposal for a Regional Security Strategy for the Western Balkans was drafted in 2005 in three consecutive conferences by the DCAF Young Faces Network, group of intellectuals from the SEE countries. It gives an overview of values, threats, interests and objectives common for Western Balkan countries. While it shows the existing regional cooperation activities, it clears the path and proposes new enlighten and progressive instruments and initiatives of security cooperation between the countries in the region.

За авторите

Елена Андреевска, родена 1957 година, професор по Европски студии на ЈИЕ Универзитетот во Тетово и визитинг-професор на Правниот факултет при Универзитетот во Копенханген.

Гордан Георгиев дипломирал/магистрирал на Институтот за политички студии во Париз (IEP) и е магистер по Европски студии на King's College London. Тој работел и на истражувачки проекти во Центарот за проучување на меѓународните односи (CERI) во Париз. Моментно е извршен директор на Форум-центарот за стратегиски истражувања и документација.

Мишо Докмановиќ, роден 1979 година, во моментот е пред одбрана на магистерската теза на тема „Осамостојување на Република Македонија" на постдипломските студии од областа на Државно – правната историја на Македонија на Правниот факултет во Скопје, работи како демонстратор на предметите Историја на правото и Современа европска и македонска историја. Паралено со тоа ги завршува и специјалистичките студии од областа на дипломатијата на Универзитетот во Малта.

Сашо Додевски, роден 1973 година, магистер по меѓународна политика. Магистрирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, каде работи како демонстратор по предметот Меѓународни организации, меѓународно право и меѓународни политички односи - Применета програма.

Дејан Донев, роден 1976 година, демонстратор на Филозофскиот факултет, Катедра за филозофија во Скопје, по предметот Етика во склоп на Институтот за психологија, Институтот за педагогија и Институтот за одбранбени и мировни студии.

Ѓорге Иванов, роден 1960 година, вонреден професор и продекан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Предава Политички теории и Политичка филозофија на политичките студии на Правниот факултет.

Благоја Марковски, роден 1954 година, доктор по Воено политички проблеми на безбедноста. Полковник д-р Марковски е еден од основачите на „Балкански форум за безбедност" со седиште во Софија, Р. Бугарија и претседател на Надзорниот одбор на Форумот.

Кирил Нејков, роден 1977 година во Скопје. Тој е магистер по Меѓународно право на Универзитетот во Кембриџ.

Ана Плечаш, магистрирала по Европски студии на Универзитетот во Бон. Моментално таа е на магистерски студии за Меѓународни односи и дипломатија на Универзитетот "Џон Хопкинс", Болоња и Вашингтон.

Душан Релјиќ, истражувач и член на германскиот Институт за мегународни и безбедносни прашања (SWP), во одделот за надворешни односи на ЕУ. Долгогодишен новинар и уредник во различни медиуми во Германија и Србија. Експерт за мегународни односи и безбедносни прашања поврзани со Западниот Балкан.

Марко Трошановски, роден 1980 година. Постдипломец по Комуникации на ИСППИ. Вработен е во ИДСЦС како проект-менаџер и работи како демонстратор на Политички студии на Правниот факултет во Скопје.

Александар Спасеновски, роден 1980 година, постдипломец по Меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, демонстратор по Политички систем и по Современи политички системи на истиот факултет.

Ана Чупеска, родена 1981 година, постдипломец на Меѓународна политика на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, демонстратор по предметот Политичка социологија, координатор за прва година на Политички студии и координатор на проектот „Поинаку за политиката".